СПИСАНИЕ ЗА КНИЖЕВНОСТ, УМЕТНОСТ И КУЛТУРА

РАСТ

Број 23/ 2021

РАСТ

Списание за книжевност, уметност и култура

Број 23

Р А С Т

СПИСАНИЕ ЗА КНИЖЕВНОСТ, УМЕТНОСТ И КУЛТУРА

Издавач:
Битолски книжевен круг – Битола

За издавачот
Елизабета Јончиќ, претседател

Редакција:
проф. д-р Даниела Андоновска-Трајковска,
главен и одговорен уредник
Елизабета Јончиќ, уредник
Милица Димитријовска-Радевска, уредник

Мислењата што се изразени во „Раст“ им припаѓаат на авторите и не ги одразуваат ставовите на редакцијата и на Битолскиот книжевен круг-Битола.

ISSN 1409 – 9330
УДК 82+7+008
Број 23
Битола, октомври 2021 г.

Е-маил:
rastbkk@gmail.com

Списанието „Раст“ излегува со финансиска поддршка на Министерството за култура на Република Северна Македонија

РАСТ – списание за книжевност, уметност и култура 23/2021

GROWTH

JOURNAL OF LITERATURE, ART AND CULTURE

No. 23

GROWTH

JOURNAL OF LITERATURE, ART AND CULTURE

Publisher:
Association of Writers “Bitola Literary Circle” - Bitola

About the publisher:
Elizabeta Jonchikj, president

Editorial:
Full prof. d-r Daniela Andonovska-Trajkovska, editor in chief,
Elizabeta Jonchikj, editor
Milica Dimitrijovska-Radevska, editor

Opinions and views expressed in „Growth“ belong to the authors and do not reflect the views of the Editorial board,the Publisher or the Ministry of Culture of Republic of North Macedonia

ISSN 1409 – 9330
UDC 82+7+008
Vol. 23
Bitola, October 2021 г.

E-mail:
rastbkk@gmail.com

This issue of the Journal is financially supported by the Ministry of Culture of Republic of North Macedonia

ПОЕЗИЈА

Радован П. ЦВЕТКОВСКИ

УДК 821.163.3-1

До мојот пријател сликар

Пријателу, те сонував пак...
Ти трепери моливот боја;
Нешто во тебе се крши
И тој бавно се влече
И непотребно длаби
Без да сакаш ти.

Нема ведрина сега...
Сѐ е есен како лани пак.
Како сѐ да е задоцнет лаеж од пес,
Среде глува папсана ноќ
Да не чуе никој, дури ни јас.
Со кого да го делам катот и зборот
Ако не со тебе.

МИ СЕ ТРКАЛАШ ВО ЗБОРОТ

Ти затвораш порта
а јас како на прозорец
те гледам дека го кршиш денот
и прострелуваш со очите
патем до пред завојот.
Тоа е само миг
на завртување наназад
во изгревот на огнот
од глетката во мене
преку преслапот на ридот.

И тогаш го повјасуваш одот
како зад завеса од некоја сцена
и се тркалаш заедно со зборот
меко што ми залегнува во мислата
како тогаш-ах, каква убавина
оти ете така замина од Битола.

До кај дојдов по тебе

1.Уште идам по тебе
Ноќеска зависта на прозорец
меѓу надворешната и внатрешната пола
сосе тебе онака во некаков отслик во мене
она што сакам да е мое
поминува во набори од мисли
напати кога како од препиено
недозреано вино да се будам од сон во сон.
Види бре, и во сонот до кај дојдов по тебе!
Ај, усвет нека фати, кога и тоа било сон.
Некоја безнадежност за враќање назад
во она мене што ме држи на штрек.
Во помислата што потоа? Што?
На која страна да се вјаса
во друг сон, дај ми време, да заспијам пак

Лидија ДИМКОВСКА

УДК 821.163.3-1

Куќата што се распаѓа

треба што побрзо да се еутанизира,
да ѝ се исклучат водата, струјата, гасот,

да ѝ се пломбираат телевизорот, телефонот, рутерот,
сите апарати да ѝ се извадат од прекинувачот,

цевчето за инфузија да се повлече со еден потег
и ќепенците да се замандалат за последен пат,

а потоа да му се даде знак на багерот
и збогум куќо што беше дом, дому што сега не си ни куќа.

Да се закопа треба во длапката на сопствените темели,
да ѝ се оди на Задушница со понади и свеќи,

а времето, велат, полека ќе ја залечи болката.
Но, што ако самата решила да побегне пред судбината?

Ти јавуваат дека истрчала по патот, но трагата ѝ се губи,
како дементна старица заскитала којзнае каде,

ќе ја пријавиш за исчезната, ќе ставиш оглас врз скршената ограда,
а никогаш никој нема да ја пронајде ни жива ни мртва.

МЕМОРИЈАТА ШТО СЕ РАСПАЃА

треба да се проголта во преджелудникот на свеста
и во бессона ноќ да се поврати одново во устата,

па да се џвака, да се преџвакува сѐ до утрото
со сконцентрирани движења на забите ко одач по јаже,

да се прежива како што овците во Источна Македонија
навечер преживаа во штамата на пондилата

дури баба ти те влечкаше накај нужникот полуизмочкана в сон,
и нивните заби шлапкаа во соковите од пасиштата,

како што твоите денес шлапкаат во водата на заборавот
вадејќи тук-таму по некој потонат сувенир од себеси.

Натопена со плунката на душата, меморијата треба
да се голта атом по атом разградувајќи се во сила

што ќе ти го извлекува телото од бунарот на потсвеста
сѐ дури животот не ја искористи на најдобар начин

нејзината хранлива вредност, а меморијата е храна,
без неа се слабее, се разболува, потхранет се умира,

без меморија се распаѓаш кога и сама се распаѓа.
Човекот е преживар со преджелудник – душа

и со желудник – дух, во кои како од чаша в чаша
меморијата што се распаѓа

треба да се претура и прелева
сѐ дури самата не стане тело од сопствената клетка.

ЗЕМЈАТА ШТО СЕ РАСПАЃА

треба наврат-нанос да се напушти,
да се грабнат јазикот, пасошот и две-три фотографии,

во детско ранче да се напикаат
раѓањето, детството, младоста, животот

и со тилот потсвиткан да се тргне по патот на егзилот.
Нозете сами ти одат, колективната меморија ги води,

бегството е наследство, нужен дел од оставината
на татковината, физичка кондиција на предците.

Да се премине треба границата стуткан во багажник
во мигот кога се спушта знамето на половина копје,

а потоа бос, гладен и со клоца во задникот
со месеци да се оддалечуваш чекор по чекор

од човекот во другиот кон човекот во себе.
Кога homo politicus убива, самоубиецот е и џелат и жртва.

Ќе ја напуштиш земјата што се распаѓа
без око да ти трепне, дури душата ти трепка и ти завива

како ротационо светло и сирена на полициска патрола
што се надеваш дека ќе те фати и врати, а ја снемува во далечина.

Весна МУНДИШЕВСКА-ВЕЛЈАНОВСКА

УДК 821.163.3-1

Во зенитот на мудроумот

По трчаниците на секојдневието
секој ја гушка перницата на сонот.
Копнежите
надвиснати на клепките на мракот
се топат во пердето на ноќта
како мразулци во чии зеници
светка галежот на надежта.

Набубрените очекувања
преноќуваат на прагот на размислата.
Милијарди очи се всушност
едно исто око
кое гледа во бескрајот на желбите.

Милијарди срца се всушност
едно исто срце
во чиј биеж пулсира животот.

Во зенитот на мудроумот
светот станува точка во универзумот,
нулти атом во кој се анулира
и времето и просторот.

Човекот во својата единственост
сред ѕвездите на спокојот
блеснува во посебност.

Утрото нека нѐ разбуди со насмев
за радоста на споделувањето,
со освежена свесност

дека среќа сме сред себедарувањето,
дека љубовта е нашиот касмет,
ако љубов сме – сѐ ќе сме.

ПЕПЕРУТКИ НА СОНОТ

Ноќта наместо снегулки
снежи пеперутки
на прашниците од сонот.
Во созреаните импулси на моментумот
јас го живеам сонот
а тие – животот
во миговен континуум.
Ноќва пеперутките на сонот
наликуваат на кокичиња
на тревникот на пролетта.
Раскрилени во ѕвезди
ќе се у(с)покојат
во цветот на разденот.

Михајло СВИДЕРСКИ

УДК 821.163.3-1

Мајка

Твоето бебе плаче
Трчаш низ животот
Децата што си ги родила
мислиш дека уште ти
се врзани за стомакот
дури и кога ги учиш да одат
кога не спиеш и
чекаш да се вратат
Времето поминува
старееш
По неколку пати
ги повторуваш истите работи
а ние те слушаме
како секој збор
да го кажуваш за првпат
Студени ти се дланките и
стапалата
те покриваме со ќебиња
како мало дете
и те милуваме по косата
како
бебе.

ЈАЗИКОТ

Прими го ова тешко молчење
како молитва
пред тебе
ти што гледаш назад во вековите
и напред во времето
запази ни го зборот од истребување
скриј го некаде меѓу водите,
меѓу тишините,
да не ни исчезне со градот
и народот
и книгите.

Ти, што го знаеш точниот
број на галаксиите и cosвездијата
и секоја sвезда што ја именуваш по име
преброј ги нашите зборови
од прабабите
од бабите
од мајките

Запиши ги во твојот речник
на вечноста.
Нам отпиши ни од товарот
од бремето, од искушението
и прости ни
оти сѐ ни даде
и ништо не умноживме.

Снежана СТОЈЧЕВСКА

УДК 821.163.3-1

Празно место

На трпезариската маса има четири места.
Накрсно седиме
мајка ми наспрема брат ми,
јас наспрема татко ми.
Таква е и конекцијата,
на татко ќерка, на мајка син.

Со време брат ми се отсели,
на негово место седи син ми.
Мајка ми понекогаш му вели Владе,
наместо Калин.
Се почесто вели само "сине",
за да биде сигурна дека нема да згреши.

Откако татко ми нѐ напушти
секој од нас јаде сам, во различно време.
Ако седнеме истовремено ќе нѐ боли
недостигот што зјае од празното столче.

Тројца сме, но тенџерето
и мерката за ручек останаа за четворица.
Храната што останува
утреден ја давам на мачките.

Го кревам капакот од тенџерето со пире
и со лажица несвесно го делам на четири,
мајка ми го гледа крстот и се прекрстува
мислејќи на една четвртина од нас која е на небото.

ТРИ ГОДИНИ (2)

Татко ми беше многу вреден човек.
Постојано работеше, без престан.
Штедеше, но себеси не знаеше да се штеди.
И кога ќе му речев да застане, да одмори малку
секогаш исто ми враќаше:
Кога ќе умрам, ќе се одморам.

Од ум ме вадеше таа негова изрека,
а всушност ме вознемируваше помислата
дека еден ден ќе го нема.

Сега кога поминаа три години, се молам
неговата душа да има мир и спокој.
Да најде пристан и почин.
Да му е светло, топло и чисто.

Сега сѐ земно е свршено.
Одмори, душо моја најубава!

ПОГОВОРКИ

Кога прашував нешто
што не сакаше да ми одговори
татко ми секогаш ми велеше:
-кога ќе пораснеш, ќе ти се каже само.
Тоа ме нервираше, оти мислев
дека нешто крие од мене.

Кога му се жалев за некоја неправда
што ми ја направиле, ми велеше:
-кој си прави, за себе си прави.
Тоа уште повеќе ме иритираше,
оти мислев дека не ме разбира.

Сега кога пораснав само ми се кажа
дека сите неправди ги сетил на своја кожа
и узнал дека тоа што им го правиме на другите
ја огрева или ја огревува само нашата душа.

Гордана СТОЈАНОСКА

УДК 821.163.3-1

Извор

Низ целиот свет трагав
по изворот што ќе ја изгасне жедтта на љубовта.

Ден за ден,
ги занурнував рацете во сите води,
неисплашена од нивните тајни
и ги вознемирував
зачмаените тајни
и во најдлабоките сенки,
под најтешките карпи,
на бреговите кои
никогаш не дознале
колку боли стисокот
на залутаното стапало.

Кога гаснеше светлината,
во грч го совладував
демонот на ужасот
и никогаш не застанував
уловена во пајажината на колебањето.

Го барав изворот
што душата ја пои.
И го најдов.
Во една твоја исплакана солза.
Единствената... за нас...

ПОТРАГА

Те барав насекаде.

Ја прашував земјата
каде се кријат твоите корени,
и сонцето го прашував,
знае ли чија круна
сега ја носиш?

Влегував во тајните
и ги разголував до срж
и на мракот му ги разоткривав
патеките кои никаде не стигнуваат.

Занурнував во водите
за да вкусам,
да не си исплакал барем солза,
и се загледував во ѕвездите,
зашто ми наликуваа на искрата
која насмевка палеше
на усните твои.

Насекаде те барав...
Но, откако исчезна
од моето срце,
никаде не те пронајдов...

ЖЕД

Под темното крило
на една ноќ,
во прегратките
на sвездените ветувања,
кога отчука мигот што
не се избегнува,
ја скинав ниската
од најубавиот бисер
што моето срце
некогаш ја нанижало.

Зрно по зрно,
како богат дожд,
паѓаа капките љубовен седеф
врз јалова почва.

Барем твојата жед
да ја напоев!

Наместо тоа,
две пустини,
засекогаш премелено преплакаа...

Никола ИЛИЈОВСКИ

УДК 821.163.3-93-1

Поезија за деца од необјавената книга „Билет за еден смешен свет“

ЈАПОНСКА ПЕСНА

Ќе отидам до Хокаидо
за да научам аикидо.

Потоа ќе отпловам до Окинава
за да одморам глава.

А во Хоншу и Шикоку
ќе решавам судоку.

Од Кјушу ќе купам саке,
за да го израдувам чичко Наќе.

Но, пред тоа ќе си каснам суши
и ќе бидам насмеан до уши.

Ех, на час да можам да бидам и самурај
но, малечок сум знај.

Благодарам – Аригато
ќе им раскажам на мама и тато.

ЗАДАЧА

За секоја задача
постои некакво решение.
И слатката неделна погача
треба да се почека со трпение.

Задачите се гатанки
со разни бројки.
Тие се чудесни загатки
со единици, двојки, тројки...

Ако на пример ја оставиме задачата
туку така да си стои нерешена,
исто како да сме ја заборавиле погачата
и таа била залудно испечена.

Не е страшно дури и понекогаш да се згреши
и со тетратката да се водат борби долги.
Но, откако задачата ќе се реши
тоа не е само победа, туку и јуначки подвиг.

После и сонот е сладок
речиси колку една погача.
И преде креветот топло
после решената задача.

СУДБИНАТА НА ВРЕМЕТО

Времето е брза река
што најмалку знае да чека.
Затоа што од сите други реки
тоа има најмногу притоки.

Едни притоки се утрински
обоени во жолто и сино.
Други се пладневни
како црвено тиквешко вино.
А трети пак се вечерни
и го заспиваат огнот во каминот.

Но, да не се разбереме погрешно тука
времето не е обична река што прави бука.
Иако непрестајно и силно тече
како најбрз водопад речен.

Сегашност, минато, иднина
времето има чудесна судбина.
Сврти се за миг и дошло утре
залајало пред порти како гладно улично кутре.

Времето е брза секавица
со илјада и една станица.
Таму се наредени волшебни перони
што севезден ги пречекуваат залутаните вагони.

Билјана ТАЛЕВСКА ДИМКО

УДК 821.163.3-1

Простено да ми е

Биднинава штура
по краеви ја диплам.
Ко бран див денот нов
го пакувам
и не гледам назад.
Постојам онаму
каде што се појавуваш
млад и весел,
ми газиш по срцето
додека буричкаш по небото.
Ти паѓам в очи
а ти ни нежен ни груб
и судија и џелат
ме расекуваш
со крајот од зеницата
за пак да се родам
знам дека верата без дело
- сув неизедлив бајат леб.

НЕМАМ

Љубов моја,
јас немам други богови освен тебе,
и кога мислам дека
сум скршнала од патот,
јас, само сум отишла да те барам одново,
патем заборавајќи колку
боли невозвратена љубов.

ПРЕД И ПОТОА

Пред,
наградени и поразени
жолт печат на мрсна хартија
ние сме сказалки од саатот со петле
се бркаме, никако да се начекаме.

Ти чекориш бос, јас имам повреден зглоб
ти оќелавуваш, јас имам ретка коса
јас брзам, ти навреме стигнуваш.

Наградени и поразени
се качувам по удолница
за да те најдам
ко ќе слегуваш по долница.

Потоа,
болештините не се сити
го чекорат прагот бесни
јас утре, ти вчера
сказалки од саатот со петле
никако да се начекаме.

Петар НАНЕВСКИ

УДК 821.163.3-1

Врисокот на Мунк

Врисокот на Мунк одекнува кога човеку многу тежи
а ти се чини долиштата од него се разделени така
всушност таа жива слика години болна легнала лежи
тоа неговата сестра која силно и искрено ја сакал

Децении маж да плачи тоа значи ретка загуба лична
кобно пресечено крило од најмилата болна птица –
така што секоја сенка на нејзе потсетува несебично
што и нотите на гитарата болат во напнатата жица

И неговата старост минала како и нејзината младост
ден за ден се наталожиле непреспиени ноќите в куп
па и не доживеале ниту виделе тие заедничка радост
ниту почувствувале каков е животот убав или глуп.

ВАКОВ ДЕН

Ваков ден како време надвор ех никаде нема
а како ќе го најдеш ако и приказната е разна
кога сакаш можеш да даваш и со љубов да земаш
душата полна да биде и никогаш да е празна

Тргни се еден час и најди се во моето време
не ќе пропадне светот а ќе добиеш ти друга боја
интересно е и колку е пребогато човечкото племе
што за сѐ наоѓа чекор и да стаса до целта своја

Како време олкав ден и никаде освен самото себе
нема нема да го најдеш и во приказната го нема
и што сакаш давај и што сакаш земај за тебе
нека е полно срцето што љуби што дава и зема.

ЕДИНО ПИСМО

Едино писмо на Ван Гог било заедничкото со Пол Гоген
од каде дознаваме за посетите нивни на борделите
почесто одејќи ноќе по сопствениот и заеднички ген
а наоѓале атрактивни сцени и прелест во споделите

Творечките исчекори тогаш ги носеле нивните лица
а утеха стекнувале само низ експлозиите на боите
што умело ги оркестрирале и наусул нивните жици
еден ја сликал страста другиот тахитки во освоите

Завештале цвеќници најсилните слики за парче лебец
со колоритност што носела единственост и непребол
а внатрешните острини резултирале спрема сами себе
како атрибут зашто глобално завек животот е округол.

СОНЧЕВ ДИСК

Сончев диск нацртан конак впишан во писанка
зборот прави чуда кога доследно го следиш
веднаш е заемна радоста беседа цела рисанка
што некогаш е цртанка и безгрижно ја средаш

Кога зборот се случува и случајот подучува
неочекувано брзо најприметно силно стамено
па некогаш во убавото ете бакнежот се случува
како спор со фактот дека не е не е сѐ осамено

Рисунка нарисана фреска навистина изнаписана
зборот чудно токму сега ете дури и возбудува
во писмо песна слика во аберот записана вистина
де како сон де како јаве привлечно расудува.

СЛИКАРОТ ПОЕТ Е

Сликарот – поет е на вечна стража без смена
и чека паун меѓу јато птици да стане слика
екот е поезијата в среде духот да го крени
на крај се дава именката како ќе се вика

После тоа во некоја соба ќе исполни и место
а лепоста со својот глас ќе отпочне да зрачи
така обострано во просторот ќе блеска често
содржината секогаш секому се отвора што значи

Поетот-сликар без смена е на вечна стража
што чека повод да стане слика или песна –
Поезијата и сликарството самите ќе се кажат
и убавината низ пленерот останува извесна.

ТРЕБАШЕ

Требаше да те доживеам за која си да знаеш
целоста да остане столб за целото наше тоа
на тебе не е сѐ да чуваш во себе да траеш
да ја откопаш тајната и да го откриеш тоа

Ружата ги отвора стиховите па далеку зрачат
некаде на пладнината срната повикува елен –
па цело крдо како жива слика стрча и се качи
што проугоре раскрикано низ пејзажот зелен

Сончев пекол врие заудара реа на исушен пиреј
Сликата станува крепост за целото наше тоа
а што да речеш и да таеш убавините се шират
отвори ја тајната ќе те љубам повеќе од троа.

Кире НЕДЕЛКОВСКИ

УДК 821.163.3-1

Некој необичен немир…

Некој невидлив немир
Ми ги менува мислите.

Некој длабок немир
Ми ја Претресува душава.

Вади нешто Необично
Некој невидлив немир.

Си игра со моите чувства
Некој длабок Допир.

Не е задоволен со мене
Овој невидлив немир.

Сака да се менувам
Да бидам како Него – необичен.

Сака да бидам Гласен
Сака да го Запишам

Овој невидлив немир
Сака да бидам секогаш свој

Свеж и Незадоволен.

НЕ ПЛАЧИ СЕГА МОЈА РЕКО РАДИКО

Не плачи моја реко Радико
Чистите солзи Слегуваат
Низ моиве зборови – камчиња
Се прочистуваат идеите
Дека сѐ оди Надолу
По својот живот
И се Враќа духот
Да почне од Почеток
По својот тек.
Не плачи моја чиста реко
Минуваш покрај многу храмови
Те пијат ангели и маченици
Те чекаат светци и свештеници
Не плачи сега моја реко
Почнува да те Пие и Господ
Пред да донесува големи Решенија.
Не плачи моја реко Радико
Повторно јас ќе се Спуштам
По планините ќе ти Дојдам
Да си Разговараме за времето
И за оние кои се Заборавени.
Не плачи сега моја реко
Ти си мојата чиста Рака
Која се Поздравува со светов.

МОЌНИ МОТИВИ ЗА МАЈСТОРИТЕ

Мајсторите се префинети поети
Градат каде што е Невозможно
Да го Спојат ова време
Со невидливата Далечина
Преку невозможната Провалија.

Мајсторите се креативни поети
Кои си Градат врз своите идеи
Со свој Моќен материјал
Испробан преку многу Провалии.

Мајсторите си имаат свои мотиви
Да се докажуваат со Дела
И да се чуе за Чудата
Кои ги Премостиле толку лесно.

Мајсторите се како чудни поети
Градат врз свои соништа
Градат врз Невозможни предели
За да го Спојат ова време
Со времето на својата идна слава.

Марија МЛАДЕНОВСКА-ДИМИТРОВСКА

УДК 821.163.3-1

Призрак

Како призрак во маглата
по трагата на сновидението,
зад замагленоста и лажните прозирности
на подозривоста,
ја барам изгубената душа на мојата душа,
во овој ефемерен бескрај од безличности,
го грицкам последниот залак од универзумот,
во зародишот на новата еугеника,
во која ќе ги угасиме нашите животи
во пурпурниот залез на трансцедентноста,
и ќе станеме само прашинка
во распрснатите еони на вечноста.

БЕСКРАЈ

Како опаш од комета си го влечеме бремето,
низ непознати галаксии,
лутајќи низ светови,
во овој оксиморонски бескрај од противречности,
далечни во блискоста,
блиски во далечноста,
ни нечии, ни ничии
ни свои, а сечии...

ЛИТОРАЛ

Меѓу литоралот
на плимите и осеките на заборавот,
заплиснат од мирисот на застоеност,
и болните сеќавања,
се расплиснува животот.

Од замрзнатата река на скаменетото време
испливуваат потонатите надежи
за да се удават во јаловите буици
на надојденото бреме.

Зад замаглените завеси на безнадежноста,
сињакот ја прекри исклештената радост,
во виорот на истрошените димензии
во примракот на човечноста,
каде се одигрува
последниот чин на трагикомедијата,
на нашиот запечатен живот,
меѓу литоралот
на овоземноста и вечноста.

ЗБОГУВАЊЕ

Го чувствуваше мирисот на смртта,
цедејќи ги последните сокови на животот,
и чекаше...
Полека разлистувајќи ги
последните страници,
на пожолтените спомени,
со чуден спокој,
дишејќи во забавен ритам,
нуркајќи во океанот од сеќавања,
пеејќи ја химната на животот,

загледана во светилникот на вековите,
чекајќи го
последното одsвонување,
да отплови,
да се нурне,
во длабината на еоните...

Солзата се слизна во подножјето на утробата,
овоплотувајќи се себе си,
во мигот што се пресликува во пресушените очи,
и подвижните сенки засадени во прегорените гради,
sиркаше низ клучалката на бескрајот,
а во неа сѐ уште гореше пламенот на животот.

Навираа спомени
на сите предавања и давања,
во ноќите на трудната месечина,
под блесокот на sвездите,
под сенките на постоењето,
секнуваше реката на животот,
тивко тонејќи во понорот на заборавот...

Свеќата се гасеше,
топејќи се во магловити безобличја,
нестварноста стануваше
постварна од стварноста,
смртта постварна од животот,
бескрајот постварен од крајот....

Љубица РИСТЕВСКА

УДК 821.163.3-1

Немир

Земам по малку надеж во ноќта...
Во ракавот го свиткувам
глодежот на закоравеното време
како прашинка од стакло.
Одврзувам, преврзувам приказни на немоќ...
Гласот се провлекува низ жилави пори.
Остана уште малку струење на крвта,
насолени трепки и бедни издишки...
и сè ќе исчезне низ блесокот
на светлата провиделина во темнината.
Се сеќавам на деновите
во топлина, живост и мекост.
Вчера беше далеку од утре...
доаѓам во пајажина од немир,
заминувам со спокој од темјан.
И сè уште нема да го отпакувам сонот...
ќе го чувам за животот да не умре предвреме.

УРБАН БЛЕСОК

Застани! Одмори се.
Исчисти го тремот
на нескротливите сиви бури.
Погледни во десниот агол
на неотворениот утрински прозорец.
Мириса на тетовиран мозаик од бои...
го чуваат денот завиткан
во мека лелеава нежност.
Повторно блеснувам

во кадарот на кршливите окна,
додека зракот го обележува
и оддалечува секој мој чекор.
Вдишувам пролет...
ги засакувам сите религии на љубов.
Со жед впивам неоткриени галаксии...
по малку чудно, но очите се отворени.
Милуваат во бескрајот на времето.

ПОВТОРНО РАЃАЊЕ

Да си кажеме по нешто свое.
Да си извеземе старо-ново,
нешто одлепено, скршено, залепено.
Можеби ќе се совпаднеме
во некоја логична-нелогичност.
Сè уште е ладно за вино,
но е топлло за нов почеток.
Пушти ги птиците сами да зборуваат...
нека го пресоздадат светот во Лунарна арка.
Се сеќаваш?
Често бегав од себе
за да се засолнам од убодот на сечилото.
Гледав како го одврзувам Гордиевиот јазол...
борбата ме исфрли предалеку...
јас и мојата болка растевме заедно.
Што знае денот за ноќта?
Ја скротував убоста,
само за да го ублажам паралелниот свод
во разбурканото море.

КОНТУРНА ИЛУМИНАЦИЈА

Пловиме преполовени
со жестока брилијантност
од клеточна конфузија
во мамурна стварност.
Слатко ги испивам последните капки,
додека низ телото ми продираат
Фукови струи...
Среќа - лансирана во копнеж.
Страв – од невозможна инспирација.
Зборувам – без зборови.
Виртуелна харизма,
а веќе тишината во срцето ми заспа...
смирено мудроста се вљубила
во нова суштина.
Сѐ си доаѓа и си оди во свое време.
Една врата се затвора,
а друга се отвора...
освен, онаа во Porta Jazz.
И пак не се распаѓаме.
Лукаво купувам елан
до следното денонокие.
Одново, бесконечно траеме...
за љубовна есенција во Космосот!

Милица ДИМИТРИЈОВСКА РАДЕВСКА

УДК 821.163.3-1

Декември 2018

Сите птици одлетаа кон небесното јато
Пусто е полето
Само шушлопат, неизорани ораници
Ветар јачи од долот, се прелева јазот на немоќта
Пусто е полето
Магла и изгазени лисја се лепат во опулот на душата
Што е ова!
Лелека крикот
Лелека болката
Лелека очајот
Се отворила црната дупка на погибијата
Сите птици одлеаат кон небесното јато
Благословени се во летотот
Нам ни остана проклетството.

СТРЕЛА

Стрела во молитвата
Стрела во благословот
Директно
Без најава
Смрт
На надежта

АКО

Ако речам лутина
Тогаш се негира мојот спокој
Ако речам инает
Тогаш се одрекувам од добрината
Ако речам презир
Тогаш во душата не љубувам
Ако речам одмазда
Животот го прегазувам
Тогаш што
Тогаш како
Злото да го потомам
Неправдата да ја сронам

ПРОЗА

Петре ДИМОВСКИ

УДК 821.163.3-32

Ловци

Хаос во викендицата. Оревите што пред две недели ги собрав се разнесени низ просторот. Беа подврзани во вреќа, закачена на клинецот на ѕидот. Долу по подот растурени и издупчени ореови лушпи, извлечени јатките. Вешт напад. Кој го сторил тоа?! Голема е штетата. За да не се повтори, намислив да донесам мачки. Знаеш, мачките се борци. Можат да ги пофаќаат глувчињата, ако се глувчиња и да ме ослободат од напаста, му кажувам на соседот викендаш за одлуката.

Оние мали домашни глувчиња не можат да продупчат толку отвори во толку тврда обвивка. Ќе ти ги разотворат сувите пиперки од низите, ќе го расеат семето по подот, ќе ти ги нагризат и јаболката во сандаците, ама поголема штета нема да ти нанесат. Не на вреќа ореви, сомничи соседот. Не ми изгледа тоа да го сториле глувчиња. Дело е на силни глодари. Веројатно стаорци ти влегле во визбата. Пред некоја година нападнаа кај мене. Донесов мачка, ама се покажа дека наместо мачката нив, тие ќе ја задават мачката. Бегаше од нивната појава како од лавеж на пци што бега. Решение е отров. Само отров за глодари.

Нема отвори низ кои можат да навлезат големи глодари. И до сега не навлегувале. Насекаде е затворено. Може малите глувчиња да најдат некои мали отвори, ама стаорците не можат да најдат толку големи дупки низ кои би се вовреле, му кажувам.

Не може да најдат, ама може да си направат. Соседот беше убедлив во кажувањето.

Тргнав во детален преглед за претрага по отвори низ кои големите глодари би можеле да влезат во викендицата. Кај вратите не најдов, тие херметички затвораат. Да се внимава на прозорците, во разговорот ме имаше потсетено соседот. Еднаш кај мене стаорец влезе низ отворениот прозорец. Провери и некои одводни цевки, ми рече. Му кажав дека во викендичката нема одводни цевки (нема ниту доводни), ама можно е прозорец да сум оставил

отворен. Само што отворениот прозорец беше од просторијата над визбата. Подот беше од трисантиметарска штица, вклопена, ниту мравка да не минува. Нема отвори на подот. А сепак пребарував. Се случува од потрес на штицата глужд да отпадне. И пак, тој сомнеж не ја открива тајната по која трагам. Низ таков отвор би минало глувче, ама никако стаорец. За него треба голем отвор. Како…

…како, оној во аголот. Ја прегризале штицата, ја продупчиле. Уште една штета што ми ги раздразни нервите. Убавата штица од подот ја упропастиле. Да, морам да го прифатам советот на соседот. Само отров за глодари може да ме спаси.

Но брзо се повлеков од таа намера. Не остануваше во заборав онаа случка кога во тој миг се погоди да сум во дружење во домот на пријателот Славко, а на вратата влезе неговиот татко, со видлив страв во очите, стегајќи го за рачето четиригодишното внуче како во закана дека ќе го изгуби од рацете.

Земи си го детето, му се обрати на Славко. Ќе направевме катастрофа. Во деновите пред да го донесеш детето кај нас под креветот бабата ставила отров за глувци. Се намножија, па да ги поништи. Ние знаеме да се пазиме од отровот, ама заборавила да го тргне при пристигнувањето на детето. Бодеж ме прободе во срцето кога денеска ме праша: Дедо, зошто сончогледот е истурен на подот? Кој сончоглед, на кој под?! Кога се наведнав под креветот, го видов отровот. Да не земаше од него, го прашав преплашено. Зедов една рака за да грицкам. Не требаше да земам, дедо?

Ми се заврте просторијата, се потпрев на креветот да не паднам на подот. Го гледам детето со страв во очите, стравот мој го пренесувам на него. Викам по бабата, таа се запрепастува кога ја откри причината. Пуста јас, како сум можела да го заборавам тоа! Брзо му носи да се напие сок, да ја облажи душата ако му е затруена, не знаеме што се случило, колку зрна изгризал. Го прашувам дали чувствува некоја болка во стомачето. Баба му се присетува, му ги стружи рачињата, го повлекува кон чешмата и му ги измива со триење, сè што штети да отпадне од нив. Нашата растревоженост му го зема зборот, не сака на ништо да ни одговори. Споулавевме од грижа. Оди, однеси им го детето, таму

поблиску се до докторот да го прегледа и да му даде лек! Побрзај! Ќе го фатиш автобусот! Стигнав право ваму.

Томче кога ја виде мајка му, се затрча кон неа и ја програби. Тања ги слушна страшните зборови и го зеде детето во друга одаја. Сите бевме растревожени во исчекување. Славко веќе го стартуваше автомобилот да го однесе детето во амбуланта.

Во исчекувањето Тања излезе од одајата. Настојувала стрпливо да разговара со Томче. Ќе ми кажеш дали јадеше од сончогледот од подот! Не, мамо, ти дали ми кажа никогаш да не земам храна падната на подот, зашто храната од подот собира бактерии и може да се разболам. А зошто на дедо ти му си рекол дека си јадел од сончогледот? Го лажев. Сакав да го исплашам дека од бактериите ќе се разболам. Да ти верувам? Да, мамо, тебе никогаш не те лажам. И на дедо ти му кажуваш дека не го лажеш! Сега го излагав за да го исплашам дека ќе се разболам. Дедо не ми купи чоколадо, а ако знае дека ќе се разболам, ќе ми купи. Томче, сомнителен ми си! Да не јадеше за да се разболеш па да ти купи чоколадо дедо ти? Не, мамо! Ако се разболам, не можам да јадам ништо. Само дедо да мисли дека ќе се разболам и да ми купи чоколадо кога можам да јадам. Ама, не те сакам, ти не ми веруваш! И ништо повеќе не ти кажувам! Те боли стомачето? Ме боли. Значи си јадело, скокнала во паника Тања. Те излажав, ама тебе мамо никогаш не те лажам. Сега згрешив, нема другпат да те излажам. Мора тато да те однесе во амбиулантата за да те прегледа докторот и да ти даде лекови. Мамо, јас само дедо го излажав, тебе не те лажам. Не сакам вистински да се разболам. Само на лажга. Томче, сакаш чоколадо? Сакам. Кажи дека јадеше од сончогледот! Можам да те излажам? Не може. Не сакам чоколадо! Е сега ме излага! Томче почнал да се витка од смеа. Не можел да ја запре смеата. Потоа, и Тања се засмеала. Ах, ти, мангупче! Многу мудруваш.

Случката делуваше. Како решение, отровот за глодари беше наполно отфрлен. Ќе земам мачки. Ама, свои мачки немав. Намислував каде да најдам најсигурно решение. Првата намисла не беше соборена. И најдобро ги познавам мачките на побратимот Стојан. Кога имам отпадоци од риби тие ги добиваат.

Ги донесов во викендицата, а тогаш се јави и проблемот. Како ќе откриеме каде се сокриени стаорците, ако сè уште се внатре во

викендичката? Следното мое доаѓање ќе биде по завршувањето на работната недела а толку долго мачките не смеам да ги оставам без храна. Ако уловат нешто, ќе го намалат гладот, ама дали ќе уловат? Можеби стаорците само влегле во викендичката, биле во неа додека имало храна и заминале.

Проблемот мора да се реши во овој миг. Мачката, двата мачори, нејзини синови и јас тргнавме во пребарување. Да бараме засолниште каде што се прикриваат стаорците. Јас преместував од предметите, разгледував по аглите, мачките рашетуваа и го мирисаа воздухот по скришните катчиња. Одеднаш црнобелиот мачор загреби со нозете и заржи како во предизвик за борба. Стрчав кон него. На аголот од една табла од иверица пронашол дупка и со ногата продираше во неа, накострешено борбен и енергично посветен. Следниот миг со канџите од ногата извлече надвор стаорец и секавично го зграби. Го задржа цврсто, се претркала двапати во битката со него, стаорецот исто така беше снажен и голем и потоа, држејќи го застоја на едно место, сигурен дека ќе биде победник во двобојот.

Претпоставував дека ги има уште под таблата.

Ги повикував кај себе мачката и другиот нејзин син, ама мачката не ми обрна внимание на повикот и продолжи да истражува низ визбата, додека мачорот ми се извитка низ нозете, галејќи се. Јас од подалеку, со долгиот прат се обидував да ја поткренам таблата и само што малку ја занишав, се извлече друг стаорец и секавично избега по ѕидот кон таванот, во сигурна можност да се сокрие меѓу гредите. Ах, овој избега, ми беше мислата кога стаорецот со предните нозе беше на гредата над која можеше да се сокрие. Мачорот тогаш го забележа, отскокна толку брзо и толку вешто, насочувајќи се кон стаорецот, што ми ја запре мислата. Следниот миг од гредата скокна долу, држејќи го цврсто стаорецот. Неговата борба продолжи на подот.

Следниот двобој беше меѓу мачката и третиот стаорец. Истата секавична сцена и одлучна битка.

Во нивниот улов следеа уште два.

Во сето следно пребарување низ визбата во тој ден никој од нас четворката не пронајде нов напасник.

Мачките ми го решија големиот проблем во кој го вклучија целосно нивниот борбен природен инстинкт.

Никола КОЧОВСКИ

УДК 821.163.3-32

Лепрозен (дел)

Тука нема да биде од интерес каква беше таа држава. Со тоа нека се занимаваат современите политиколози, социолози и други. Тука ќе биде од интерес што му се случува на интелектуалецот Шешов. Неопходна напомена: Ниту името на таа земја е лесно за изговарање, ниту имињата на луѓето во неа. Тука по потреба, некои од нив се дадени, по извесна тамошна асоцијативност само во приближен превод. Државата иако биде спомната, без оглед што просторно се наоѓала на точка многу далечна од нас, тоа ќе биде само колку што е нужно за да се сфати малку подобро проблемот на Шешов.

Најпрвин за тамошната посебна категорија создадени трудбеници на новата теоретска идеја. Зашто во неа спаѓаше и Шешов. Тоа беше вид интелектуална идеја, која повеќе би можела да се нарече и религија отколку политичка идеја. Припадниците на тоа ново учење, заговараа хумано општество на кое ќе му биде туѓо и омразно секакво влечење назад или разградување, и во кое, по пат на силни интелектуални задлабочувања, најбрзо ќе се дојде до совршенство и среќа на луѓето. Потекната најпрвин од идеолози кои небаре како факли му го осветлувале патот на народот во тешките времиња, зашто на душата им лежела неговата слобода и издигнување, оваа научно-теоретска, хумана активност доби форми на легално организирана творечка дејност, во која целта беше што подостојна визија за напред, ослободена од големиот број наследени ограничувања на сфаќањата. Во прашање всушност беше елитна организација, која црпеше развојни сокови од научничкиот неисцрплив интелект... Најпросто кажано тоа беше еден сојуз на академци. А ги имаше премногу. Јасно, се примаа само доктори на науки. А ги имаше премногу. Другите земји не можеа да покажат толкав број на академци. Почестени беа со

изработка на студии, елаборати и проекти за индустријата, и за правото, и за филозофијата, и за што не друго... Многу визии. Вистина е, на државата се уште не ѝ одеше баш развојот. Ама кон иднината се гледаше. Покрај тоа во поединечните дострели членството беше слободно, неспречувано од државниот поредок. Барем така изгледаше и така за тоа и се зборуваше.

Се мислеше за напред и пожелни беа и добредојдено очекувани нови таленти кои небаре печурки се разникнаа и прераснуваа во звучни и со почит спомнувани научни имиња, чија работа ја канализираше спомнатиот Сојуз на мислителите на иднината. А пак плодовите на таа нивна работа веќе претставуваа, ако не е претерана споредбата, ридови од студии, брошури, книги попотребни од сите поранешни книги, кои се отпечатуваа и потоа по евтини намалени цени се распродаваа.

Заслужено, таков ете беше поредокот, се очекуваше мислителиве, и покрај спомнатото и споменуваното, пофално да пишуваат за него. Оти тој даваше за тоа и доста пари. Не, не е важно во случајов државата, таа си беше како што има и други држави. Така мислителството, односно научното соопштување за прогресот, за иднината, и усно и во вид на брошури, на книги, стана доходовно занимање, та се наплипотија мислители од тој вид, даровити и недаровити, колку што ги береше и не ги береше.

Покрај главниот центар на Сојузов во престолнината, имаше никнати центарчиња и по сите градови и гратчиња на земјата. Е тука најдоа прифатилиште сите, што од свои внатрешни причини мораа, или се досетија да станат мислители и пишувачи. Повремено во престолничкиот, сојузен центар се одржуваа собири со сето членство од земјата, и тоа беа големи заседанија, на кои се доделуваа награди за најуспешни обмислени напишани дела, се доделуваа дипломи со примамливи парични износи на истакнати кои достигнале до големи длабочини до кои успеал да се нурне мислителскиот ум и да го предаде тоа на хартија творечкото перо. Исто така тука се вршеа избирања и преизбирања на централното раководство на овој заслужен сојуз, и тоа со таква регуларност и целосна претходна подготвеност, на која не може да ѝ се замери. И

навистина не се замеруваше, само се слушаше и се гласаше. Но, полна демократија.

А се одржуваа по чести поводи собирања и во помалите центри на мислителскиот сојуз. Меѓу другото тука се читаа излагања на постигнатите научни резултати, а се претставуваа и нови брошури и книги од богатата мисловна научна продукција. Многу удостоени се чувствуваа собирањава кога на нив ќе присуствуваше некој и од неколцината на врвното, престолничко раководство на Сојузот. Тоа донесуваше чувство на свеченост, на гордост, и ваквите случаи подолго се паметеа.

Се одвиваше така работата на организираното научно, филозофско, и какво ли не вдлабочување. Особено тие што ова го правеа, прогресот го очекуваа на широки порти. Се среќаваа, дејствуваа под заедничка капа и едните и другите. Разлика меѓу подаровити и недаровити не се правеше, поправо , со времето, тоа веќе и не можеше да се прави. Другаруваа меѓу себе мислителите творци, добро беше. Барем такво нешто се гледаше на површината.

Арно ама ете на еден припадник на градското здружение, подзаборавен во убавата атмосфера во која ваквата дејност се одвиваше, му се случи да му се замери нешто на централниот врховен раководител. Поправо, и не беше тоа вистинско, смислено замерување, просто му се испуштија, онака тие неколку збора... Така си мислеше човеков, чие име веќе е спомнато понапред (Шешов), дека е слободно да се каже своето видување, па дури и критичка нагласка да имаше. Ова нема таква нагласка.

Му кажа всушност тоа што беше чул, дека во престолнината некои интелектуалци формирале ново здружение, дека имало повик, можело кој што сака и од Сојузот да пристапи во него, а јасно дека не би било лошо, рече. Рече и си ја поткасна устата, забележувајќи како во мигот изразот на претседателот, дотогаш толку добриот и друштвен Светкавичев, неверојатно му се смрачи, му наскокнаа, му се свија стегнатите веѓи , лошо се намршти.

– Што! – С'сна тој со невидена лутина, вбодувајќи му го својот изненаден поглед во кутро претекнатото лице: – Ти сакаш да го разбиеш нашиот Сојуз?! Ти ни носиш распад!

– Ама какоо...

Не му даде да зине повеќе. Само згадено му се издвижи вилицата, одбивајќи го и со раце и со целата своја нарогушена слика. – Ајде, ајде... Нема повеќе што да го губиме времето... Дури малку како да се совладуваше во големата одвратност.

– Јас... не знам оти не ме разбираш, Светкавичев... – и понатаму, се уште го потфаќаше со тие.

– Тоа најмалку го очекував од тебе! – Повторно поттикнат на огорченост, претседателов уверено си вртеше со глава.

– Ама зо...

– Ништо! Ништо не ми кажувај повеќе! Жалам!

Тој удри со прстите на обете дланки по работ на бирото пред себе, задржувајќи ги така рацете, и со многу студенина во погледот го дополни значењето на тој гест.

Шешов скршено стана од фотељата крај масичето и без збор повеќе, си тргна кон вратата.

– Не го очекував од тебе! – му подвикна овој за збогум, со тон кој содржеше огромно каење што си беше дозволил блискост со неблагодарниот, подмолен провинцијалец!

И не попусто го стегна јанѕата Шешов. Испадна, дека мислата што слободно му ја изрече на раководителот е не само злонамерна, туку и дрска, опасна против поредокот. Овој не му рече сосем така, но постапи токму како да беше така. Го сатанизира. Какви мерки беше презел, ништо не дозна интелектуалецот Шешов, но ги осети брзо последиците. Порано, претседателов и ќе поразговараше со него, доста љубезно, и му ја беше истакнал, во четири очи, изразитата научничка надареност, а тој си веруваше дека тоа му е искрена пофалба. Уште поважно: беше мрднал раководителов со малото прсте, овозможувајќи му да му се отпечати еден помал негов труд во водечкото списание на Сојузот, што му ги беше зголемило и надежите и полетот за работа. А беше надарен, вдахновено си ја вршеше работата што ја сакаше, не жалеше труд, време, и никој во градот не го оспоруваше неговиот успех, единствено, можеби, со поголема искреност, требаше да се рече дека всушност малку му е признато... Ама сепак, арно одеше, се до замерката. Набрзо, на местото од таа поволност, вистина не

изненадувајќи го, го пресретна непретчувствувана промена. И тоа тука, во неговата близина.

Веќе почна да чувствува дека е избегнуван, отпрвин не толку забележливо, но сигурно напуштан. Многу го болеше што тоа му се случуваше меѓу колегите во градот, иако не од сите... Главно, беше доволно чувствителен за да сфати дека во неопходниот нивен пристап кон него, сега изникна однекаде претпазност и сомнеж. Се досетуваше од каде потекнува работава, и многу жалеше што беше наивен во едно општење со една личност. Но каење не му помагаше.

Ама најблискиот од колегите, Спилев, се уште се држеше до пријателството. И тоа имаше за него веќе големо значење, му доаѓаше од таа другарска верност, нешто како душевно задоволување, надоместок за тажната загуба што му ја донесе времето и што толку го погодуваше. Зашто не само што го снајде тоа потполно неподготвен, туку и самата природа негова отсекогаш била против двоењето и осамувањето...

Спилев и понатаму го посетуваше, според својата претходна, веќе подолготрајна навика. Разговори за темите, во кои наоѓаа нешто слично, блиско, разговори за иднината, која мора да му е во дофат и во моќта на човекот, сонувања, секако и за лични поголеми успеси...

Тоа го надеваше Шешов, и тој сè уште веруваше дека ќе се изглади работата. Оти лоша е отфрленоста, посебно за интелектуалецот кој прекапувал над работата.

Габриела СТОЈАНОСКА-СТАНОЕСКА

УДК 821.163.3-32

Карантински мртви дни

- Шо прајш?

- Ништо. В купатило сум.

- Сварив пченица. Место мене да му пејш на татко ти? До три е отворена црквата, гужва нема да има... После оди на трчање. Кога планираше да идите? Шо чутиш?

- Се расонувам.

- Нејќам да ве терам со сестра ти, знам страшно е, ама не ми се остава татко ти... Ако не, да се довлечкам јас после...

- Не, јас. Ама попосле, во жешкото, нека поминат прво повејчето.

И летаме со ќерка ми на велосипедот по удолница. Белосиното здолниште до глуждови, кое обично бакнува само песочни плажи и црквени плочки за петровденските и богородичните причести ми се крева до голите колена, го спуштам со нозете и едната рака. И белава бохо блуза привлекува повеќе внимание, си мислам, споредувајќи ги погледите на минувачите со обичните денови кога исто вака летаме во спортска гардероба. Патиките, чорапите, хеланките за потење и двете маички ми се во корпата напред на точакот – дебелава ќе слабее после на патеката на Могила. Забрането ми е, ама поттрчнувам, кој смее мене да ми каже, што би рекла другарка ми.

- Мижиш Бјанка? Мижи, да не ти влезе нешто в очи! – ѝ ги заборавив наочарите. И дури сум рекла, сме слетале пред куќа.

- Еве вака, ќе си ја постелиш крпата, свиткана на две. Овде ќе си го ставиш поскурчето, ќе го извадиш најлончето само. Пченицата среде, капакот од пластичново тргни го совреме, не пред попо. И шишенцево со винце одвртено капачето да ти биде. Еве ти ги и умрените, тука се и парите... и толку.

Го земам тефтерчето да проверам како е напишано познавајќи ѝ го ракописот, ама гледам убаво се пишани имињата, некој друг ѝ ги напишал со крупни печатни букви.

- Ако те праша за имињата, Трајко, Благоја... ќе редиш, ама нема да те праша. Ај научи се, па и мене вака да ми пејш.

- Нејчам тебе да ти пем.

Ги прибра работите в торба и ми ја подаде. Ја наместив во предната корпа испразнета од кесите со опремата.

Преку мовчето, низ уличе и ете ја црквата. Го заклучив точакот во дворот, си ја ставив маската, ги измив рацете кај „Задолжителна дезинфекција“, запалив прво некоја свеќа за здравје и влегов внатре. Убаво, само шест-седум жени! По две на неколку долги славски маси. Се упатив кон една празна на крајот и правам сè според упатствата. Го отворам капакот од правоаголната пластична кутија и: Ииииихххх го нема крстот! Белиот шеќер во прав побегнал во аглите, средината е бришан простор... Ау еден крст не донесов ко шо треба! Попот е на спротивната маса, немам време да мислам колку сум грешна што вака ми го снема, брзо-брзо со рацете ја набирам пченицата во средината, правам крст само од пченица, без шеќер во прав. Арен е, си велам, а попот иде и ме прашува:

- Спремни сте?

- Да - попарена климнувам. Со точак идев и ми се расипал крсто по пат. Овој сега со раце го праев – признавам готова да се расплачам.

- Е ако де, и другиот со раце го имаш праено – ми се насмевнува утешително попчето.

Другиот мајка ми, му одговарам в ум, и ми олеснува, ми иде другарски да го гушнам, алал да му е за одговорот.

Пее отецот, мислам на татко ми, се прекрстуваме неколку пати, ги кажува имињата:

- Толку се?

- Толку се - му велам.

Винцето е турено во пченицата, сметката е платена, се враќам. Ѝ раскажувам на мајка ми. Се смее и повторува:

- Со раце го праеше, со нозе сигурно не си го праела.

- То е, заебан ни е јазико.
- Кој поп беше?
- Не го знам, едно младо, шо е битно? – се смеам и јас.

Ја отвора пченицата:

-Ау, каков крст си направила, поубав од мојо. Браво Габи! Убо шо не го остајвме татко ти без винце. Ај сега касни си од пченицава...

ОД КОМПАРАЦИИТЕ КОИ ДОАЃААТ КОГА КОМУ И КОМУ КАКО

Можеше да ги изброиш на прсти, меѓу илјадниците утра, расонувањата во кои срцето изрипано од оној свет ти збираше душа лупајќи на спокојно распостелениот чаршаф.

Дали тогаш ти паѓаа на ум милионите меѓу милијардите што ги здрмува струен удар во сопствениот електричен кревет, во првата секунда свесност, уште пред да ги одлепат клепките? Едно торнадо од корнеж мигум да се фати џаде усвет од кај што си дошол, какво и да е другадето, да беше можно само, со ќебето преку глава.

Ама... (Овде има една насмевка што сака да стане видлива.) Секогаш има неколку важни „Ама...“ заради кои го тргаш пердето и му правиш пат на денот. Ако ти се чини дека нема, убаво разгледај внатре, надвор, првото си ти.

ЗБОРОВИ ВРТИКАПИ

Убаво се сеќавам, на излезот од моето детство, на задната раскрцкана врата со скршено и несменето стакло во аголот на едно минато време, кога случајно ќе ги сретнев зборовите „господине“ и „госпоѓо“ намирисани, дотерани, на платформа и во свилени ракави, околу нив поснопица паѓаа луѓе покосени и со фрга од кочијашки камшик врз грбот. И додека поздравените молкома си ги прибираа штрекнатите искосени и наземи паднати, избербатени

погледи, ги затресуваа и ги забодуваа како дршки пред себе стегајќи ги за „Негов збор, негова срамота“, господата „господине“ и „госпоѓо“ ни едно – ни две ќе си го потпикнеа перчето под капата настрана и одмерено, со стил отшетуваа низ сокаците неочекувајќи да им се врати со поткревање капа или со учтиво отпоздравување. Имаше едни пепел лути поздравени што од ум не ги вадеа по цели ноќи: „Госпоѓо! Како само си дозволи? Таа мене – госпоѓо?!“. Не помина многу време, одвај младост една, а тие зборови толку се запуштија што не личат на себе. Баталија капи и шешири, последните по последна мода ги завртија како рулет на елегантните закачалки од масивно дрво и сосе нив ги донираа во некој поширок сиромашен дом, да се најдат за сталажа за инфузија. И ете ги сега, ги мрзи да си ги испеглаат кошулите и да ги наредат украсните копци и брошовите по нив, па седат кај ќе се најдат изгужвани, промолкнати и разгаќени, во неспарени тренерки, пижами и чорапи, чилаат по троседите, седмоседите, се молкнат на тркалезните и масите за двајца, четворица, дванаесетмина и дваесетмина, чистат кал од уши на шалтерите и дремат забрадени и смирисани на столчињата во чекалниците, а истите некогашни поздравени, додуша многу одртавени, ама пак неизгубени целосно, не забораваат да завртат глава в десно, да испапчат напред брада и со поткрени веѓи да премерат в ум: „Види го ти него - другар! Од каде тој мене – другар?!“

Јована МАТЕВСКА АТАНАСОВА

УДК 821.163.3-32

Виничанската шира

Влажна ноќ. Мириса асфалтот на мамурлук. На пролетта деведесет и втора. На чоколадо со јаболко и цимет и темно, варено вино и каранфилче. Стојам на делот од калдрмата која после децении го преживеала инфраструктурниот егзодус, везам некои претпоставки кои во умот засенет од староста се јавуваат асоцијативно. Ја гледам неа, косата врзана во марама, со лицето озарено, искапено во мајската призрачност, муграта на моето и нејзиното емотивно описменување. Омарнината како рингишпил ми ја поматува свеста и одеднаш таму сум: со раката на нејзиното запотено колено, ринам со носот по клавикулата. Потонат во зениците колку и мртвоморска депресија, се пијанев ко домашен глушец по бочвите во амбарите. Винограда беше мој порок, а јас боемот кој на неколку голтки не застануваше. Похотата ми се креваше ко зовриено какао во ѓезве. Мраморев пред нејзината совршено длетована фасада. Очите ѝ беа застаклени ко кратошиски езера, длабоки и црни, облачни. Изморени од водењето љубов папсавме во тревата, додека на хоризонтот пред нас се протегаа недобројни лозја. Природата маѓепсуваше, а ние двајцата сѐ уште се боревме за здив, како и плачковичките бумбари кои неуморно размафтуваа со крилцата. Се закикотува, со тресењето на петлето, скокоткајќи ми ги повторно животинските сокови. Од кошницата за пикник, доаѓа редот на домашното вино: ширата, омилена на мојата Вина. Наздравуваме и првата голтка ја далгува сласта пламена во нејзините црнки.

-Ја испрати мајка ми. Чинам посреќна е од мене што ќе ми бидеш невеста.- срамежливо се засмева, како да сака да ја скрие честа низ детинестите манири.

- Нетрпелива сум да се вселиме во куќата.

Купивме една куќа, стара градба, и не ми лекнува кога ќе ја спомене. Мамин син сум и сакам што подолго да се излежувам во татковата куќа. Одолговлекувам.

-Го поправивте столбот, нели? Безбедна е сега?

-Ахам.-незаинтересирано лажам, ширата со блажината веќе ми збрчи во главата. Не би сакал да ги слушам нејзините поплаки и кудот за мојата неодговорност. Има време. Барем така се оправдувам пред себеси. Маж.

-Имам чувство дека сѐ што е добро старее убаво. И градот како виното...Можеби и затоа го завикале така...Виница. Што мислиш?

-Поим немам.-муабетот од предмалку ме оддалечи, како да комуницирамe низ долга тунелска верига. Ме плаши ли бракот? Ми дава предвремена тревога, блиндира за опасност?

-Се смета дека за време на неколку сушни години, куќите биле малтерени со вино наместо вода. Којзнае можеби и темелите на нашата така биле создадени, прилично е античка.

Роденден ми е. И Винограда не се сети, но затоа наизуст ги знае теориите за општинска етимологија и останати бурлески. – Изморен сум.-луто пресекувам, ги тресам чичките и чеклазите. Винограда грижливо ми ја следи гестикулацијата како озрачена од општолекарско спознание. Не трепнувам додека се собираме. Ја земам и ширата со мене, дополу испиена. Чувствувам дека на таков начин доволно ја казнив, не знаејќи зошто. Како што мајка го отцепува детето од доењето, скратувајќи му го периодот на интимно, орално блаженство.

Виното од привидните темели на некој градежен костур изграден во Османлиско можеби, се спојува со нејзината невина и врела крв. Ја закопавме во венчалниот фустан. Не ја видов. Не можев. Виновен бев, Вино! Плачам одвнатре, не дозволувам тагата да набрекне, не откако жив ме изеде.

Мајка ѝ вриштејќи се фрла по ковчегот, месаријата и еден од носачите ја додржуваат да не падне во гробот. Се воздржувам и јас, стоејќи на пристојна далечина, со грижата на совест до мене.

„Ти подготви изненадување. *Ќе глумам дека сум заборавила*, *ќе го намамам во куќата,* рече, *имам нешто важно да му соопштам*.

Не кажа што, ама претпоставуваш. Ги загубивме.“- ги кине живците од заноктиците крвнички.

Се срушил таванот, колабирала конструкцијата најпрво на западниот блок.-ги слушам сенишно инженерите и пожарникарите како ни ја соопштуваат причината за несреќата.

Сирота. Беше толку млада и убава...плачат старите тетки. *Судбина. Куќата беше проколната*...-извесен период кружеа гласини, мора да се даде морбиден печат на несреќата, како да избегала и таа во будноста од зборникот на Цепенков.

Ми брмчат во глава секвенци од сѐ преживеано, од годините кога се изгубив себе. Стојам погребан додека багерот ја откорнува куќата како заб од корен.

Ја отпивам последната голтка од ширата, одвратна, пивтиеста и кисела. Си го повраќам џигерот со години, го барам нејзиниот вкус во секој лозов дериват, во цвет во ферментација, слаткавиот мирис на липите и хлорофилните мравки. Есента ги брише трагите на нашето последно лето, со мимикрија ескивирам уште еден длабок сон, мојата тага се припојува со раскишкавените патишта и влажните покриви, наталожените слоеви снег кои безмилосно ги кршат гранките.

Мојата несигурност ја уби, ми светнува, ме пресекува ко вински поток од Црн Камен, растопен рубин, ме зарежува ко лозница во февруари. Таков безсетилен траам, ѝ го насетувам мирисот на јавор и сандаловина. Таа...Таа е тука до мене, во мене, подостарена, со пепелави влакна кои неисфарбани стрчат од темето. Дали мојата колебливост повторно има главен збор и предомислувањето ме покорило, ја убило нејзе во мојата свест низ потсвеста? Или јас повторно сум се опил и од болка не го разликувам јавето од ноќта? Го залекувам грлото со уште неколку голтки црвено злато со вкус на шумски бобинки. Од тврдината погледнувам во постелениот ќилим, шантаво и магливо, гледам во мојата Вина, ВиноГРАД(а), Виница, мојата несудена невеста која никогаш повторно нема да биде невино легло на порививе, додека железните мравки ѝ раскопуваат утроба, а во мојата дланка победнички ме поразува светликавиот жиг на визата за назад ...во туѓина...

ДРАМА

Игор ПОП ТРАЈКОВ

УДК 821.163.3-2

Кога синот сонува

Ликови:

Синот, 19

Таткото, 80- од почетокот е присутен само со својот глас, потоа (кога таткото е присутен реално) е облечен во бела тога.

Сценографија:

Креветот е поставен вертикално и паралелно со публиката. Во креветот спие (во вертикална позиција се разбира) синот во една пижама која е со риги кои се слични со оние кои ги носат затворениците. Сцената во позадина има само еден бел екран (како за кино проекции и којшто ја зафаќа целата заднина од горе до долу). Кога едночинкава почнува на екранот има проекција која претставува студентска соба. Блиску до креветот (од неговата лева страна) е една работна маса, а од десно е една наткасна со лампа. И овие два објекти како и останатите кои ја означуваат студентската соба се проектирани на екранот. На подот се расфрлени предмети кои индицираат дека во оваа соба живее еден студент: книги, енциклопедии, компјутер...

СИНОТ (*Спие во креветот, покриен е со една покривка. Се разбудува, ги отвара своите очи со сонливост и гледа пред себе.*): И сега сум сосема сам. Немам луѓе; имам само природа. Типична ситуација за момче како мене. Знам дека е сѐ веќе организирано, во смисла на мојата блискост со моите пријатели. Сите се актери, учесници во оваа голема комедија. Кои се взаемните интереси? Природата, загадувањето, цврстината на нашите нерви, нашиот талент здружен со талентот на нашите пријатели... Сите живеат со останатите во оваа наша природа. Можеме да останеме заедно, кога сме со добро образование- и кога не веруваме во лукавоста. Треба да не ја мразиме осаменоста и треба да сакаме да сме заедно. Една ситуација која е така средена за нас. Ние сме со убавина, со младост. Не сме како оние кои се блиску до својот крај. Тие се од многу старото општество. Старите се со злоба, ја мразат убавината. Гледаат кон нас како ние да сме од друга планета. На пример музиката за нас е една сонлива креација, но таа според старите е една активност која ги вознемирува

нервите. Дојдов тука бидејќи сакам да студирам. Ми недостига природата, моето село... Мојата провинција. (*Синот излегува од својот кревет, ја соблекува пижамата и ја остава под креветот; под пижамата тој има облека на селанец, како селанец од својата провинција. Проекцијата на екранот сега е пејзаж со крави; како фон оди мукањето на кравите.*)- Зошто го напуштив моето село? Затоа што ми недостига технологијата, светот на цивилизацијата, светлините на велеградот. Но јас немам никого тука. Јас сум сосема сам. Но немам депресија... Не ја чувствувам депресијата... Ја немам депресијата? (*Влегува во креветот. Од под креветот вади едно тегличе со приспивни апчиња. Ги проголтува сите апчиња од тегличето сè до дното. Во тегличето не останало веќе ниту едно апче.*)- Пијам лекарства кога не можам да спијам. Можно е дека овој пат зедов премногу. Затоа што сакам да спијам? Или можеби вистинската причина е бидејќи сакам да го напуштам овој свет? Не! Сакам да спијам бидејќи сакам да го напуштам овој свет!! Не сакам да сум... мртов. Мојата пријателка Габриела ми кажа дека ме сака. Сакам да ги гледам очите на Габриела. Тие се полни со интелект. Таа сака да чита. Многу! Најмногу!! Таа не ја сака само класиката, туку и современата литература. Ги сака Барико и Сузана Тамаро, или Тамаро и Барико. Кој е поголемиот од нив двајцата? Според мене и Габриела-тоа е Сузана. Таа е една голема песимистка, но има решение за лавиринтот на животот. Таа нè зема за рака и влегува заедно со нас во опскурноста. Ѝ ја имам раката на Там... Габриела. Габриела каде си - толку е мрачно!? (*Синот е со своите очи затворени кон публиката.*)

ТАТКОТО (*Неговиот глас оди во оф се до местото каде е наведено дека се појавува на сцена.*): Отвори ги очите сине! Ти не си во мракот! Ти ги имаш пејзажите! Гледај ги пејзажите!

СИНОТ (*Се завртува кон наназад очекувајќи дека таму сè уште ја има проекцијата со пејзажот. Но проекцијата во позадина, непосредно пред синот да се заврти со погледот кон неа, станува црно бланко. Сега и целата сцена е осветлена со минимално осветлување.*): Габриела зошто ме напушти? Толку сум кревок кога сум без тебе. Зошто не ми телефонираш? Ти не одговараш на моите пораки, ниту на моите имејли... Така сум сам, те чекам, но не можам повеќе. Зошто не те најдов по лекциите за Питагора? Отидов да ги земам билетите за нашиот настан. Се случи

недоразбирање. Не разбрав дека ти ме чекаш сосема сама, во ходникот кој го мразиш најмногу од сѐ. Тој ходник кој е со имитации на дизајните на Енди Ворхол. Но и ти ми кажа дека те импресионираат боите на тој уметник од Њу Јорк. Гледаш ли дека и ти не си искрена? Ти ми кажа дека го сакаш она што не го сакаш, или дека не го сакаш она што навистина го сакаш... Како и сите девојки на твоја возраст. Јас мислев дека ти навистина ме сакаш. Меѓутоа ти ја сакаше љубомората на Стефанија. Ти имаше план како да не разделиш. Но ти имаше збрка во главата. Јас и Стефанија сме само колеги. Ние сме само пријатели. Ние од провинцијата сме такви-професионалци. Ние не сме сраснати со буржоазијата како ти.

ТАТКОТО: Таа е буржоазија! Таа е со злоба не ти! Гледај го пејзажот. Ти ме немаш видено. Умрев од треска предизвикана од дождот, додека ги пасев овците. Гледај! гледај!! Отвори ги очите! (*На екранот се проектира пејзажот со кравите, сцената сега е осветлена.*)- Ти никогаш ме немаш видено. Ти имаше само три години кога умрев. Ти сакаше да ја гледаш детската сликовница со Федра- ти се допаѓа ли тоа бледо куче со големи уши? Да? Ти си како мене; јас имав хумор, иронија. Чувствувам дека ти се сеќаваш на мене; дека ти се сеќаваш на она на што не се сеќаваш. Ти знаеш дека не ве напуштив вас двајцата; дека ве немам напуштено затоа што сум шпион или затоа што сум со криминал... Едноставно умрев од треска бидејќи бев доста стар. Мојот труп е во пештерата блиску до мелницата. Паднав во несвест додека се криев таму од дождот. Потоа ме победи студот и изнемоштеноста. Ти сонуваш многу за мене. Чувствувам дека е сѐ тешко за тебе. Ти сакаш да имаш малку помош од мене. Жал ми е, жал ми е... Не треба да поминуваш низ тие маки синко мој. (*Таткото почнува да плаче и продолжува да плаче додека зборува.*)- Ти си така сам. Ти ја имаш само мајка ти. Кажи ми, што сакаш? Ти ја сакаш литературата? Која е твојата омилена поговорка?

СИНОТ: Плачи повеќе, мочај помалку.

ТАТКОТО (*Сега се смее.*): Гледаш, ти си како мене. Ти си со иронија како и јас. Кажи ми ја вистината- ти сакаш да го напуштиш ова мрачно место?

СИНОТ: Не, сакам да го напуштам светот без љубов.

ТАТКОТО: Сѐ е без љубов. Љубовта е една голема илузија.

СИНОТ: ... што значи дека треба да напуштам. Зошто зборуваш како да си на местото на мајка ми- што значи дека кога ќе сум сосема стар да можам да видам дека животот е илузија?

ТАТКОТО: Љубовта не е единствената убавина. Погледни го сега пејзажот, почувствувај ја природата, мирисот на свежината.

СИНОТ: Го мразам пејзажот, смрдеата на овчите брбушки. Имам потреба од малку култура, цивилизација, од светот на уметноста... Љубов, ми треба љубов. Не да сум вака сам.

ТАТКОТО: Ти не си сам. Ти можеш да имаш пријатели. Ти ме имаш мене... Кога спиеш... Само додека спиеш...

СИНОТ: Зошто не ме пушташ да умрам? Го чувствувам студенилото, чувствувам дека сум речиси мртов. Смртта не е така грда. Смртта нѐ спасува од игнорирањето. Сонот содржи големо пространство. Во нашето сонување ја бараме љубовта. Габриела каде си? Чувствувам дека ти ме чекаш? Чувствувам дека ти сакаш да ми се јавиш?

ТАТКОТО: Ти ја чувствуваш неа бидејќи си по малку мртов, синко мој. Разбуди се! Разбуди се!!

СИНОТ (*Почнува да ги склопува своите клепки. Во оф прозвучува крчење на изобличен звук од звучниците.*): Габриела, и ти си блиску? Те чувствувам. Ти ме сакаш. Се сеќаваш на онаа ноќ кога отидовме во „Фулгор“ да пиеме едно еспресо. Тогаш ми рече дека не сум како сите останати момчиња, бидејќи мислам дека фудбалот е здодевен спорт. И ти ми кажа дека е интересно дека јас претпочитам забавни, а не уметнички филмови. Дека и јас мислам дека уметничките филмови се депресивни и со ефектот на кутијата на Пандора; во која уметниците од уметничкиот филм (кои се постојано грди и очигледно не се добро хигиенизирани) постојано зборуваат за срамни нешта од интимниот живот, како и за идеите на левицата кои потекнуваат од некој филозофски правец инспириран од хипокризијата, сексуалните перверзии и недостатокот на рационалност. Но забавниот филм е без хипокризија, тој едноставно зборува за лудоста на современиот свет; што е еден став со добро здравје, и зошто да не- со нашиот взаемен интерес. Тој интерес е да живееме заедно со многу љубов. Со среќа, не со филозофија.

Пејзажот исчезнува од екранот, и сцената е повторно мрачна, само еден рефлектор го осветлува синот.

СИНОТ: Габриела кажи ми, зошто не ми телефонираш? Можам да почувствувам дека си блиску.

Во мракот, во позадината на екранот се појавува еден пар на зелени очи. Очите плачат. На сцената почнува да врне.

СИНОТ (*Зема чадор од под креветот и го отвара вертикално над себе.*): Габриела, зошто си така тажна? Те молам немој да плачеш. Веќе е многу студено, и јас не можам да зборувам веќе со тебе. Многу сум уморен. Треба да спијам. Ќе ти телефонирам утре.

Дождот се засилува, почнува да грми.

СИНОТ (*Се гледа дека веќе не може да стои на нозе. Со дланката се држи за ивицата на креветот за да не падне.*): Не плачи веќе љубов моја. Твоите очи се убави кога читаш. Ти ги сакаш сонетите. Сакам кога ти ги читаш сонетите. Тие се една голема поезија. Поезија на сонот. Сонуваме заедно. Ти сонуваш за мене, јас за тебе. Љубов моја така е засекогаш... Како во делата на големиот поет од деветнаесеттиот век... Не можам веќе... Ќе ти телефонирам утре...

Татнежите на громовите и молњите се засилуваат. Синот го затвара и остава наземи чадорот, оди во креветот; се покрива со покривката. Но и сега во оф почнува брмчењето од расипан звучник. На екранот повторно се појавува пејзажот, но сега не е во сите свои бои, туку е само во сина гама.

ТАТКОТО: Разбуди се! Зошто не сакаш да се разбудиш? Ти не си маж

СИНОТ: (*Ги отвара малку своите очи.*)- Не можам. Не можам сега. Малку задремав бидејќи немав јадено добро.

ТАТКОТО: А да? Има една убава закуска под креветот. Еднаш ѝ кажа на мајка ти дека си алергичен на тестенини со туна од конзерва. Немој да ме мамиш. Тоа не ти личи бидејќи си голем како и јас, богот.

СИНОТ (*Со уморни движења станува; креветот се завртува 180%; од другата страна на креветот има шанкче на кое е сервирана тестенина со туна од конзерва. Синот стои пред*

шанкот. Синот јаде брзо и со страв, пие од пенливото вино кое е исто така сервирано со тестенината. Сервирана е и салата; синот исто така најбрзо можно ја јаде и салатата.)

Креветот се враќа за 180% во својата претходна позиција. Синот легнува (стоечки) во креветот; во тој миг креветот паѓа во хоризонтална позиција, како и истовремено во позиција паралелна со публиката. Во тој миг започнува во оф „Dies irae“ од реквиемот на Верди; сега започнува проекцијата на големи огнени јазици на екранот; од зад креветот се појавува и таткото облечен во тога.

ТАТКОТО: Живеј... Живеј... Сине мој... Ти си најдобриот од сите нас... Ти сакаш... Ти навистина сакаш...

Телефон почнува да звони и со тоа престанува проекцијата на огнот зад креветот. Сè што не е реално исчезнува заедно со таткото. Сега во позадината се проектира sид на обична студентска соба, со залепени постери.

СИНОТ (*Се буди, сега е повторно во својата пижама. Го зема телефонот кој е на подот, блиску до креветот.*): Да... Габриела... О Габриела... Ти си на екскурзија на островот на мачките?... Добро... Не можам сега да зборувам, ќе ти телефонирам по десет минути. (*Го затвора телефонот, зема една кеса од под креветот и повраќа во неа. Со олеснување, и со релаксираност во својот глас зборува самиот со себе...*)- Драга Габриела оди во бестрага! (*Го зема телефонот и телефонира.*)- Здраво мамо, мислам дека знам каде се наоѓа тато...

Сите рефлектори се гаснат, само проекцијата на огнените јазици на екранот останува. Значи во преден план е силуетата на синот на креветот со проекцијата на огнот во заднината. Во оф оди крешендото од реквиемот.

Забелешка од авторот: Овој текст беше во финалето на интернационалниот поетски и театарски натпревар: International Poetry and Theatre Competition "Castello di Duino" 2016. Текстот е изворно напишан на италијански. Ова е преводот на македонски од страна на авторот.

СОГЛЕДБИ

IN MEMORIAM: ПАНДЕ МАНОЈЛОВ

УДК 929Манојлов, П.

Кратка биографија

Панде Манојлов (2 мај 1948 година, с. Породин, Битолско – 7 ноември 2020, Битола) е поет, прозаист, критичар и новинар. Гимназиското средно образование го завршил во Гимназијата „Јосип Броз Тито“ во Битола. Студирал правни науки во Загреб (Хрватска) и Скопје каде што и дипломирал. Во македонската литература се појавува 1967 година, објавувајќи свои песни во тогашните весници „Студентски збор“, „Млад борец“, „Нова Македонија“, „Трудбеник“, како и во битолското списание за литература, култура и општествени прашања „Развиток“. Подоцна, свои песни објавува во речиси сите литературни списанија во тогашна Република Македонија, но и во списанија во другите републики на некогашна Југославија.

Панде Манојлов е автор на 30 книги:

– „Црвен немир во црвено пламти“, (поезија, 1971),
– „Cosвездие на болот“, (поезија, 1977),
– „Песни за Тито“, (поезија, 1983),
– „Огнена земја“, заедно со Љубомир Груевски (поезија, 1983),
– „Блажевина“, (поезија, 1988),
– „За Битола, вековите и љубовта“, (поезија, 1989),
– „Срца, булки и снегулки“, (поезија за деца и млади, 1997),
– „Македонски поетски молк“, (поезија, 1997),
– „Обид да се влезе во нулата“, (раскази, 1996),
– „Лет во сонот над Ајфеловата кула“, (поезија печатена напоредно на македонски и француски јазик, 1998),
– „Стап“, (раскази, 2000),
– „Талија на битолската сцена“, (театарски критики, 2003),
– „Песни за Никола и Дамјан“, (поезија за деца и млади, 2003),
– „Љубов и чемер“, (поезија, 2005),
. „Тевекелиски песни“, (поезија, 2008),

– „Битола, љубов моја“, (поезија печатена напоредно на македонски и англиски јазик, 2009),
– „Месечина со превез“, (поезија, 2011),
– „Сонувај добрина“, (поезија за деца и млади, 2012),
– „Последната корида на душата“, (раскази, 2014),
– „Ветровито време“ (поезија, 2015),
– „До Учителот – низ сито и решето“, (биографија или сведоштва од патешествијата на мултиинструменталистот Вангел Мачковски, 2015),
– „Далечен сон“, (поезија, 2016),
– „Сонот на детството“, (раскази за деца и млади, 2017),
– „Глас од душата“, (поезија, 2018),
– „Прегрни го светот“, (поезија за деца и млади, 2018),
– „Мајчин јазик“ – „La langue maternelle“ издание на Ėditions Institut Culturel de Solenzara , Paris, France (поезија напоредно на македонски и француски јазик, 2018),
– „Копнеж по времето“, (поезија, 2018),
– „Песни за Палестина“, (поезија, 2019),
– „Јужни песни“, (поезија, 2019) и
– „Егзотичен ветер“, (поезија, 2020).

Со свои песни и раскази е застапен во неколку избори и антологии во земјата и странство. Најмногу е препејуван на арапски јазик и негови песни на арапски јазик се објавувани во над петнаесет држави од арапскиот свет.

Поединечни песни на Панде Манојлов се објавени во повеќе држави и на следните јазици: англиски, француски, руски, турски, германски, романски, италијански, арапски, српски, бугарски, хрватски, бошњачки, грчки, полски, унгарски, башкириски, татарски и други јазици.

Добитник е на повеќе значајни награди од областа на литературата: највисокото признание на градот Битола – наградата „4-ти Ноември“, наградата за најдобра поетска книга за деца и млади „Ванчо Николески“ на ДПМ, наградата за најдобра поетска книга за возрасни за 2019 година „Ацо Шопов“ на ДПМ, истоимената награда „Ванчо Николески“ за поетска книга за деца и млади – Битола, награда за песна на литературната манифестација

на ДПМ „Празникот на липите“, награди за раскази на весниците „Студентски збор“ и „Нова Македонија“, втора награда за сатирична песна на Фестивалот „Ин Виница веритас“, наградата „Струшко изгрејсонце“ за најдобра книга за деца и млади во 2012 година, наградата „Последните селани“ (2015) на издавачот „Феникс“, Медал „Мажит Гафури“ за најубава песна од странски автор (Уфа, Башкортостан, Руска Федерација), Признание за заслуги на Државата Палестина (2017) и други.

Член е на Друштвото на писателите на Македонија од 1989 година, член на Македонското научно друштво – Битола, член на Друштвото на независни писатели на Бугарија, почесен член на Македонското литературно друштво „Григор Прличев“ од Сиднеј, Австралија, како и член на Асоцијацијата на писателите од Калифорнија, САД.

Во продолжение се дадени извадоци од книжевни осврти за некои од неговите понови дела.

.....

Книгата поезија „Ветровито време“ на Панде Манојлов е контрасно понирање во дамарите на исконот и коренот на идентитетот, во одгатнување на светоста на припадноста, на недосежноста на тајните на времето, на носталгијата по ветриштата кои му пркосат на просторот.

...Во инспиративното пеење за магловитото живеење, Македонија е првата верзална буква од секој пасус на библиографијата на постоењето.

...Под мазноста на површината на песните се наsира сета тажна рапавост на животот. Таквата текстура во разнослојни градации растрира впечатливи слики во кои осликаноста на деталите ги доловува вредностите на живеењето кои облагородуваат, а секој поединец е точка во резолуцијата на битмапата на родот. А токму љубовта за родот и татковината е препознатливоста на Манојлов, неговата втемелена сигнатура.

...Пеејќи со љубов за која „и во смртта збогум ќе нема“, Манојлов прозвучува предупредувачки и корективно во поставка

со која го утврдува соодносот на постој(а)носта и минливоста, на опфатот и недофатот, на пишаното и запишаното. Осликува и реконструира слики во кои пламти споменот на огништето татково кое топли со разжарена среќа и добрина, говорливи слики во кои пека желбата за вдомување во простор без граници кој ќе биде азно на љубовта за многу генерации. Во врутокот на нивното именување извира желбата да се разотворат портите, да се надминат границите, да се збришат оградувањата и разграничувањата, „човек човека да сака“, да се залечат сите рани, да се слееме во едно, да сме – Сите, а не – Сами.

Празни се фуснотите на непрепознатливите форми на човечките видоизменувања. Незаситноста е топоним на бездната „која демне како крик на галеб“. На неотворената страница на векот гневните со јагленот на предизвикот бележат нови писанија во судбината на идното време. Се чини како да нема друг излез освен – збег што подалеку од сите, па и од себеси...

Но, Манојлов е прагматичен. Подготвен е и да замине стоички од овој свет полн со светост во душата и со ѕвездена љубов за Татковината во срцето. Кај него нема двосмисленості. Има единствена вистина која го носи името Љубов. И – тој љуби, неуморно ја љуби и тоа македонски ја љуби Македонија. Македонија е неговата судбина... (**Весна Мундишевска-Велјановска за книгата „Ветровито време“, изд. „Дијалог“, Скопје, 2015 г.)**

.....

Словото односно Зборот се наоѓа меѓу сите почетоци и прапочетоци, меѓу сите облици и праоблици. Во тие значења ќе се препознае ритуалот - човечка манифестација која го потврдува цикличното повторување и дијалектичното менување надвете елементарни енергии - таа на животот и таа на смртта.

А, пак, токму во магиското и ритуалното се кријат почетоците, а без ритуал и без обичаи, нема култура, национално и културно наследство, народно богатство и фолклор. На овој начин ќе се

читаат и стиховите од оваа книга – поезија „Егзотичен ветер“ на Панде Манојлов. Токму во оваа смисла, поезијата која ја читаме, говори гласно и чисто, без предомислување за корените и за македонштината. Преку „сплин и идеал“ - романтичарски дефинирано, меланхолично и осамено, овие стихови се вистинска симфонија на тагата на еден човек.

Поетот Манојлов пишува, а човекот „со болки и радости“ зборува гласно од понорот, од најдлабоките и скриени точки на светот. Со„проста и строга македонска песна“ каква што ја нарече Блаже Конески, елегиски и експресионистички како кај Рацин, а меланхолично туку-речи бодлеровски осамено, а сепак во автентична поетска реч која ја обзема сета душа и вгнездува надеж, песните на поетот Манојлов се утехата за човекот.

...Во облик на Одбрана на поезијата, одбрана на својот народ и себеси, на почетокот и на крајот на книгата - поезија, Манојлов суптилно наметува „имплицитна“ публика. А конечно, вистински на крајот ќе ја распостели пред читателот вистинската животна порака за поезијата, парадоксално порачувајќи:

„Не смеете
да го читате
Тин Ујевиќ...“ (**Симона Ристевска „Повторно ќе из’рти семето на надежта“ кон „Егзотичен ветер” на Панде Манојлов или Одбрана на поезијата)**

.....

„Ветровито време, синтагма која ја определува суштината на една нова филозофски јадровито исполнета поезија. Ветерот и времето како непостојани, несигурни категории кај човекот будат страв од неизвесноста, од недореченото, од непосакуваните промени.Тој неспокој на поетот Панде Манојлов низ педесетината песни во оваа најнова стихозбирка конотира нови семиотички значења на лексичките единици татковина, судбината на поетот, родот и родниот кат, современите опстојби и состојби.. Во тој

контекст евидентни се нишките на еден експресионистички строеж, односно вистината дека

„Колку да не сме надвор
од дијалектиката на генот,
од биографијата
која со векови
сами си ја пишуваме!“
(„Дијалектиката е нешто друго“)

Но, ако генерално поезијата на Панде Манојлов ја определуваме како ода на патриотизмот, сепак таа има и повисоки дострели, зашто за поетот патриотизмот не е само љубов скришна и тајновита, љубов горкорек и љубов стамена туку во овие поетски записи тоа е љубов со универзални значења, со еден космополитски стремеж во духот на еден Рацин да се почитува и коренот и родот исто толку колку што во срцето носиме љубов за оние што нѐ почитуваат.

Постојан, богат, замислен над судбината на поетите не само како индивидуи, туку како уметници кои низ сопственото вдахновение создаваат вистини и висини кои се потрајни од реалноста, кои привидот го вообличуваат во нови закономерности на универзумот, поетот споделува и прашања и верба во моќта на зборот и на уметноста воопшто .

Така населените простори на душата несомнено не значат само ослободување на мислата туку и најискрено верување во идејата дека смислата на создавањето на поезијата не е во миговноста, во величието туку во разжилувањето на безвременоста за опстојот на родот и родината, но и најсилен отпор против неверците и непрокопсаните лунѕања на истрајвекот.Ваквиот глас и одглас на Панде Манојлов е силна брана, изоран угар, растопено наметиште од кристализирани фрази. Затоа што „животот/ е коњ што бодина/ и мора да се јава/ ветровито да се јава, подалеку од пеколот/ до небото горе“. („Смислата на животот“). **(Милица Димитријовска Радевска „Поетската аура на ветрот и времето во поезијата на Панде Манојлов“)**

.....

Зборот утеха гради кореференцијална врска со себството, значи тоа е сокровиште и одговор на поетскиот изблик во однос на перцепцијата на светот и начинот на кој се гради камче по камче мозаикот- живот.

....Стихозбирката „Утеха“ конципирана како избор од 7 циклуси опфаќа повеќе мотиви и различни пристапи кон одредени актуелни, провоцирани, но и повторно возобновени согледби на поетот....Од првата песна „Убавина“ од првиот циклус **„**Ведрина. Денови“...до последната „Кукулеле“ од циклусот „Битола што ја љубев“, се потврдува подрајчето на пеење, извориштето на инспирација, тајната на неговиот родопис- Битола, но не само како топоним, како татковина, како средиште на Универзумот, како лек за љубовта, како трајна меморија за неговите мемоари-туку како душа која живее и патува низ неговиот одболуван стих, низ неговата радост за љубење на животот тука во пределите на сонот за неа. Ако за Владимир Костов тоа можеме да го речеме за прозата, тоа тогаш е Панде Манојлов во поезијата.

Циклусот „Осама“ е душата на оваа стихозбирка, остенот со кој се ваби светлината. Со претходните песни поетот Манјолов како да нѐ подготвувал за влез во светоста на храмот наречен човечка душа. Песната е нејзиното тело, песната гори, баботи тој оган во срцето за да го осветли и освети мракот, темнините сокаци низ кој минува човештвото. Песната утеха го кова клучот и катанецот за да ги поштоми сите недостојности, сите подлости, сите назабени загризи на омрлушените нискости.

....Последниот циклус „Битола“ што ја љубев, сам за себе може да се разгледува од повеќе аспекти, не само во однос на јазикот, версификацијата, туку и во однос на еден поттик истите да бидат реален прозен запис за Битола и битолчани, тоа е поетот-хроничар на своето време. ....Битолскиот дијалект колоритно ја збогатува сликата за она што сме затоа што „само ѕвезди сме/ меѓу ѕвездите,/ еден ден/ што ќе згаснат! “ (Бисер е мигот). И на крајот можеби за еден нов почеток неговото величество поетот како последниот трубадур на ренесансата на своето време ја запишал песната:

„животот е ден кукулеле,/ свилена страница/ во сонот на мојот народ!“ Тоа ослободениот збор, тоа зборот што патува низ сите времиња и низ сите морња и океани е траен запис, пергамент на кој е исткаен зборот утеха-долг и незаборав на поетот.“ **(Милица Димитријовска-Радевска „Кристална решетка на поетскиот изблик во стихозбирката „Утеха“ од Панде Манојлов)**

.....

Поезијата за деца во Македонија, во последно време, на сечија радост, а особено на радост на најмладите читатели зема голем замав.

...Книгата поезија за деца со наслов *Прегрни го светот* е содржател на токму такви лирски песни за деца кои потекнуваат од секојдневието на детето и кои детето со првото читање ќе ги почувствува како свои. *Прегрни го светот* содржи 47 песни групирани во три дела со наслови: *Поваму, потаму, пак сите ние заедно* (17 песни)*, Од зима до зима* (15 песни) и *Во царското детско село* (15 песни)...

...Несомнено најинтересен, содржински - најбогат, рационално - најпредизвикувачки и емоционално најинтригантен е третиот дел со наслов *Во царствто детско село.* Во овој циклус, поетот употребува специфичен поетски код исполнет со оксиморони, метафори, комични дијалози и неологизми, но и ритмичност која се постигнува со често употребуваните паралелизми, парафрази, асонанци и алитерации (*...едно маче,/ едно/ мало маче,/ едно/ мало прваче... – Мау Цик; ...за мир во речниот вир,/ за мир/ во ветров пир,/ за мир...)*, правилното менување на ритмичките стапки (*...дојди глувчо,/ дојди Цик,/ некој вака,/ нек не слика,/ со насмевка/ на усни,/ весело што блика! – Мау Цик)* и богатата рима која ги врзува стиховите (*грачат-плачат, сега-жега, црн-трн, гора-зора, стројни-војни, тајни-сјајни, ждребе-бебе, кликна-рикна, чудо-рудо, чеза-бреза, таваните-аваните, македонски-гуглдонски, писмена-нема, Рацин-Страцин,...)*.

.....Детето читател ќе се насмее од здравиот хумор во песната *Магаре и компјутер* во која на магарето бебе за да не плаче, мајка

му му купила компјутер со парите што ги добила од продадениот самар, но и покрај нејзиното поучување, магарето извикало: *Мамичке мила, не го сакам ова чудо!/ Пуштете ме да си играм со јагнето рудо,/ во ливадата цветна, крај бистрата река,/ мојот интернет профил таму ме чека!*

Книгата завршува со шест гатанки обединети под насловот *Гатанки на царот* во кои римата, луцидноста и здравиот хумор се основните одредници.

Прегрни го светот е поетска книга за деца во која детето може да прочита за љубовта, за семејната среќа, за другарувањето, за еколошката свест, за филантропијата, за природата од која човекот ја црпи сета своја енергија, за животот на тинејџерот во кој Фејсбукот и Инстаграмот заземаат централно место, за менувањето на паардигмите во воспитно-образовниот процес, за луцидноста на ликовите – репрезенти на личностите кои ги среќаваме во секојдневието, за човечките доблести и недостатоци искажани преку говорот на животните како ликови, за децата, за дедовците, за бабите, за мајките, татковците и сите најблиски и нивната улога во животот на детето... Ова е книга во која е кодирана детската душа и која претставува неповторлив и оригинален литературен знак кој детето ќе го почувствува како свој!“ **(Даниела Андоновска-Трајковска „Лирската песна како естетски знак на детската душа во творештвото на Панде Манојлов: осврт кон книгата поезија „Прегрни го светот“)**

.....

Книгата поезија „Далечен сон“ од Панде Манојлов е составена од 49 песни организирани во четири дела со следниве наслови: Елегија, Молитва, Емоција, Поет. Од сите се чувствува непреболот на Македонецот поврзан со родното огниште.

.....Лирското Јас ја исплакува судбината на Македонецот кој како вејка на ветерот или своеволно се откинува од својот корен или насилно му ги отсекуваат пипците со кои имал право на својата земја и заминува во туѓина. И за среќа или за несреќа, тој никогаш не го заборава својот корен, затоа што откинувањето боли

и по многу изминати години. Манојлов осознава дека печалбарот секогаш е туѓинец и во својата и во туѓата земја и дека во него тагата цути, а среќата е превртена наопаку. .

И не е само туѓ туѓинецот во туѓа земја – туѓ е и Македонецот во својата земја, затоа што пеколот сами си го создаваме - повеќе не го препознаваме братот (*Како слепи да сме/ од брата ослепени,* „Туѓи на своето“) и повеќе не го уважуваме коренот. Сами си ја кроиме судбината, а не можеме да ја видиме големата слика (*Како да сме самите сосидани/ од сопствените раце/ во сопствени зандани,/ како самите да сме сиги ставиле челичните окови/ на сопствениет нозе/ како самите да си го врзавме/ јажето на бесилката во својот двор...,* „Туѓи на своето“)..

....Постојано се испреплетуваат поетски слики во кои се препознава македонскиот идентитет преку директното и индиректното укажување на Константин Миладинов (*...ах, орелски крилја как да си метнех/ и в наши стрни/ да си прелетнех,* „Малме“), Рацин, Цепенков (*за мене Силјан Штркот/ од светот на минатото,* „Малме“), но и такви кои се врзуваат за Шведска како нова татковина (*Шведска е нов Нобел,/ нов пат кон рајот/ и светлината на небото,/ а Македонија/ ми е и сон/ и љубов/ и над љубовта/ света љубов...,* „Малме“).

...Во однос на јазикот што го употребува Панде Манојлов, може да се рече дека фономорфолошките стилски фигури се негова стилска особеност. Со нив тој додава музика на своите стихови и ја определува ритмичноста на стихот. Асонанцата како повторување на исти самогласки во стихот или стиховите (*Или мирисот на липите/ во опој/ те кани?,* „Земи ме“) и алитерацијата како повторување на исти согласки (*Молчиме!/ Македонски молчиме/ и молиме*, „Молчиме“) му помагаат на читателот гласно да го изговори стихот и да интернализира за да ја поттикне емоцијата, а потоа и мислата која најчесто и не се крие во конотатите, туку е јасно артикулирана и тоа во најчиста форма на крајот на песната. Анафората е најчестата фигура со која поетот ја засилува емоционалната страна на песната: *вината во татковината./ вината во неа што ме нема,/ вината во неа што не нема/... Изгубените и протераните,/ изгубените и откорнатите...*

(„Вејка“) но и со полисиндетот (*И плевната на прадедо ми/ и сламената колиба на дедо ми,/ и старата куќа на татко ми,/ и оџакот од плитар...,* „Вејка“) исто така успева да стави нагласок на секоја од поетските слики кои се нижат најчесто и градациски(*од Америка до Канада,/ од Австралија до Нов Зеланд,/ од Шведска до Германија/ и од џенем малку потаму,* „Вејка“). Парономазијата секогаш е интересна во стиховите на Манојлов: *Како слепи да сме/ од брата ослепени,/ како слепци да сме/ слепи на видело,/ како сираци да сме/ сиреч сироти,...* „Туѓи на своето“).

Од синтаксичките фигури се сретнува реторичкото прашање (*Што ли блика/ од таа тајна пет метри в земја?* „Бунар“), но и инверзијата (*Како во заборав темен, како во сен,/ на некој прастар во гората, сувкав дрен...* „Честитка“).

Од семантичките средства најчеста е компарацијата (*...крвта би ми вриела/ како крв/ на планински рис,* „Куќа од стихови“), потоа метонимијата (*Во Шведска/ ден убав барам/ и одмор/ и парче/ питачки леб/ а не сонце,* „Бунило“; *Мразот го оковал брегот,* „Мостови и кафези“, *како никој по толку години/ да не го прочитал Рацин,/ како никој да не го разбрал/ Делчев војвода,* „Тага“), па метафората и епитетот. Метафората најчесто се сретнува во форма А е Б: *Есента / е огнено копје за разделби* („Пријатели“), но и како полнокрвна метафора исто така: *во времето кога секој Македонец/ на Македонецот в грло му скокал!* „Тага“, *Понекогаш се слуша смртта/ на неиспиленото,*„Бунар“). Не е ретка и персонификацијата: *Молчат/ алеите во паркот/ покриени со снег* („Молчиме“) **(Даниела Андоновска-Трајковска „Туѓи во туѓина – туѓи на своето – за книгата „Далечен сон“ од Панде Манојлов)**

.....

Конечноста на мигот, мислата прострелана во иднината која за миг станува минато, сегашноста која не постои, затоа што не можеме да ја спознаеме и да ја измериме со мерна единица без таа да индицира на нешто што поминало е предмет на поетска

елаборација на новото поетско дело на Панде Манојлов *Копнеж по времето* за кое и ја добива наградата *Книжевен круг за поезија 2018* која ја доделува Друштвото на писателите „Битолски книжевен круг“. Оваа поетска книга содржи 33 песни кои се организирани во два поетски циклуса со наслов *Фрлена е коцката* (23 песни) и *Незаборав спомени* (7 песни).

Првиот циклус со наслов *Фрлена е коцката* алудира на неповратноста на случувањата, на зборовите, на одлуките, на миговите, а со тоа и на каузалниот однос меѓу нив со кој се определува причинско-последичната поврзаност на појавите и нивната меѓусебна условеност. Сронетиот збор може да биде причина за една насмевка да се развлече на пладне кога сонцето ја распукува земјата, но тој може да биде и причина за една солза да се пролее и да се стркала од внатрешната страна на стаклото со кое се врамува еден поглед врз денот...

.....Особено интересна од аспект на кодот е песната *Воздишка* која стилски е поразлична од останатите песни, но и од сите претходни поетски творби на Манојлов. Во оваа песна, која е најкратка во оваа книга, преку кодирањето на воздишката повторно се укажува на миговноста, на краткоста, на секавичното одминување на сѐ што се случува. Од друга страна, се укажува на релативитетот во однос на перцепцијата на силата и моќта. Една воздишка може да ја стресе земјата, затоа што таа може некој да ја доживее исто како свирењето на Везуф: *Стенка Везуф,/ земјата се тресе:/ некој во облаците/ си ја зборавил/ позлатената флејта/ и залудно сега/ вулканот/ во неа свири (Воздишка,* стр. 35).

Во вториот поетски циклус со наслов *Незаборавни спомени* Манојлов пее за Битола, за неговите најблиски по крв, но и по градски соживот, за времето што поминало, за тоа што оставило печат врз душата на Битола, за луѓето, за песните, за боемштината, за Корзото, за Драгор, за Офицерскиот Дом, за Саат кулата, за песната на Ајри, за пајтонот на Манди, за Мас Пазар, за локум-кафето на Широк Сокак и лаф-муабетите, за Боцкинот со виолината, за Чаршијата и Шеталиштето,... Љубовта на поетот кон Битола е вечна затоа што се распостила меѓу секоја честичка на постоењето на спомените кои како втиснат печат во песните нема

да се заборават... *до смрт/ битолски/ да те љубиме/ и со љубов/ онаа нашата/ да ја пееме:/ Битола,/ мој роден крај...* ....И на крај, ќе заклучиме дека поетот-коцкар никогаш не ја изгубил партијата, затоа што целта никогаш не била да се победи смртта, туку да се најде мудрост во неа! (**Даниела Андоновска-Трајковска „Поетот помеѓу лирското Јас и зборот во времето кое има само минато: кон „Копнеж по времето“ од Панде Манојлов)**

.....

Најновата поетска книга од нашиот познат поет, прозаист, критичар и новинар Панде Манојлов има наслов „Глас од душата“. Оваа е негова 25-та книга (вкупно) и 18-та поетска книга.

...Оваа најнова поетска книга од Панде Манојлов има вкупно 75 песни и авторот ја поделил на три поетски циклуси и тоа: „За навек“, „Имагинација“ и „Гласот на еленот“. На крајот од книгата има кратка биографија за авторот.

Првиот циклус со наслов „За навек“ содржи 19 песни, главно со нагласена патриотска тематика. Тематика која е "diferencia specifica", знак на препознавање за поетското творештво на Панде Манојлов. Всушност, песните од овој циклус можат да се поделат на две групи: прво, песни посветени на одредени познати личности (Блаже Конески, Гане Тодоровски, Анте Поповски, Вапцаров, Ботев и др.)и второ, патриотски песни посветени на Македонија (Македонска песна, Мојата земја, Татковина, Каменот од Македонија и др.).

Овој циклус започнува симболично со песната „Блажевина“, која има ист наслов како и неговата поетска збирка објавена пред 30 години. Во таа поетска збирка (објавена во 1988 година, од страна на издавачката куќа „Мисирков“ од Битола) Панде Манојлов прави еден „редок истражувачки потфат“ (Науме Радически, во рецензијата за книгата „Блажевина" Манојлов: 1988) затоа што многу успешно ги компонира сите триесет и една песна (колку што има букви во македонската азбука) така што секоја песна почнува на по една буква од азбуката. Како што пишуваше

во рецензијата познатиот професор и литературен критичар Науме Радически, тоа беше „редок или дури можеби и единствен обид“ (рецензија за книгата „Блажевина“, Манојлов: 1988). Во таа своја поетска книга Панде Манојлов презентира една „поезија на тивка тага“ (Ефтим Клетников во рецензијата за "Блажевина", Манојлов: 1988).

....Може да се зборува за континуитет во поезијата на Панде Манојлов и по изборот на тематиката која е присутна во оваа поетска книга, но и по длабоката лирика и мисловноста во неговата поезија. Така, контемплативноста е нагласено присутна и уште пред 20-тина години може да се сретне и во насловите и во содржината на неговите песни уште во поетската книга издадена двојазично (на македонски и француски јазик) „Лет во сонот над Ајфеловата кула“ (1998). Тоа може на пример да се сретне во двете негови песни „Размисла“ и „Приспивна“ (Манојлов: 20-23). Таму со еден сублимиран поетски јазик доаѓа до израз контемплативноста на неговата поезија.

....Палестина е една од највпечатливите теми во поезијата на Панде Манојлов. Тој уште во1982 година студентските денови ја напишал песната „Палестина љубов моја“, која некои ја сметаат како неофицијална химна на Палестина и која потоа стана многу популарна во арапскиот свет. Всушност, поезијата на Панде Манојлов е многу популарна во арапскиот свет и посебно во Палестина. Веројатно тој е еден од нашите најпреведувани поети на арапски јазик. За тоа, тој има добиено и бројни признанија и награди ...

...Слично пее Манојлов, за жалната судбина на некои поети, во песната со оксиморонски наслов „Крал во поетска република“. Насловот е оксиморон, затоа што крал има во кралство. А дали може да има крал во република? Да, може да има крал и во република, ама само ако е таа поетска република....

….Сакаме да веруваме дека поетскиот кујунџија од Битола, како што го нарекува Панде Манојлов, академик Владимир Костов, (пошироко може да се види во извонредно стручниот и опширен текст кај Костов, 2012:104-115), од поетското ништавило (присутно во двете последни песни од оваа „песнарка“, како што

се изразуваше великиот Гане Тодоровски – „Канон за ништото“ и „Ништо“) ќе искова почивалиште за нови поетски подвизи. (**Златко Жоглев „Најнови бисери од перото на битолскиот поетски кујунџија“, кон најновата поетска книга „Глас од душата“ од Панде Манојлов, изд. Матица македонска, Скопје, 2018 г.**)

Звонко ТАНЕСКИ

УДК 821.163.3-1(049.3)

Цикличноста на формите во поетскиот израз на Ристо Василевски

(Поговор кон словачкото издание на книгата *SRDCE KRUHU* од Ристо Василевски,
(Bratislava: Spolok slovenských spisovateľov, 2020)

Делото на значајниот дводомен македонско-српски поет, есеист, книжевен критичар, преведувач, составувач на бројни антологии, издавач и академик Ристо Василевски (1943) е во Словачка досега, за жал, малку познато. Независно од неспорниот факт дека станува збор за навистина исклучителна личност од корпусот на современите јужнословенски книжевности, до неодамна беа преведени и издадени на словачки јазик само неколку негови песни во културната периодика. Се работи за исклучително плоден и, пред сè, квалитетен автор, чие творештво е преведено на повеќе од триесет јазици. Василевски е наедно и носител на многу престижни книжевни признанија ширум светот, а за неговиот творечки опус се веќе издадени и неколку научни публикации. Сето тоа се потполно оправдани причини што ни даваат право да ѝ посакаме добредојде на прилично обемната книга поезија *Срце круга (Оди во кругот)* во превод на словачки јазик на познатата поетеса и млада славистка Катарина Џункова. Веднаш на почетокот бев убеден дека без никакви забрани треба да се поддржи овој издавачки потфат, кој најпосле беше професионално реализиран од страна на Друштвото на словачки писатели со седиште во Братислава.

Кога ќе го дочитаме ова прво словачко издание од поезијата на Василевски, можеме најпрвин со голема доза на сигурност да констатираме дека Ристо Василевски како искусен поет ја тематизира првенствено човековата немоќ пред Божјата

креација и поредок дури и тогаш кога човекот е милосрдно даруван од раката на Творецот. Оттаму извира и истакнатиот стремеж на споменатиот поет да се навраќа кон елементарните, дамнешни прапочетоци и кон суштинските елементи на Божјата семоќ и добрина како кон тема за целиот циклус од сите понудени оди, во оригиналниот јазик игриво преименувани во израз на согласност и афирмација „*О, да*, односно. *(о)да*“ (*Ó, áno – óda* - словачки). Душата, иако слободна, во оваа поезија на Р. Василевски претставува зрак на микро и макрокосмосот, па затоа и се јавува како основна космогониска единица, која ја развиорува ославата на формите и на останатите поими (*материјата, зборовите, гласот, празнината, свеста, лебот, правта, времето, имагинацијата, разумот, меморијата, страстите, млекото, светлината, песокот, громот, темнината, патот, тркалата, стравот, убавината, јаболкото, совршеноста, иднината, детството* итн.), непрестајно се движи на крстопатот меѓу светот на живите и светот на мртвите, меѓу егзистенцијата и неегзистенцијата, меѓу стварното и метафизичкото, што сетне го симболизира и трајното кружење на нивната заемна обновливост. Тоа е така бидејќи секоја доба, па и оваа нашата во која сега живееме, апокалиптична и во многу нешта расипничка, се труди да го запре и да го кристализира неповторливиот човечки запис на нејзината онтолошка состојба во одредена форма, која има сопствен скриен систем, свои невидливи правила.

Во поетското творештво на Ристо Василевски, значи, се среќаваме со циклични форми на изразот во случаите на т. н. оди. Експресивноста на уметничкиот израз на Р. Василевски во конкретните песни (оди) е наизманично инхерентна и адхерентна. Типични инхерентни експресивни средства за Ристо Василевски претставуваат некои од милозвучните зборови со сликовито значење. Нивната експресивност, впрочем, не е стекната, туку е примарна, првична. Адхерентната експресивност потоа претставува стекната, секундарна карактеристика на зборовите и најчесто произлегува од останатите значења на изразот. Од друга страна, пак, иконичноста на изразот на Василевски е во функција на потенцирањето на вербалната порака при искажувањето

односно при отсликувањето на стварноста, која ја опфаќа во себе и врската на пораката кон истата таа стварност (процесот на создавање на поединечните песни, т. е. оди). Ваквите два аспекти на вербалното искажување биле предмет на поучување за поетската, т. е. за реторичката уметност уште во античките поетики и реторики, кога одата како жанр почнала да се раширува. Меѓутоа, кај Василевски е освен тоа видлива и т н. контемплативност на изразот како сосредоточено размислување, осмислување и приврзување кон „човековите нешта“ и кон тајните на светот. Раѓањето на контемплацијата како психичко-духовна активност на човекот е поврзано со неговиот дамнешен, привичен восклик во светот, со неговиот восхит кон светот и со размислите за смислата на сето она што постои околу нас. При контемплацијата, лирскиот субјект на Василевски се обидува да му се приближи на предметот, на објектот на својата душевна насоченост не од причина да го осознае него, туку за да стигне во негова близина (до неговото енергетско поле) или пак да се сплоти со него. Во религиозно нијансираните песни односно оди, на тој начин, контемплацијата се пренесува врз трансцеденталните положби на човековото битие. Во тајните на Творецот (проблемот на раѓањето на сето она што нѐ опкружува), Господарот (проблемот на смислата на човечката егзистенција) и Владетелот (проблемот на неговиот однос кон сѐ што постои) се бараат одговорите на вознемирувачките прашања за смислата на сета егзистенција.

Од историјата на книжевноста ни е познато дека еповите на потрагата (по семејството, љубената личност, родината, идеалот...) ја поврзувале контемплацијата со елементите на епските жанрови. Првите преовладувале во уметноста и книжевноста на Истокот, вторите во уметничките структури на Западот. Како поврзувачка алка се јавувала лиричноста, лиризмот во искажувањето и восхитот кон предметот на контемплацијата односно отсликувањето. И такви песни наоѓаме во поетската книгата *Srdce kruhu* од Р. Василевски во кои, сепак, лирскиот субјект воопшто не се обидува да се поистовети со Бога (во покорноста се гледа како несовршено битие), попрво сака само во контемплативната

вдлабоченост да му приближи на Семоќниот и да го замоли за прошка и за благослов. Меѓу субјектот и објектот на контемплацијата се наоѓа провалија – затоа во контемплацијата оној што контемплира се обидува да го восприеми во својата душа ореолот на Владателот над сите и над сè. Затоа и можеме да изречеме мислење дека т.н. христијанска лирика на овој поет не го бара, бидејќи таа веќе го има својот Бог, не се двоуми, туку само го зацврстува својот однос кон апсолутната вредност во која поверувала. Но, подоцна, се чини дека некои други песни како да ја потиснале контемплацијата на маргините од неговиот интерес. За владател на животот и на светот, кој го спознава и го моделира според своите претстави, почнува да се смета човечкиот разум. Важечка е таму максимата дека тоа што не е осознаено, човекот скоро ќе го осознае, а останатото и не е од толку суштинско значење. Тоа значи дека цикличното движење за Ристо Василевски претставува, во основа, исто така каква било кружна форма или движење, во преносна смисла – повторувачка појава која токму преку тоа кружно движење по исполнувањето на зацртаниот пат се враќа кон исходиштето, односно директно му се отвора на читателот. Во преносните значења потоа сите циклуси во книгата (*Rozprašovanie kruhu, Kruh z ód, Božie veci, Univerzálna melódia, Artefakty – potomstvo, Svetlé a temné body, Cesta – tiene, Svätá báseň, K dokonalosti, Zo srdca kruhu – z raja*) претставуваат затворена целина создадена со структура која може до бесконечност, „во циклус“, ритмички да се повторува.

Перфекционизмот на поезијата од Василевски провоцира да се интерпретираат подетално неговите стихови, бидејќи на читателот му е тешко да поверува дека авторот открил сè што се скрива зад едноставната раскошност на несекојдневниот поетски говор. Поетот пишува оди за различни животни феномени кои го опколуваат човекот и кои на специфичен начин ја определуваат неговата земска егзистенција. Секоја ода од Ристо Василевски е повторена збирка на мал простор: мал круг во средиштето на големиот круг. Самиот наслов на книгата го поврзува емотивното со геометриското. Типичен модел, пак, на неговите „филозофски песни“ е анализата – извесна атомизација што води кон синтеза на

принципот на синекдохата со принципот на духовноста. Трите основни мотиви (природата како совршенство, вербата на човекот како страст и љубената тишина како благодарност) го проектираат особениот оригинален поетски свет. Се разбира, може да се оди и уште подлабоко и со целосна предаденост да се анализира сето она што македонско-српскиот лиричар мајсторски го вметнал во катедралските класични форми на одата. Ама, треба притоа и да се дополни тоа дека Василевски не доаѓа кај нас скромно и незабележливо, иако неговата поезија не милува само возвишени зборови, а освен тоа и воопшто не настојува да се облекува во атрактивни рува, кои би ѝ помогнале во достигнувањето на добро познатата лажна популарност денес. Василевски уште со својата прва стихозбирка зачекори по сопствен пат за да остави во македонската и во српската лирика значајни и трајни траги. Овој автор речиси четириесет години ѝ се спротивствавува на модата со својата нестивнувачка жед по чистотата на песната, по нејзината внатрешна динамика, со привидната ноншалатност и со леснотијата на изразот. И наспроти тоа секогаш има и повеќе од доволно инвентивност во него за да може и со помош на т. н. традиционалистички постапки да отвора нови хоризонти за светот што е навидум ограничен од долго повторуваните атрибути.

Неопходно е, на крајот на краиштата, да стигнеме до смислата и значењето (и кон филозофијата насочена кон познанието), кои поезијата на Ристо Василевски често и великодушно ни ги нуди, а во еднаква мерка и кон поентирачките пораки на неговите песни кои стануваат рамноправни учесници во цивилизациските процеси, за да ја зграпчиме нивната естетска јакост, а со тоа и нивната уметничка вредност. Таквата постапка на вреднување неретко си бара и цели години бдеење над текстовите, па затоа со радост констатирам дека со ваква истражувачка цел за понирање во најдлабоките слоеви на поезијата од Ристо Василевски започнуваме конечно и во словачкиот културен ареал, а тоа благодарение на предметниов превод на неговата стихозбирка *Срце круга (Оди во кругот)*. Добрата поезија, всушност, како преднаучен стадиум на мислењето, мора да го открива она што уште не им е достапно ни на смислата ни на

интелектот, она што засега е само во сферата на претпоставките, претчувствувањата и соништата, она што е невидливо. Некој би можел да противречи дека настојуваме да воздигнеме извесни метафизички параметри на поетскиот текст и на сето она што во него ни изгледа трансцедентално. Ама, решението лежи во тоа што низ понудената толкувачка призма на поезијата на Василевски – трансцеденталното е реално. Само што до таквата скриена реалност на неговите песни во Словачка досега не можевме да стигнеме преку посветениот начин на интерпретација. Конечно, еве, имаме можност да го пополниме и тоа бело место во мозаикот.

Златко ЖОГЛЕВ

УДК 821.163.3-1.09Смилевски, В.
УДК 821.163.3-1.09Силјан,Р.

ТВОРЕЧКО ПРИЈАТЕЛСТВО SUB SPECIAE AETERNITATIS (СПОРЕД УРНЕКОТ НА ВЕЧНОСТА): Веле Смилевски и Раде Силјан

Наместо вовед

Во овој текст се врши своевидна компарататива евалуација на творештвото на двајца наши истакнати поети и претседатели на ДПМ и на Собранието на ДПМ, во повеќе мандати: Веле Смилевски и Раде Силјан. Исто така е направаен краток осврт кон две нивни книги и тоа: „Песната палимсест“ (2017.) од Веле Смилевски и „Устата на јавето“ (2017.) од Раде Силјан. Вистинскиот повод за тоа е „златниот јубилеј“ (50 години) од нивното творечко пријателство, кој се наврши во 2017. година, а догодина ќе биде 55 годишнина од нивното творечко пријателство.

Според еден од учениците на познатиот филозоф Сократ, Аристип, смислата на животот, меѓу другото е и да си овозможиме разни радости и задоволства, а секако при тоа со тоа да не наштетуваме на другите. Затоа денес се собравме овде, како што пееше Гане Тодоровски во истонасловената песна, за да се случи настан за троа радување (Тодоровски 2:303-304).

Творештвото е еден од најважните атрибути на Бог, дури и еден од најчесто употребувани епитети за него е – Творецот.

А според познатиот филозоф Аристотел пријателството, тоа се две души во едно тело. Па, така, ако се поврзи творештвото пријателството, можеме да кажеме дека творечкото пријателство е божји атрибут манифестиран преку две души во едно тело. А за траењето на едно такво пријателство и доживувањето да се стекне со епитетот „златно творечко пријателство“ (50 години, по аналогија со „златна свадба“), тоа е навистина исклучително ретка

појава која вреди најдлабоко да се почитува. А виновници за тоа се двајцата витези на перото од долината на Еригон, Веле Смилевски и Раде Силјан.

Симболиката на бројот 2 според речникот на симболи од Шевалие и Гербран упатува на тоа дека:

"Бројот два симболизира дуализам на кој почива целата дијалектика, ***секој напор, секоја борба, секое движење, секој напредок.*** *Но, делењето е принцип и на множењето и на синтезата" (Шевалие-Гербран, 2005:225)*

Со оглед на тоа што денес промовираме две книги, редно е да се каже нешто и за симболиката на книгата, за да нема никакви дилеми околу тоа.

Симболиката на книгата

Според речникот на симболи на Шевалие и Гербран: *"Банално е да се каже дека книгата е симбол на знаење и на мудрост, но таа навистина е тоа…Книгата е пред се, ако се подигнеме за степен повисоко, симбол на светот. Светот е голема книга. Изразот Liber Mundi им го должиме на Розенкројцерите. Книгата на животот од Откровението се наоѓа во средиштето на рајот и се идентификува со стеблото на животот: листовите на стеблото како и буквите во книгата ги претставуваат сите суштества заедно, но и сите божји одлуки."* (Шевалие-Гербран, 2005:472)

А според речникот на Тресидер:

"Како очигледен амблем на мудроста, науката и учењето, книгата исто така се применува во иконографијата и како симбол на Божественото Откровение, особено во христијанската и исламската религија. За арапските мистици книгата била метафора на самиот живот, на целиот свет. Во некои легенди за Гралот рицарите не ја бараат чашката, туку книгата и изгубениот збор. (Тресидер, 2001:108)

Симболиката на Пирејот и поетите од бреговите на Еригон

"За нас пирејот е синоним за **тешкотија** која постојано се обновува, заради маката сокоја се откорнуваат долгите корења на ова жилаво растение од земјата.

Во древна Кина, каде очигледно такви тешкотии не постоеле, белите корења на пирејот се користеле во некои ритуали поради прочистувачката способност по која коренот на пирејот бил познат. (Шевалие-Гербран, 2005:784)

2.- **Веле Смилевски** (роден 1949 година во с.Ново Село, Демир-Хисарско) од 1953 година живее во Битола, а од 1968 година во Скопје. Од 1985 година е научен советник во Институтот за македонска литература при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ – Скопје. Тој е поет, романсиер, литературен критичар, есеист, книжевен научник, доктор по филолошки науки.

Тој е поранешен претседател на ДПМ, уредник на издавачката куќа „Дијалог“ од Скопје, главен и одговорен уредник на Македонскиот книжевен гласник „Синтези“.

Досега (до 2017. Година) има објавено 14 книги поезија (при што избори од неговата поезија се објавени, освен на македонски и на српски, албански, чешки, руски и англиски јазик). Добитник е на бројни престижни домашни и меѓународни награди и признанија. Објавил и 13 книги литературна критика и есеистика, составувач е на три антологии, и приредувач на 7 книги за македонската книжевност.

2.а) **Раде Силјан** (роден во с.Жван, Демир-Хисарско во 1950 година), поет, есеист, критичар, преведувач, антологичар. Завршил Филолошки факултет – јужнословенска книжевност на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје. Работел како новинар. Бил главен и одговорен уредник на Третата програма на Македонското радио и генерален директор на книго-издателството „Македонска книга“. Тој е основач и главен и одговорен уредник на „Матица македонска“ од Скопје. Претседател на ДПМ во два мандати (2008-2010, 2010-2014), а подоцна и претседател на Собранието на ДПМ.

До 2017. година му се издадени 17 стихозбирки, на 11 книги со критики и есеи и на 12 антологии од македонската и балканската поезија, проза и критика. Објавени му се избрани дела во 6 тома. Неговите дела се преведи на повеќе странски јазици. Добитник е на повеќе национални и меѓународни награди, меѓу кои и на државните награди „11-ти Октомври“ (2010.) и „Свети Климент Охридски“ (2015) за животно дело од областа на културата.

За книгите

3.- Поетската книга „Песната палимпсест“(стр.750) од Веле Смилевски е всушност избор од неколку негови порано објавени поетски книги (Педесет песни, Педесет допевања, Час по поезија, Забранета книга, Век за самување и Век за приказ).

Насловот на оваа книга е според истоимената песна „Песната палимпсест“ од книгата „Педесе песни“, во оваа книга (п)ре објавена на стр.137.

На почетокот од оваа книга има обемен текст (71 страна) со наслов „Песната палимпсест“ во кој има повеќе поднаслови. Во првиот поднаслов „1. Арс поетички коментари“авторот Смилевски се осврнува на својата поезија и на своето творештво, посебно за неговата поврзаност и инспирација од творештвото на Константин Миладинов. Тука исто така отворено укажува и на поврзаноста на творештвото од Блаже Конески со неговото творештво, при што навистина тоа може да се вреднува како една многу искрена поетско-самокритичка обсервација. Само со тоа тој го заслужи епитетот поетски мудрец. Ова заради едноставниот факт што го изнесува Антоан де Сент Егзипери во „Малиот принц“: "Многу е потешко да си судиш сам себеси отколку на другите. Ако успееш правилно да си судиш сам себеси, тогаш си вистински мудрец" (Сент Егзипери:53). А мојата перцепција е дека критичарот Веле Смилевски, суди многу објективно (читај: правилно) за поетот Веле Смилевски.

Вториот поднаслов од овој воведен дел со наслов „Искуства“ е многу интересен и од филозофско-социолошки, и од психолошки, но и од педагошко дидактички аспект. Авторот во овој дел дава презентација на своите дневници од претстоите во странство, а

посебно се задржува на два негови подолги претстои – во Москва и Прага. Е, тука веќе е интересно што можат да се направат паралели со искуствата на Гане Тодоровски во Москва (како Locus standi et locus operandi), која тој ја нарекува „Белокамената“ во песната "Последниот сон на поетот". (Тодоровски т.1:221).

Другите поднаслови во овој обемен текст се: 3. Век за самување, 4.Песната тестамент и 5. Поезија и критика. Во последниот дел со наслов „Критиката за поезијата на Веле Смилевски“, на цели 126 страни се презентирани критички текстови за поезијата на авторот од еминентни македонски и странски автори.

3.а) „**Устата на јавето**“ е најновата поетска книга на Раде Силјан.

Таа содржи вкупно 69 песни, кои освен во Пролог-от (1) и и Епилог-от (1), се поделени во неколку циклуси и тоа: Ноќ бескрајна (13), Записи (8), Лузни (5), Траги (11), Отворени рани (16), Слики од животот (14).

И во оваа најнова поетска книга Раде Силјан е доследен во своето творештво. Имено, тој обработува и универзални теми, но не заборава да пее за маките и страдањата на својот македонски народ. Тој пее и за поетите и за нивната судбина во денешно време. Во таа смисла во песната „Поетот на нашето време“ Силјан пее:

Поетот на нашето време/Во шума од идеали/Ноќе скита

Скришни места бара/И на гола месечина/Со свои заблуди оро игра.

И како последица на таквиот негов однос кон стварноста и кон самиот себе, неговата судбина е неизбежно жална:

И во свет од лажни слики/Пред олтарот на тагата/Ко свеќа догорува сам (Силјан, 2017:7).

Раде Силјан врши критика на познатата народна поговорка „молчењето е злато“ и во песната „Молк“ пее дека дури и на свети места се присутни „глуви мисли“.

Песната по која го носи насловот книгата „Устата на јавето“ е поместена во првиот циклус „Ноќ бескрајна“. Во неа поетот Силјан пее и за страдањата на луѓето и за нивните сомнежи и прелаги, за љубовта и љубомората, и за животни случки и

проколнувања, па дури и за „се што ќе ти се насели во сонот“, наспроти молкот и глувотијата, тој вели дека „устата на јавето/во својата одаја се ќе збере/ (Силјан,2017:13).

Во првиот циклус поетот пее и за убавината, за болката и радоста, за самотијата, за сонувањето, но и за спомените. Притоа не заборава да пее и за нашите манастири (песната „Карпински манастир“).

Во вториот циклус се поместени повеќе песни во кои Раде Силјан пее за разделби, за судбината и спомените, за животните маки („Морничав ден“), но дава и „Портрет на поетот“. И тука портретирајќи го поетот Силјан отвора тема на која постојано се навраќа, за окружувањето на поетот и за неговото однесување во истото.

На поетите и нивните проблеми и посебно нивните илузии и измами, за нивните воздишки и потсмевнувања, Раде Силјан се навраќа и во циклусот „Слики од животот“ во песната „Поетска заблуда“:

Со јазикот на спомените/Ме подлажува историјата/Тивко потпевнувам

На фотографиите не им верувам/Дека играта со зборовите била

Голема заблуда на поетите.(Силјан, 2017:85)

Но, поетот Раде Силјан, има и свое многу симболично-метафорично сфаќање за книгите и нивната суштина. Многу концизно тоа го опејува во песната „Книга“:

Врзопче од тајни/Во ковчеже збрани/За поколенијата/Кула од зборови,

Блажена насмевка/На историјата трошна/Потпрена на темели/Од древни мисли/Птица без крилја/Тажни песни пее/За последната/Безимена слика.(Силјан,2017:87)

Со пишувањето за поетите, песните, книгите, Раде Силјан зафаќа тема која е заедничка со многу други поети, а во овој случај и со поетското творештво на Веле Смилевски, кој на пример, има цели книги посветено на некои од тие теми: „Педесет песни“, „Педесет допевања“, „Час по поезија“, „Забранета книга“ и др.

Силјан на повеќе места во својата поезија се допира и до болната точка од нашето минато – ослепувањето на Самоиловите војници, после битката на Беласица (1014.). Како последица од тој настан, многу од ослепените војници не биле способни да работат како и другите (физички здрави) луѓе, но сепак имале достоинство и не сакале да просат. Затоа е добар дел од нив научиле да свират на гусли и така (достоинствено) да заработуваат за живот. Но, Раде Силјан, на слепиот гуслар му дава посебна и метафорично-симболична траурно-пророкувачка улога во „Епилог“-от на оваа своја најнова поетска книга. Еве што пее поетот во песната „Последниот македонски гуслар“:

Последниот македонски гуслар/Свири на гусла без струни
Во татковината на молкот/Место вино солзи пие
Има очи на светец/И памук душа
Без раце/Без прсти
За животот лажовен/Долго се крсти
Последниот македонски гуслар/Свири на гусла без струни (Силјан, 2017:97).

Кога ќе се земе предвид целокупното нивно творештво (колку книги објавиле, колку антологии и други книги составиле и приредиле, колку награди и признанија добиле, какви високи и одговорни функции извршувале), одговорно може да се каже дека Веле Смилевски и Раде Силјан, се едни од најважните столбови во македонската современа поезија и пошироко во македонската книжевност. Дури мислам дека нема да биде претерување ако се каже дека се гиганти во македонската книжевност. Гиганти кои се на патот кон вечноста. Затоа ова претставување би сакал да го завршам со зборовите на Гане Тодоровски:

Оти се вкусило од многуте привлечности,/А пат ни претстои, пат стрм и долг,
драг пат/Кон вечноста/Преку човечноста! (Тодоровски т.1:267)

А до вечноста се стигнува со творечки опус и пријателство како она што тие го создадоа и негуваа во изминатиот половина век.

ЛИТЕРАТУРА

1. Матевски, Матеја (2005) *Избрани дела: Поезија* том1. Скопје: Матица македонска
2. Сент Егзипери, Антоан де (1993) *Малиот принц.* Превод Мира Чепинчиќ. Скопје: Табернакул
3. Силјан, Раде (2014) *Отворена книга*. Скопје: Матица македонска
4. Силјан, Раде (2017) *Устата на јавето*. Скопје: Матица македонска
5. Смилевски, Веле (2017) *Песната палимпсест*. Скопје: Дијалог
6. Тодоровски, Гане (2006) *Избрани дела Поезија* том1. Скопје: Матица македонска
7. Тодоровски, Гане (2006) *Избрани дела Поезија* том 2. Скопје: Матица македонска
8. Тресидер, Џек (2001) *Речник на симболи.* Скопје: Три
9. Шевалие Жан и Ален Гербран (2005) *Речник на симболите.* Скопје: Табернакул

Елизабета ЈОНЧИЌ

УДК 821.163.3-32.09

„Фауст го трча плебејскиот круг“ – естетско искуство на сложена композициска мотивација

При првата средба со ракописот „Фауст го трча плебејскиот круг“ се судираме со сложена композициска мотивација и специфична полифонија на мотиваciските односи. Оваа полифонија, уште на почетокот, низ насловот разоткрива важен елемент за структурата на делото. Авторот сугестивно нè наведува со симболика да го препознаеме широкиот обем на топикот. Користејќи ја имагинацијата да ги препознаеме уметнички обликуваната автокомуникација, високите достигнувања во науката, објективистичките описи на општествените бездни и општествено важните вистини за животот и светот. Ова дело е карактеристично по структурната поставеност во нарацијата. Содржи шест елементи од коишто е составена целината. Иако шесте приказни се одделуваат сами за себе како посебни целини, имаат заедничка матрица во планот на изразот. Структуирани се како раскази но се чувствуваат драмски елементи, динамички покренувачи на дејство и статички мотиви коишто ги опишуваат одредените ситуации. Авторот многу вешто прави комбинација на лирски и драмски компоненти во текстот. Експериментира со жанровите. Во две приказни „Пред да ги фрлам булките во амбисот“ и „Ступор“, карактеристичен е лирскиот почеток којшто наликува на монолог, односно прво лице, кое дејствува и како херој и како коментатор на настаните за понатаму, нарацијата да се развие во дијалошка форма. Содржината во расказот „Ступор“ претставува естетско искуство претставено преку концептот на идејата од аристотелска катарза. Првото читање остава впечаток на хорор расказ пропратен со трепетно чувство на страв и сочувства што го запираат здивот наведувајќи на сугестивна автотероризација на читателот до оној момент кога втиснатата фикција од сликите

врз разумот не разбледи во реалното видување на затворената текстовна порака. Овој белег на трагедијата, односно емотивниот контакт со читателот трае од почетокот до крајот на расказот. На посебен начин грдото се сплотува со естетско влијание - ослободување на душата од афективната состојба предизвикана од *„грдосијата на човечките пакости“*.

Во приказната „Пред да ги фрлам булките во амбисот“ низ дијалогот се јавува уметнички начин на игра со читателот, елемент на опозиција молк/реч, односно несоодветност на зборовите со мислите и чувствата на ликот (мајката, болна од рак во напредна фаза кажува дека е добро), додека пак во „Ступор“ дијалогот се претвора во остра емотивноекспресивна сондажа. Расказот „Фауст го трча плебејскиот круг“ според внатрешниот состав е исповедувачки мемоар-монолог. Во целината е забележана во повеќе наврати вметната мелодраматичност каде што музиката на важни места во текстот го следи говорот на ликот со нагласено сентиментална тематика. На моменти може да се помисли дека звуците на „Патетичната соната“ од Бетовен траат до крајот на делото. Наглите промени и драматичноста во темпото на таа композиција втемелувајќи ја разбрануваната акустичка слика на тонот и зборот во свеста на читателот соодветствуваат со монтажните секции во сижејно – тематското единство.

Интересна е тематската драматична основа „нуклеарен холокауст“ во „NOCEBO EFFECT“ и тврдата научна фантастика во „Цвет откинат од тишината“. Во овие два раскази постои соединување на две епизоди коишто ја носат уметничката информација а тоа се дијалогот и живописната сценска конструкција прикажана низ богат лексички дијапазон. Првиот, во стил на поджанрот апокалиптична фантастика го пренесува читателот во силен афект на уметничка фикција комбинирајќи ги реалните факти со измислените фантастични елементи, со претходно имплицитно предупредување за трубите на седумте ангели и почетокот на катастрофите за човештвото, за отворањето на седумте печати, уништување на природата и почетокот на нова борба помеѓу доброто и злото за да заврши со закана и условување од злите сили. И вториот расказ се одликува драматична основа во

тематиката од подробно одбрани научни елементи соединети во две животни приказни, поделени во две временски рамки, првата завршува уште незапочната откривајќи ја сегашноста со смртта на познатиот истражувач и научник кој постхумно добива ордени за заслуги и признанија. Во таа временска рамка е изоставено место на дејство, пренесена е само кратка информација како пролог што треба да биде вовед за последователните дејства коишто се одвиваат во реално постоечки пренесени место на дејство (Билбао, Барселона, Баскија) и просторно-временски пресек од десетина месеци (од еден августовски четврток до полниот ек на мај). Во содржината на овој расказ вметнати се широки поими од физиката, и трагичната судбина на ликот од генијалната физичарка. Таа е трагичен јунак којшто е жртва на својата несреќна судбина, покрај генијалноста и надмоќното знаење, покрај откривањето на „цветот од тишината“ завршува во душевна болница. Останува празно место во текстот кое читателот треба да го пополни со своја утврдена вистина, дали за генијалното откритие е одликуван вистинскиот лик или „Цветот“ е откинат од тишината во замена за возвишено спокојство (катарза) во трагичната виновност зашто „*Секое парче од реалноста ја крие својата вистина во сенката на целината“*. Тој „Цвет“- откритие плод на фикцијата во дискурсот го втемелува расказот во тврдиот научно фантастичен жанр.

На планот на содржината впечатливи се ликовите на протагонистите од расказите. Секој од нив е носител на одреден морален и социјален концепт, реален или имагинарен. Спрема начелото на разновидност во единството гледната точка започнува од мотивациските ставови во насловот, тогаш имаме: „Фауст“ еден од вечните ликови во литературата поставен како протагонист потоа „брзото одење“, типична ситуација исполнета со динамика, и „ плебејскиот круг“ синтагма - знак што претходно ја најавува нераскинливата врска на обесправената и осиромашена лична слобода на „нискиот“ човек, со симболот на единството и севкупноста – кругот. Оваа поставеност укажува на постојана борба во која почетокот е поврзан со крајот во невидлива и мистериозна врска а неговото изодување ќе тежнее кон облагородување на личната слобода и тежнеење кон повисоки

цели. Рефлектирајќи синтеза помеѓу земното и божественото, реалното и имагинарното, фантастичното, се открива светот на ужасот и убавината, неправдата, страдањето, отпорот и бунтот, светот на иронијата и радоста, луцидноста и немарноста, раѓањето и смртта, апокалипсата... И повторно кругот како симбол во „булките што паѓаат во амбисот, во отворот на пештерата... во Фауст, според германската легенда ја продава својата душа на ѓаволот за да ужива во земските задоволства и да се стекне со неограничено знаење. За контрастот да биде поверодостоен, „Фауст“ во ова дело успева да ги прошири своите видици и да го пронајде својот пат низ „*остроумноста, таа фасадна раскриленост на умот, како ангел пречист и прелесен умее да те дигне од земи, и со леснина на едно замавнување на крилја умее да те закопа, како Велзевул, вземи во најтемното“* но патот е пронајден во мигот пред целосното угаснување, во мислата „*Патот угоре е еден и за мене неизбежен, вреди да се биде љубоморен*“ бидејќи „*љубомората кон себеси може да разискри оган посилен и од сончевиот и Божји што го грее тлото на кое ги правиме грешенијата човечки“*. Како лик-протагонист е носител на мистичноста што провејува во амбиентација од разни веројатности, можеме да го пронајдеме во еден од „многуучените“ во првиот расказ, во докторот Мисла во „Ступор“, во Фридерх Н. во „NOCEBO EFFECT“, во ликот дублет Марко/Жан во Пештера на случајните желби, во Океана во „Цвет откинат од тишината“. Кога зборуваме за расказот „Пештера на случајните желби“ забележуваме разлика со претходните во актуализацијата на местото на дејството „*нашата пештерна црква Св. Архангел Михаил“*, вметнување на хронотоп време – простор *„ноќта мина налудничаво и спокојно; ораниците крај патот оросени со кристална слана; изненадувачки светлата ноќ“*, и континуиран дијалог подреден во две паралелни етапни целини. Ликовите имаат номинација, Жан и Марко, тие се централни носители на дејството, „*нештото“* станува споредбен лик што им укажува на иманентноста на слободата. А слободата според Хегел не претставува само психолошки феномен туку ја изведува суштата, типична, основна црта кај човекот, неговата морална достоинствена

движечка сила на внатрешната слобода. Тогаш испливуваат од потсвеста скриените желби во таа „налудничава и спокојна ноќ“ со халуцинантни екстази, резултат *на „Сето ова беше сон, или дефинитивно некоја подметната дрога. Или и двете.“* Расплетот на централната драматичност се случува кога црковниот клисар од негова страна ги образложува своите видувања *„Духот е во криза откако во манастирите почнаа да се доселуваат секакви наркомани, и Боже прости - подвоени личности“.*

„Фауст го трча плебејскиот круг“ е дело кое изобилува со иновативност и креативност. Вешто воспоставената комуникација меѓу авторот и читателот, драмската напнатост, филозофските реторички размислувања вметнати во дискурсот, специфичноста во структурата на исказот донесуваат еден несекојдневен концепт за освежување во современата литература.

Радомир ВИДЕНОВИЌ

УДК 801.73

Впечатоци за ноќниот градинар Георги Старделов

Ноќниот градинар е пеперуга, ендемски бисер на македонската природа, Hadena clara macedonica, вели Георги Старделов.

Лета и во романот на Јордан Плевнеш, „Осмото светско чудо“. Македонските преданија прикажуваат дека во секоја пеперуга живее душата на умрените; Кај Плевнеш – душата на невините жртви низ историјата.

Неизбежна асоцијација на самиот збор *градинар,* за Старделов е Рабиндранат Тагоре и неговото истоимено дело. Таму, на почетокот „Слугата ја моли Кралицата да го направи градинар во нејзината цветна градина за да може ноќе,... во некоја *Вечерна* или *Полноќница* да ги слуша пораките од другиот свет.“ (*Ноќен градинар,* стр. 9*).* Веќе се гледа - Како (мислам дека треба) да се интерпретира, како да се толкува Георги Старделов: *Од него самиот/ Со него самиот!*

Оти Старделов смета дека толкувањето на еден роман или една песна ја бара смислата и целта во самиот тој роман и самата таа песна:

„Естетичката херменевтика, како вештина на разбирање и толкување на книжевниот текст, трага по неговите внатрешни пластови во кои се откриваат трајните значења и зрачења, драмата и дилемите на човековиот опстој во светот. Притоа толкувањето на уметничките книжевни дела не е можно без вживувањето во нив (Einfulungstheorie).“ (Н. Г. стр. 17).

Така, Павао Вук - Павловиќ, кој во минатиот век (1958 - 1972) предаваше на Филозофскиот факултет во Скопје, во предговорот на своето дело *Учењето на Спиноза*, вели дека на својата студија ѝ посакува сериозни и внимателни читатели кои би ја читале со

книгите/текстовите на Спиноза во рацете, со споредување и сопствено истражување.[1]

Текстот настанува дури во односот меѓу читателот и писателот, а говорењето (коментарот) за некој текст станува нов текст. Значењето зависи од контекстот, кој е подвижен, „подвижен архипелаг на значења.“ Затоа, значењето е распрснато и развеано, или, како вели Жак Дерида - дисеминација. Но, тоа не значи дека толкувањето е произволно. Толкувањето (латински, interpretatio) е разлагање, глума, изведување, претставување.

Бранко Миљковиќ, увидел дека критиката му е неопходна (студирал философија), пишувал (кратки) литературни критики, вели дека *при секое читање се бара себеси*.

Критиката треба да е иманентна, да произлегува од самото дело, вели Старделов: „На тој начин текстот чие дело се толкува, станува побогат, станува одгатка/разгатка на битието озарено од поезијата во делото.“ (Н. Г. 18)[2]

Интересно е, според Старделов, дека има многу вистински големи дела, но, несразмерно, малку вистински големи интерпретации и толкувања. Патем, познат е отпорот (и неприфаќањето) на многу поети и, воопшто, уметници - кон критичките размисли за нивното дело. Велат, на поезијата, „не ѝ е потребна философијата“.

Меѓутоа - на *делото* кога е напишано и објавено, а потоа и читано/видено/слушано - не му е *крај*, туку *почеток*, тоа треба да (почне) да живее и да продолжи да живее, па и да го надживее авторот!

Декартовото *Cogito ergo sum*, не треба да го преведуваме како Мислам, значи постојам, туку – *Мислам, значи сум.*

Нашето спознание не завршува со фактите, туку *почнува* со фактите. Неопходно е – *фактите да се толкуваат*.

---

[1] Академикот Старделов му беше асистент на прочуениот професор

[2] Непосредно пред доаѓањето на 2021 година, Иван Џепароски, некогашен асиситент на Академикот Старделов, а потоа и близок соработник и надвор од академските рамки, во неизбежниот муабет за Скопје, ми кажа дека Старделов и натаму е посветеник на уметноста и естетиката/философијата со стремеж и копнеж кон готските височини, кон Летот.

А за тоа е потребна посветеност спрема оригиналот што се толкува и претпазливост, но без исклучителност во судовите и заклучоците., што значи верност кон оригиналот, но и отворање за други (и различни) можности.

Така феноменолошката постапка повторно се преиспитува, а никогаш конечно не се надминува, туку се отвораат други и поинакви хоризонти и тоа така што одново се тргнува од неа самата.[3]

Но, изгледа дека се оддалечив и од пеперугата и од градинарот, од Ноќниот Градинар.

Сепак, можеби и вака се тргнува од појавите па се доаѓа до (обид за) нивното толкување.

Прелистувајќи многу книги за еден мал текст, ме изненади зачестеноста на (стремежот кон) и мотивот на летот/ летањето[4] во македонската литература, но, секако, не ме изненади љубовта кон земјата.

А градините и градинарите?

„Висечките“ градини на Вавилон биле меѓу Седумте чуда на Древниот свет. Но, многу податоци не се совпаѓаат меѓусебно. На пример, наводно Набукодоносор ги направил градините за својата жена Семирамида, но, изгледа дека и не биле маж и жена, а Семирамида била митолошка кралица. А и не биле, изгледа, „висечки“ туку дошло до грешка во преводот, оти истиот збор (pensilis) значел и балкон, тераса, веранда.

---

[3] Затоа Жак Дерида и смета дека враќањето кон феноменолошките теми е разбирливо, феноменологијата не е едноставно елемент на минатото - а маргините на феноменологијта овозможуваат пречекорување на границите.

[4] Книгата на Георги Старделов, *Angelus Novus*, има поднаслов *или подготовка за лет*, Култура, Скопје, 2004 (Види: Виденовиќ, Радомир, *Angelus Novus*, Георги Старделов, *споделени доживувања*, во *Критика и молк*: читање на македонската литература и култура, Институт за македонска литература – Скопје, стр. 239

Карактеристична е и книгата на Томислав Османли, *Пеперутката на детството*, Мисла, Скопје, 1993. Тука пеперутката е Ластовичина опашка. А Османли, уште, вели: „Како гулабот, кој имено и постои само заради вивнувањето, ездењето, само заради летот.“

Да се сетиме (од книгите) и на викторијанските градини и викторијанскиот стил во земјите од англиското говорно подрачје.

Или, на новите стремежи - „дивите“ градини со својот екстремен натурализам. Но, сепак, не; замислете си да ја оставите бавчата или градината неколку години... без да копнете или чепнете нешто.

Без претерување.

Можеби, јапонските градини, во сите варијанти, со растенија и бои или со камен и песок.

Ништо премногу. Или како би кажале Клеобул и Периандар: *Најдобра е мерата.*

Георги Старделов[5] е токму таков човек - човек со мера, постојан, достоен и достоинствен, ретор со става и глас, загледан во огледалото = Другиот, со грижи и стремежи за судбината на Врутокот и Коработ на Македонија.

Георги Старделов беше и Антеј и Икар и Ноќен Градинар:

Н О Ќ Н И О Т Г Р А Д И Н А Р[6] (од Браќата Фан)

Едно утро, Вили погледна низ прозорецот
на Сирачкиот дом и виде дека
на улицата нешто чудно се случува.
Брзо се облече, јурна низ скалите
и излета надвор ... и виде:
во дрворедот, круната на едно дрво
беше волшебно обликувана како був!

Секој ден Вили откриваше некое ново
обликувано стебло: пријателски расположениот зајак,
па прекрасниот папагал...и заиграниот слон.
Со секоја нова скулптура се собираа се’ повеќе луѓе –

---

[5] Георги Старделов (1930-2020), академик, професор, културен деец, литературен критичар, раководител на културните институции

[6] Braća Fan, *Noćni Vrtlar*, Meandar Media, Zagreb, 2016

се случуваше нешто добро и убаво.
Следниот ден Вили истрча од Домот
и следејќи го мнозинството луѓе, го откри...
најчудесното дело – Големиот Змеј!

Потоа, свеченоста траеше и по зајдисонце.
А кога Вили тргна дома, го здогледа Непознатиот.
Дали е тоа можно?
Човекот се сврте кон Вили и му рече:
„Толку стебла во паркот. Ми треба помош.“
Беше тоа Ноќниот Градинар!
Под сјајот на полната месечина
работеа до длабоко во ноќта.
Утредента Вили се разбуди со гласовите
на среќните семејства
и со подарокот на Ноќниот Градинар
– големите ножици за обликување..
Но, со време лисјата ги менуваа боите...
...а потоа почнаа да опаѓаат,
се’ додека на Ноќниот Градинар
не му се загуби трагата.

Но, луѓето од гратчето
веќе никогаш не беа исти.

Ни Вили.

Важна е вистината, но, ако и е – една, таа се појавува како множество. Можна е добрината, но мора непрестајно (сизифовски?) да се остварува... одново и одново и одново.

Верувам во убавината, но често нејзината облека, крадешкум ја носат и нејзините спротивности.

Нашите учители, а тоа се нашите сродни души – ни даваат насоки и знаци покрај нашите поединечни патишта и вечни патувања.

Та, затоа верувам во – иницијација.

Зоран ПЕЈКОВСКИ

УДК 821.163.3-25(049.3)

Анализа на едночинката „Гладна кокошка просо сонуе“ од Блаже Конески

[7]

Како што и кажав во првиот дел единствено нешто што го најдовме за едночинката „Гладна кокошка просто сонуе“ е изворното кажување на Блаже Конески за овој свој трет драмски текст, без разлика дека станува збор за едночинка, во книгата „Разговори со Блаже Конески“ од авторот Цане Андреевски, издадена во издавачката куќа „Култура“ од Скопје во 1991 година.

Притоа Конески за својата едночинка „Гладна кокошка просо сонуе“ ќе истакне:... „На крајот на 1944 година „Остен“ го издадовме. Издадовме два броја. Јас бев во редакцијата. Таму има мои текстови без потпис, и во поезија и во проза. Почнавме веќе 1945 година да се организираме. Во февруари, мислам во издание на „Остен“ излезе таа книшка „Гладна кокошка просо сонуе“. Јас го имав тој настап на Народниот универзитет во Скопје“...

На прашањето на авторот на книгата „Разговори со Конески“, Цане Андреевски, како Конески се наоѓа во театарот, односно:... „Но веќе рековте дека сте имале напишано еден скеч, како студент во Белград. Потоа друг во Прилеп, којшто сте го пратиле на слободна територија, па се загубил. И ете, доаѓа третиот драмски текст „Гладна кокошка просо сонуе“, кој е игран, па и печатен како посебна книшка. Би Ве прашал, како се случи токму Вие да дојдете на работа во Театарот?“...[8]

На ова прашање Блаже Конески, без ни малку сопствен сомнеж ќе одговори:.. „Како се случило, јас тоа не знам... Прво кога дојдовме во Скопје ние од она преведувачко одделение, што јас го формирав во Врановци, добивме некоја просторија во зградата на

[7] Пејковски, З. (2021). Блаже Конески присутен и во македонската драматургија. Скопје: Центар за култура и културолошки: 9-39

[8] „Разговори со Конески“, Цане Андреевски, Култура-Скопје, 1991;

сегашното Собрание на СРМ. И, можеби по неколку дена, таа персонална служба нас нѐ распредели – еден ваму, друг онаму... А мене ме определија за лектор во Народниот театар. Мене никој не ме праша. Нити јас како сосем млад човек, тоа ми беше прва служба, чувствував некоја потреба да дојде до израз моето мислење за изборот на моето работно место“...[9]

Потоа следи и уште едно прашање на Андреевски:... „А каква беше судбината на Вашата едночинка „Гладна кокошка просо сонуе“? За неа, само според насловот, се сеќавам дека ја играше и нашата драмска секција во Учителската школа“... [10]

На ова прашање Конески наједноставно ќе одговори... „Таа едночинка ја дадов во Народниот театар овде, во февруари 1945 година. Главната улога ја играше Петре Прличко. И, таа доживеа успех на премиерата“...[11]

А што се однесува до нејзиното сиже, Конески ќе надополни:.. „Тоа е хумористичен текст, во еден чин. Се работи за една комична ситуација, во која ги поставувам некои привржаници на монархијата. Тогаш беше актуелно избирањето на формата на државата. Се разбира, се знаеше дека тоа ќе биде република, федерално устроена. Но сепак, во меѓународниот контекст не беше без значење да се крева глас против монархијата. Ние тогаш го издававме „Остен“ и во него таа тема ја обработувавме. А со мојата едночинка почнавме и да издаваме серија на публикации на „Остен“. За жал таа серија остана само на еден број, само на таа едночинка“...[12]

Цане Андреевски, авторот на книгата „Разговори со Конески“, повторно го прашува Конески, што стана со неа по премиерата?

На ова прашање, Блаже Конески, ревносно и отворено му одговара, велејќи дека:.. „На премиерата случајно се најде и Радован Зоговиќ, тогаш дојде во Скопје по некоја работа. И Радован оценил дека е многу добра едночинката, ама дека не е опортуно баш во тој момент да се инсистира врз таа тема. И

[9] „Разговори со Конески“, Цане Андреевски, Култура-Скопје, 1991;
[10] „Разговори со Конески“, Цане Андреевски, Култура-Скопје, 1991;
[11] „Разговори со Конески“, Цане Андреевски, Култура-Скопје, 1991;
[12] „Разговори со Конески“, Цане Андреевски, Култура-Скопје, 1991;

посоветувал да не се прикажува натаму. Веројатно била меродавна политичката клима во тој момент. Почнале разговори со Шубашиќ во тој момент и не требало да се иритира другата страна или некои луѓе, што на некој начин биле сврзани, можеби не цврсто, со другата страна. Таа едночинка доживеа само премиера. Но во провинцијата, јас случајно знам, еднаш во Струга, и подоцна, ја слушнав преку гласноговорникот. На улица се слушаше. Го читаа текстот“...[13]

Ете што вели Блаже Конески за својата едночинка „Гладна кокошка просо сонуе“.

Потоа, истражувајќи и понатаму во историографско-театарската хронологија, а посебно во Институтот за театрологија во Скопје, успеав да најдам дека таа е одиграна во Народниот театар во Куманово во 1947 година, (агитката), меѓу останатите десетина претстави кои им биле планирани за таа театарска сезона“...[14]

Потоа Народниот театар од Куманово во 1947 година се вселува во новата зграда, што несомнено доведува до квалитативна промена на неговиот институционален статус,... „па така од 1 јануари 1948 година тој работи како полупрофесионален, а од 15 јули истата година – како професионален театар, со уметнички ансамбл од 15 члена. По шестгодишната дејност, како што беше судбината и на многу други театри во Македонија и тој на 30 јуни 1954 година е укинат“...[15]

И така, водејќи се по патот на истражувањето за едночинката којашто во тоа време многумина театарски работници ја нарекувале и агитка, стигнавме и до Фондацијата „Македоника“, во која накусо е забележано дека:... „Гладна кокошка...“ е едночинка во која Конески на луциден и извонредно комичен начин ги проследува различните политички перцепции на обичниот народ во пресрет на завршувањето на Втората светска војна. Многумина овие состојби ги препознаваат и во денешните

[13] „Разговори со Конески“, Цане Андреевски, Култура-Скопје, 1991;
[14] Институт за театрологија-Скопје;
[15] Народен театар – Куманово 1947;

актуелни политички случувања... Едночинката е изведена на сцената на МНТ“...[16]

И дека само на овие неколку места пронајдов за едночинката „Гладна кокошка просо сонуе“, зборува и фактот дека познатиот научник, проф. д-р Миодраг Друговац во својата книга „Повоената македонска литература I дел“, која е објавена 1979 година, во издание на „Просветно дело“ од Скопје на страницата 251 ќе напише за Конески како научник и писател:... „Длабока е браздата што во македонската историја ја заорал научникот и писателот Блаже Конески. Тоа е личност со Караџиќевски контури и димензии (П.Ивиќ). Критичкиот и книжевно-историскиот допир со такви личности и нивните дела – како што и самиот Конески пишуваше по повод Крсте П. Мисирков – не е никогаш статичен и безразличен. Тие не случајно оставиле белег во зреењето на еден народ... [17]

Оттука се отвора и дилемата и за Миодраг Друговац како да му се пристапи на Блаже Конески, на неговото севкупно дело?

...„Да се санкционира литературната вредност, а да не се загуби од вид дека на нејзиниот профил значително можеби и решавачки, влијаела и научната свест на овој писател; и обратно: во неговото научно дело да не се предвидат човечките и хуманистичките проблесоци на литературната свест, многукратноста на нејзините значења? Немоќна оваа дилема да ја реши на друг начин, критиката досега, гласно се ограничувала на анализата и вреднувањето на поезијата и прозата, поретко на естетиката, додека самиот научник Конески во таа нецелосна проекција, веројатно и под притисок на ограничувањата на самата критика, редовно остануваше на страна – со евидентен придонес на националната култура и славистичка наука, меѓутоа без адекватни научни образложенија. Кога тоа го велиме, мислиме пред сè, на нужноста од една целосна, сеопфатна научно (лингвистички) и книжевно-историски квалификувана систематизација и синтеза на

[16] Фондација „Македоника“ - Скопје;

[17] Блаже Конески, „За македонската литература, избрани дела, книга 4, Крсте Петков Мисирков“, изд. „Култура“, Скопје, 1967, стр. 103);

тоа дело, каква што очевидно ни недостига, – ќе забележи Милан Ѓурчинов во својата книга „Повоената македонска литература I дел“, „Просветно дело“, Скопје, 1979 година“...[18]

Сето ова ми даде за право да продолжам прво да ја пронајдам, а потоа и да истражувам за едночинката „Гладна кокошка просо сонуе“, што е објавена во едицијата „Мала остенова библиотека“, Скопје 1945 година, а е отпечатена во Државната печатница „Гоце Делчев“ – Скопје.

И затоа јас како драматург и драмски писател ќе се потрудам да објаснам што значи комедијата и што претставува таа, како таква?!

Значи, комедијата е вид на драмско книжевно дејство во кое сите недостатоци, настраности на поединците или општеството, на поголема или помала заедница се прикажуваат на еден смешен и комичен начин.

Често во неа ја имаме и скриената иронија, градејќи ги комичните ситуации не само до директен смев, туку или со потсмев, што е пософистициран метод за комедијата, бидејќи на очиглед на сите, но не и на ликовите, им се прикажуваат нивните човекови слабости. Тоа се: фалењето, љубомората, назадноста во сфаќањето, кукавичлукот и стравот, тврдоглавоста, и сето она што може да го има едно човеково суштество, кое е спротивно на елементите на човековите квалитети и слично.

Комедијата секогаш ни ја дава сликата на помала група на поединци или некое општествено збиднување, затоа што таа, како таква одигрува голема улога во човековата свест и личната немоќ да се ослободи од личните фрустрации. Затоа, преку комедијата се сака да се постигне димензијата да се поправи единката во општеството, но и да се поправи човечкото општество со појавата на своите девијантни појави меѓу чинителите на таа општествена структура.

Затоа и писателите кои пишуваат комедии се обидуваат сликата на човековата деструкција да ја покажат на што е можно

[18] Миодраг Друговац, „Повоената македонска литература I дел“, „Просветно дело“, Скопје, 1979 година;

пореалистичен начин, со тоа што комедијата станува реалистично дело. Имајќи ја предвид темата за која се пишува, стилот на комедијата по правило е едноставен, жив, лесен, јасен, весел и духовит. А што се однесува до ликовите коишто играат во неа, тоа се повеќе ликови меѓу кои може да се направи заплет, а расплетот пак, не секогаш, но обично завршува среќно, така што комедијата завршува со победа на правдата на разумот.

Таква е и едночинката „Гладна кокошка просо сонуе“ на Блаже Конески од која можеме и изворно да прочитаме како е пишувана и што претставува таа за гледачите и читателите.

Шесте години истрајност ми дадоа за право не само да ја пронајдам, туку и да направам една куса анализа на едночинката „Гладна кокошка просо сонуе“. Читајќи ја повеќе пати, забележав дека таа е пишувана наменски, при што се исмејува еден период кој заминува од Македонија, а тоа е периодот кога Македонија станува Вардарска бановина, и периодот кога Македонија е окупирана од фашистичка Бугарија.

Целата приказна сместена во едночинката се одигрува за време на дочекот на Новата 1945 година, меѓу ликовите Дара, Богдан, Пијаниот, Докторот и Милка, која на крајот не само што завршува со комичен, туку и со поучен крај.

Оваа едночинка е пишувана на изворно разговорен македонски јазик и затоа ќе се држам до него, односно до оригиналното пишување на Блаже Конески, без никакви интервенции, зачинет со примеси од „расипан“ српскохрватски, (кој повеќе наликува на кумановски), но и на бугарски јазик. Притоа, дијалозите се одвиваат со голема брзина.

Имено, во текот на ноќта кога всушност се случува дочекот на Новата 1945 година, едно српско семејство кое го сочинуваат Дара и Богдан пукотниците од славењето на новата година го замислуваат како доаѓање на нивната српска кралска војска во Скопје и повторно поробување на Македонија како Вардарска бановина.

Потоа Дара, мислејќи дека во Скопје влегува српската војска го буди Богдана од сон, но преку прозорецот го здогледува Пијаниот, за кој мислат дека е војник на српската војска која повторно

влегува да го окупира Скопје и Македонија повторно да ја претвори во Вардарска бановина, зашто според нив, оваа српска војска била ослободителна, па ги нападила Бугарите во текот на Втората светска војна, од „своите историски корени“. Еве како изгледа сето тоа:

...„ДАРА – Боже, шта је ово пуцање оволико? (Оди пополека накај прозорецот и наслушуе). Да га будим Богдана или не. (Надвор некој забрзан мини. Глас однадвор, препалено: Држикјевците... Дара се штрекнуе како боцната) Наши... наши... Сирота ја, кје ми искочи срце... Истина ли је? Они... они... још водив борбу... (Растрепетена од радоси таја трчка и го буди мажа си) Богдане, Богдане, устај дико моја – догјоше наши... Наши догјоше...

БОГДАН – (Се буди тешко од грченјето) А?

ДАРА – (заогја) Наши... наши... Догјоше... Богдане...

БОГДАН – Какав си враг нашла да ме будиш посред нокј?

ДАРА – Ех, глувчо мој, глувчо... Не чуе, јадан... Чекај, ја... (Оди брзо и го отвора прозорецот. Богдан седи намусен в кревет и ја гледа шо праи, уште нерасонет. Светната) Слушај, још на неки крај борбу водив... Боже помози на наши и ти света Богородице... (Оди накај него и вика што и грло носи) Наши угјоше у Скоплје, Богдане. Наши, бре... наши... (Дури на уво): Четници...

БОГДАН – (полека подразбира и најпосле како од гром трештен) Шта кажеш, море жено?... Да ни нешто... Четници велиш.

ДАРА – Да..., да... они... Догјоше мили... Начекасмо се... Ах, мајко моја,... кју полудим од радос... Стани мало... (Се спушта накај сандачето во катот и буричка внатре. Богдан ја следи возбуден, уште во неверица и се појкје се поткрева во креветот. Таја вади отаде урамена слика од крал Петар, ја гушка и ја бацуе) Мило моје... чедо моје златно... сироче моје. Да те кријем, јадна, у сандук, да не видив ови. (Ги стега забите). Од сак ту кје ми стојиш до икону, сунце моје (Ја закачуе сликата на дзид).

БОГДАН – (рипа од кревет) Жено, брже панталоне. (Дара му ги подава). Дакле, истина је?

ДАРА – (од умиление може само со глава да му потврди. Се поприбира и се опира на него. Покажуејки на прозорецот) пуцав још... бум... бум... боже мој... овако је... (Во тој момент се издига надвор – во квадратот на прозорецот црвена ракета).

БОГДАН – (веќе сосем уверен) А-а-а... (Оди накај сликата од кралот, застанує прописно, поздравує војнички и вика) Живео краљ.

ДАРА – Живео...“ [19]

Значи за подобро да се разбере комедијата, најпрвин мора да се знае што е хумор, иронија и сатира, а тие се основните темели при пишувањето на комичен драмски текст.

Хуморот е начин на изразување со кој се кажува нешто на смешен начин, што треба да биде пријатно и прикладно за слушање. Во хуморот смешно е сето она што предизвикува нескладност помеѓу желбата на поединците и вистинските можности за да се реализираат тие состојби.

Комичен е се разбира секој оној што се прави дека е храбар, а всушност е плашлив и кукавица, или пак оној што зборува дека е човечен, достоинствен, карактерен, а всушност е понизен и дволичен. Некогаш се случува, некое несовпаѓање да се истакнува заради шега и хумор, потоа забавата и доброто расположение во дејствието на драмскиот текст. Потоа, смешното лесно може да прејде во груба шега, со боцлив потсмев, кога се исмејуваат телесните или духовните недостатоци. Затоа за иронијата и сатирата како вид на комедијата се вели дека таа претставува хумор што преоѓа во суров потсмев. Со ваквиот вид хумор што е присутен како позајадлив, по сигматизиран, па дури и со силни навреди се осудува тоа што не чини кај поединецот или општеството. А ако обичните човекови слабости, кои не се во голема мерка развиени се прикажуваат во блага форма и тоа останува на ниво на хуморот.

Па спрема намената и начинот на обработка на драмските ликови во комедијата, или во комичните ситуации, таа се дели на комедија на интриги, комедија на карактери, комедија на суштини.

Поаѓајќи од фактот дека за комичната едночинка на Блаже Конески, „Гладна кокошка просо сонуе“ не е пишувано ништо, независно од нејзиниот обем, сепак морав да ја препрочитам повеќе пати за да пронајдам, што е спорно кај неа, и зошто нема ништо забележано во драмската литература.

Јас, не можам да ја спорам креативноста и генијалниот ум на Блаже Конески, за кого секогаш е пишувано дека е апостол на

[19] Блаже Конески, „Гладна кокошка просо сонуе“, „Мала остенова библиотека“, Скопје, 1945;

македонскиот јазик, на македонската литература и книжевност, се разбира како што наведува и Миодраг Друговац,

„...Длабока е браздата што во македонската историја ја заорал научникот и писателот Блаже Конески или кога ќе дополни со својата сеопфатна научно (лингвистички) и книжевно- историски квалификувана систематизација и синтеза на тоа дело итн.“...[20]

Е сега, мене ми се отвора дилемата зошто Блаже Конески е „отфрлен“ и како драмски автор?! За ова се прашуваат и тие што ги консултиравме, но еве пишувам и јас, затоа што оваа негова едночинка заслужува да биде спомената, или пак за неа нешто да се напише.

Рака на срце, мора да го признам фактот дека за оваа едночинка на Блаже Конески има напишано само проф. д-р Димитар Пандев, кој својата научна дискусија ја образложил на Семинарот за македонски јазик, насловен како „Заложбите на Блаже Конески за македонскиот јазик и литература во 1945“, која е објавена во книгата „Слова и согледби за Блаже Конески“, објавена во издавачката куќа „Култура“ од Скопје во 2019 година, а може да се сретне на страниците 63-64.

Притоа, проф. д-р Димитар Пандев ќе напише: „...Драмското во текстот се засновува врз погрешно протолкуван, инаку долго очекуван знак од страна на главните ликови во драмското дејство. За реакционерите, пукотниците по повод прославата на Новата 1945 година, по завршувањето на Втората светска војна во Македонија, се сфаќаат како контрареволуција, како преврат, со кој историјата се враќа на веќе претходно поставената позиција. Тоа е тој клучен, воведен детаљ во драмолетката, тоа е таа тема мошне поинаку обработена во драмската литература, од една страна во Гоголевиот „Ревизор“ и во Нушиќевото „Сомнително лице“ (погрешна идентификација на дојденец врз претходно добиена „доверлива“ информација), но и кај Албер Ками (како недоразбирање, сп. „Недоразбирање“ објавена во 1944 г.), кај Ристо Крле (како заслепено непрепознавање во „Парите се

[20] Миодраг Друговац, „Повоената македонска литература I дел“, „Просветно дело“, Скопје, 1979 година;

отепувачка“), па и кај Конески во „Гладна кокошка просо сонуе“ како непомирливо несфаќање на промената, како заслепено отсуство на слух за промената и на можноста од поинакво „читање“ на знаците: „пукотницата“ како етнокултурен знак, во дадената типична средина, со значење „веселба“ наспроти „пукотницата“ како знак во услови на војна. Станува збор, значи, за семиотичко читање на знаците во зависност од сопствените (личните) очекувања на нови ситуации (говорни чинови), за толкување на знакот во согласност со сопствениот поглед на свет, за некоординирана комуникација на ликовите со стварноста.

Од јазичен аспект, оваа агитка го привлекува вниманието на читателот преку воспоставената диглосија кај одделни македонски родени зборувачи, претставени во драмата преку соодветни ликови како приврзаници на туѓи идеологии (српската, бугарската) по однос на употребата на македонскиот народен јазик наспроти употребата на српскиот, односно, на бугарскиот јазик.

Целта на агитките, бездруго, била да се исмеат реакционерите на револуцијата. И таа цел е одлично постигната во драмолетките од тоа време. Но, Конески, според наше мислење, оди чекор напред, па внесува и една, би рекле, предупредувачка нотка, која е во согласност со прагматичките теории на играта.

Со драмолетката „Гладна кокошка просо сонуе“ преку односот наслов-текст, Конески го воведува својот интерес кон простите форми, тема на која постојано ќе ѝ се навраќа. Подготовката како проста (едноставна) форма претставува подлога за друга разгранета, но исто така едноставна форма создадена во определено време (агитка). Впрочем, тука ја следиме онаа психологистичка линија во историската лингвистика на Вилхелм Вунд, која особено доаѓа до израз кај Александар Потебња, и која отвора цела една историскоетнографска струја во македонската фолклористика на преминот од XIX во XX век. Блаже Конески, всушност, когнитивно разгранува јазичен гест зацврстен во народната психологија во ангажиран драмски текст. Овој текст не е само обично плаќање данок на времето, тоа е текст со свои семиотички и дидактички вредности, кои се во согласност во оние прагматички теории во филозофијата кои се суштествени за

американкиот бихевиоризам, и кои се јасно претставени во книгата „Јазик“ на Л. Блумфилд (1933). Имено, што ќе се случи, ако се случи? Во контекст на времето кога е создадена драмолетката, би рекле: когнитивното предупредување на Конески гласи: непријателот не спие, и тоа е таа дидактичко-морализаторска димензија на текстот.

Својот, пак, интерес кон простите форми, Конески ќе го изложи во една специјална пригода во 1985 година, по повод прославата на јубилејот на лекторатот на полски јазик на Универзитетот во Скопје (сп.: Конески, Б., „На фонот на „Пан Тадеуш“, Славистички студии, 25 години на лекторатот по полски јазик при Катедрата за источни и западни словенски јазици и книжевности, Скопје, 25-26 јуни 1985, Универзитет „Кирил и Методиј“ Филолошки факултет, Скопје 1989, с. 7-11).

Инаку, на Конески одлично му била позната филозофијата на јазикот на Хумболт, на Потебња, како и на нивните следбеници. Во која мера, пак на Конески му бил познат прагматизмот, и особено Блумфилд, во тоа време, е прашање што заслужува соодветно внимание. Појавата на оваа драмолетка треба да се разгледува во тесна врска со професионалниот ангажман на Конески, не само во Македонскиот народен театар, туку и во списанието „Остен“...[21]

Во овој контекст може да се спомене дека македонската драма е поделена во четири фази, а за тоа има пишувано веќе споменатиот Миодраг Друговац, а јас тие фази сум ги забележал во својата книга – учебник за студентите по драматургија „Драмата во стих во македонскиот театар“, објавена од Универзитетот за аудиовизуелни уметности – Европска, Филмска, Театарска и Танцова Академија – Скопје, Париз, Есен, Ротердам, 2019 година.

Токму во таа четврта фаза, или во периодот, почнувајќи од 1941 година до револуцијата и по неа, кај Миодраг Друговац, Александар Алексиев и слични научници и автори кои се занимаваат со театарското творештво, а посебно за Блаже Конески, не успеав да сретнам никаков документиран запис за едночинката

[21] Димитар Пандев, „Слова и согледби за Блаже Конески“, Култура, Скопје, 2019, с.63-64.)

„Гладна кокошка просо сонуе“. И не само што се обидував да ја пронајдам оваа едночинка на Конески, туку и да направам една куса анализа на едночинката.

Тоа ми го овозможи пред сѐ мојата истрајност и обидот да ја пронајдам во пишувана и печатена форма. И кога конечно по долги години ја пронајдов, почувствував потреба да зборувам за овој трет, не само според Блаже Конески, туку и според драматургијата како наука, а јас како драматург, овој негов драмски текст, иако е едночинка, го респектирам како целосен драмски текст.

Па така читајќи ја повеќе пати, забележав дека таа е пишувана наменски со цел да се исмее еден период кој заминува од Македонија, а тоа е периодот кога Македонија станува Вардарска бановина, и периодот кога Македонија е окупирана од фашистичка Бугарија.

Комичната едночинка што се одигрува за време на дочекот на Новата 1945 година, меѓу ликовите Дара, Богдан, Пијаниот, Докторот и Милка, завршува не само комично туку има и поучен крај.

Ете, читајќи ја комичната едночинка на Блаже Конески „Гладна кокошка просо сонуе“, можам, само да кажам зошто е потребно да се познава комедијата како жанр и потоа нејзините поджанровски поделби? Затоа што само така ќе се види вистинската слика на комичната ситуација, што сака да ни ја прикаже драмскиот автор. Вистина е дека тоа Блаже Конески во својата едночинка вешто го направи. Тој дури и ја употребува **комедијата на ситуации**, што во тој период не беше присутна кај драмските сценски писатели, бидејќи таа најпрвин како поджанр се појавува во комедиите изведувани како радио драми, а денес таа е присутна и во телевизиските комедии и на театарската сцена. Со ова може да се потврди само податокот дека Конески бил пред времето од сите дотогашни драмски автори кои не се зафаќале со пишување на комедии, туку со битовите драми и трагедии, бидејќи и комедијата како жанр е тешка за пишување.

Потоа во другиот дел, или слика на комичната едночинка, може автентично да се прочита и овој дел:

...„БОГДАН – (со олеснуење) Ох - ох - ох - ох... (На Дара) Велиш, јоште се води борба?...

ДАРА – (му потврдуе).

БОГДАН – (оди накај прозорецот и се подава надвор. Пуканје понаблизу. Нови ракети).

ДАРА – Ју човече, шта радиш. Немој, кје те удари неки куршум... сирота ја...

БОГДАН – (го дочува пукајнето, блажено се усевнуе, се прчи и ватен од патриотски жар вика) Урааа, наши... Напред, соколи сиви... Удри ову македонску жгадију, мајку им њиову. (На Дара) Жено, сак да спомогнемо. Сак или никад. Дај... дај... брзо... Куда си га турила леворвер?

ДАРА – Што кје то леворвер?

БОГДАН – (разгорештен) Леворвер куде је, бре?

ДАРА – Куку, мајко... (Оди да го бара револверот).

БОГДАН – Да видив ти гадови како се бори жандармериски наредник Богдан Крушкикј за кралја (ја погледуе сликата) и отаджбину.

ДАРА – (го носи револверот, а му покажува в рака само еден куршум) Што кје урадиш... бре човече, само један куршум ти је останаја...

БОГДАН – Дај, што гњавиш, сунце ти женско. Један куршум – једно пцето манје на землју (Дара му го дава револверот. Тој го милуе, го полни, оди кај прозорецот и застануе на готовс).

ДАРА – (зад него, го гледа сега со дивленје) Такав ми је он. Делија. Мој Богдан – Југ Богдан. Мој Солунац.

БОГДАН – (се врти и тивко). Псст. Иде неко све уз тарабу. Наш ли је, њиков ли је? (Го стега пиштолот).

ДАРА – Сирота ја, немој грешка да стане... (Во тоа време зачстуе негде наблизу пуканје. Надвор се слуша крцканје од снегот, а туп пад од чоек со вик: А - а - а...)

ДАРА - Јао... (преплашена бега и се покрива на кревет со јорганот преку глава).

БОГДАН – (И тој малку отстапуе, пеплосан) Убише човека...

(Пауза)

ГЛАС ОДНАДВОР – (офка) Оф... оф... оф... Аааа.

БОГДАН – (надзира низ прозорец): Жив је... мрда... (Го стега пиштолот). Боже помози... ако је наш – кју га спасем, ако је њиов’ – кју га докусурим. (Излегуе брзо надвор. Вратата по него силно треска).

ДАРА – (Сс подава од под јорган) Куку мене... Куде ме остави саму?... (Оди накај иконата) Богородице мила, помози... (си шепоти

молитва). (Надвор се слуша возбудениот глас од Богдана: Ништа, ништа, брале... Држ се здраво за мене... Кју те покачим горе... (Другиот стенка).

ДАРА – (Напрегнато слуша. Чекори по скалите. Таја ја отвора вратата) Шта је?

БОГДАН – (го носи под мишка Пијаниот. Овој је раскрвавен на челото и се порева).

ДАРА – (шлака со раце) Ију-у-и-у...

БОГДАН – Придрж, жено. Наш је. Ранјен. Одма го познадо по браду и шубару. (Го носат на кревет. Пијаниот издава само некакви неартикулисани звуци, Дара му ги собува чевлите, го покриваат)“... [22]

Е сега, оттука му се дава на едночинката уште еден интересен момент, кога всушност, целосно се употребува **комедијата на ситуации**.

Зошто ја споменувам комедијата на ситуации?!

Затоа што дејствието на комедијата на ситуации го прават ликовите кои се појавуваат во вообичаеното опкружување, како што се домот или работното место.

Во случајот, во едночинката кај Блаже Конески, дејствието се одигрува во домот на Богдан. И затоа интересен е моментот на појавата на третиот лик во едночинката, ликот на Пијаниот.

Целото ова дејствие може да се види и во овој дел од едночинката на Блаже Конески, „Гладна кокошка просо сонуе“.

„... БОГДАН – Брзо, жено, завој... јод... све што треба... (На Пијаниот) Не бој се, јуначе... Није ништа... Кје прогје то... Да знаш само колико је рана од мегдана твој чича Богдан поднеја...

ПИЈАНИОТ – (развлечено, сам за себе) А-ллл-оо...келнер дддај... Плашта...

ДАРА – (се вракја) Бунца сирома... (Му го измива челото и го преврзуе). Јели ти болје сак, јуначе?... Јадан... јадан...

ПИЈАНИОТ – (сака да се поткрене, но пагја пак назад) Е-е-е-а... (Дара го присилуе да лежи. Тој ја забележуе и ѝ се плази) Про-клета бббабо...свинјска. Пушти... ммме...

БОГДАН –(со најголем интерес следи што зборуват тие. На Дара) Шта каже, бога ти?

[22] Блаже Конески, „Гладна кокошка просо сонуе“, „Мала остенова библиотека“, Скопје, 1945;

ДАРА – (му дава знак да кјути) Нека си почине... Јадан... Не зна шта говори... Јадна његова мајка...

БОГДАН – Е, боже, што сам глув...

ПИЈАНИОТ – Ало... ало... келнер... Мммајку шаш... – Што? ... Мммене ли... мене, а?... Ајде... уддри... уддри... (Се поткрева, Дара не му дава да се испрај) Ттти... бабо свинјска... (Пагја) Аллооо...

БОГДАН – Шта је жено?... Чини ми се споминје кралја?

ДАРА – (за себе) Бунца, јадан... (На Богдана, вика) Само виче: ало, ало...

БОГДАН – Ало?

ДАРА – Јес.

БОГДАН – А-ха... Сак ми је јасно. Он је од вод за везу телефонист. Питај га... Чекај, ја кју га питам...

ДАРА – Остави га човека нека се одмори...

БОГДАН – Пусти, пусти... (Се наднесуе над Пијаниот, вика) Од кој си ти корпус, јуначе? Од Златиборски или од Равногорски? (Пијаниот во тој момент длабоко заспива). Шта му је, бога му... шта му би? Онесвести се човек...

ДАРА – (го трга, за ракав) Мечко... Што се дереш... Онесвести се човек од твоје виканје...

БОГДАН – Брзо, жено, ладне облоге.

ДАРА – Забога, кјемо умртвимо човека. (Дури таја растрчуе, Пијаниот почна спокојно и длабоко да си грчи).

БОГДАН - (го гледа со страхопочитание) Ех... јуначина... као од брег одваљен.

ДАРА – Слава богу... ништа му није... Спава...“ [23]

И дека позацврстено и посигурно Блаже Конески сака да ни ја покаже силината на комедијата на ситуациите на сцена, ни го дава и четвртиот лик, а тоа е ликот на Докторот, кој всушност е Бугарин и живее во истата куќа заедно со Богдан и Дара, но на другиот кат.

Токму, преку оваа слика што автентично, како што ја пишувал и Блаже Конески можеме отворено да ја забележиме неговата желба преку комедијата едночинка, да ни ги покаже пропагандите кои дејствувале во Македонија во тој период, и од српска, но и од бугарска страна.

[23] Блаже Конески, „Гладна кокошка просо сонуе“, „Мала остенова библиотека“, Скопје, 1945;

Можеби и затоа ликовите на Богдан и Докторот се ставени во една куќа, која компаративно делува на Македонија, врз која се надвиснале сивите облаци и од Србија, како Вардарска бановина, и од Бугарија, како дел на Западното Бугарско царство.

Автентичноста на јазикот на кој може да се прочита едночинката на Конески е всушност онаа нивна (се мисли на ликовите кои играат во неа) незрелост, затоа што и покрај сите случувања, тие сѐ уште мислат дека Македонија ќе биде нивна, и ќе биде заробена, без разлика дали станува збор за српска, или бугарска окупација.

Блаже Конески тоа многу вешто и многу итро ни го покажува, како врвен стилист кој многу работи на своите реченици, но ни покажува дека и двата окупатори имале меѓусебна врска, оти тие се подготвени да си подадат рака само да ја држат Македонија сѐ уште под окупаторски јарем. Сето тоа можеме да го видиме и во следната слика од неговата едночинка „Гладна кокошка просо сонуе“.

„... ДАРА – (накај сликата од кралот) Слатко. Па што је леп, што је леп наш млади кралј. Као сунце ми сија од ѕид.

БОГДАН – (се вракја и запира пред сликата од кралот) Шта велиш, жено, треба да је пораснаја наш млади кралј. Е - хе, и женија се. Расту деца.

ДАРА – (Се топи и си ги стиска рацете).

БОГДАН – Кјемо га дочекамо, кјемо га дочекамо... Нашег кралја... Па да видимо тад куде кје оние што викаше „Доле кралј“... Јакако... Па кад прогје он, соко сиви, по Душанов мос са кралицу... па музика... па заставе... они ми ти генерали по њега... па ту ти и Дража Михајловикј, јуначина стара... Ех, што кје то буде дан, сунце ти твоје... Гледаш, вракја се наше све као раније... А ја и ти тамо у први ред... Па ондак, ево тебе, Богдане, ево тебе, Даро, плата за све ове три године одједаред... Живите...

ДАРА – (подголтнуе од радост) Јели истина?...

БОГДАН – Па ондак, оди ти Богдане, врли родољубе, тебе кјемо ми за среског начелника...

ДАРА – (поривно го прегрнуе) Дико моја... тоа да дочекам па да не жалим што кју умрем...

БОГДАН - (продолжуе)... за среског начелника, да видиш мало рачуни са ови антидржавни... (Истапуе бесно напред и се прчи) Ја кју им

покажем, ја... нико, други... Мајку им шашаву, шта су они мислили, а? (Се појкје се пали) Да кје то вечно тако, а? Ево им сак нова Југославиа, ево им Тито... ево им „Доле кралј Петар“... Сак кјемо се ми питамо за јуначко здравље... Па да видиш како кје летив главе... (На Дара) Жено, да не заборавим, јутре то да ти буде први посо; да гу наоштриш каму...

ДАРА – Окју, дико.

БОГДАН - Кју колјем, бре... Кју колјем... Још јутре кју колјем... Мајку им македонску... Кје видив оние ко је бивши жандармериски наредник Богдан Крупкикј. Нема да искалим овај јад што сам га набраја, док не заколјем дваесетину. Кју се осветим ја за оно што преживесмо, за наши затвореници, за крв на сви борци; што ја пролеваше за кралја и отаджбину, као овај јунак овде у постељу (покажуе на Пијаниот).

ПИЈАНИОТ – (одеднаш почнуе во тој момент да блуе).

ДАРА - (од како што што го слушаше Богдана) Јууу, добога. Шта му је?...

БОГДАН – (загрижен се растрчуе). Копе га изби на горе...

ДАРА – Повракја црвено... Крв... Шта кјемо сак?...

БОГДАН – Трчи, жено. Зовни доктора. Ту над нас... Што си изгубила главу, бре?... (Дара истрчуе). (Богдан и Пијаниот сами).

БОГДАН – (очински грижно ги брише со крпа блујаниците од Пијаниот).

ПИЈАНИОТ – (си иде на себе си и се одржаруе).

БОГДАН – (израдуван) Слава богу, прогје криза.

ПИЈАНИОТ – (зачуден гледа околу себе. Не може да се сети како допаднал тука) Надо мори... (Пауза). Ја нема Нада... (Се продзева).

БОГДАН – Јели ти болје, јуначе?

ПИЈАНИОТ – Е-хе, уште ми сс врти, чини-чао... Пивнав мммалку... знаеш... Нннова година...

БОГДАН – Не бој се ти ништа, јуначе. На сигурно си место. Ми смо своји, Дражикјевци...

ПИЈАНИОТ – Овај па ззза по-лллитика ми рррас-права... Ништо... Сссогласен сссум... Кје преспијам тттука...

БОГДАН – (сиот напрегнат да чуе и му се пули право в уста) А јели, колико вас је било вечерас?

ПИЈАНИОТ – Сстара компанија... Миле, Кјоле, Петко, јас удрри вино, удри ракија... Ннништо, не исфркуха... Ајде, фајрон...

БОГДАН – Глув сам, јуначе, не могу те чујем ништо... Ех, што сам глув, што сам глув, мајко моја... Никад ми у животу није било више жао... Би ти позлатија сваку реч, да може да чујем... А добру им попару

припремисте вечерас, мајку им македонску... Нека видив оние како четник бије за краља и отаджбину...

ПИЈАНИОТ – Ммморе, каков четник... Јјјас?... Нне... јас сум, гггосподине мммој, преблискиот распоп... Нне сум достоен ззза мантија... тттоа је верно ... пппризнавам... Уште брадава ми остана... Пијем... пппушим...

БОГДАН – А окје ли Дражa скоро овамо? Викни, сунце ти, јаче... (Му го носи увото до самоти уста).

ПИЈАНИОТ – Шшутур човек... (Се врти на другата страна и заспива).

БОГДАН – Види ти мене, шта га питам. Па то је још војна тајна. Јакако. (Влегуе забрзан Докторот, по него се плетка Дара).

ДОКТОРОТ – (сиот сметен) Добро вечер, комшија... (Му ја подава раката на Богдана).

БОГДАН – Фала, докторе, фала. Ето, ту је ранјеник. Слава богу, криза прогје... И поразговарасмо се мало... Што он прича...

ДОКТОРОТ – (се наведуе над Пијаниот) Спие...

ДАРА – Спава... душа слатка...

ДОКТОРОТ – (го прегледуе, му го пипа пулсот) Ништо нема... госпожо... Малку се згмечил, знаете. (Душка). Мириса на вино.

ДАРА – Сигурно се напија мало човек, за кураж.

ДОКТОРОТ – (Се врти накај Богдана и се топи сиот) Комшија... значи... пак се сврте светот... Кај што текла вода, пак кје тече... Но... знаех аз... И штом спука вечерва, казвам на жената...

БОГДАН – Докторе, седи мало, докторе Изволте. (Седнуват на маса). Као што видиш, дакле, како вели наш народ: Јопе вода на нашу воденицу“... А, што кажеш на ово? (Гледајќи оти докторот се тутка). Не бој се ти докторе. Ја ку те заштитим, куде треба. Кје будеш под моје крило као код мајку.

ДОКТОРОТ – (се умилкуе). Фала, комшија... Ние треба да сс заштиштаваме... Денес ја тебе, утре ти мене... Е-е-е... кажете вие, госпожо, дали не сум ви услужил?...

ДАРА – Ау, како не?... у бугарско време...

БОГДАН – Кју ти кажем ја тебе право у лице, докторе: ти си бугараш (Докторот се штрекнуе). Ја, знаеш како, што на ум то на друм – отворено. Јеси бугараш. И са они Вемеровци имаш везу. Ајде признај: јеси или ниси?...

ДОКТОРОТ - Ама... според извесни указанија... (Уклончиво слегнуе со рамената). Знаете, секи си има извесно минато...

БОГДАН – Дакле, ти си бугараш. Но не бој се ништа. Кје видиш зашто ја то... Истина је, ти се стави на услугу на бугарску политику и пропаганду – и говори држа, и шта ли не... Но, наш народ каже: „На муку се познаев јунаци“. Кад догјоше ови Титовци, тад те ја познадо да си баш човек. Питам ја жену: жено, велим, овај наш комшија од коју се сак веру, да ние и он сас њи?.. Не, вели, но дрвље и каменје ма мји сиплје... А-ха, мислим си ја. И до сак ти га нисам казаја, но сак ти га казујем, догје ми, брате, мило што смо се нашли на један фронт, и еве ти моја рука да и далје идемо заједно. (Му ја подава раката). Руку к’руци, нисмо Турци.

ДОКТОРОТ – Комшија, јас сум тврдо на становиште, че е апсурд шумците држава да управљават. Апсолутно апсурд. Од шума дојдоха, таму нека си се вратат.

БОГДАН – Докторе, нема што да се оправдаваш. Ти само спокојно. А и ништа те не чујем. Но ја кју те болје од тебе оправдам. Ти си доктор, бре, учен човек: како кје ти буде тебе шумци да те командуев? За њи-ето им шума, брате. Из шуму дојдоше, ушуму нека се Вратив... Јели тако?

ДОКТОРОТ – Имено. И аз тоа го потчертах. И после: создават народна власт. На народа власт да му дадеш? Па... па... па... па... За народа треба цврста рака и бич, да нема да мрда. Тогава је народа послушен и исполнителен. А, вака, пази боже, очите кје ни ги извадат.

БОГДАН – Чекај, докторе, још на нешто кју ти укажем. Каку демократију, каку ведерацију, и буди Бог с нама, кје дадеш на ову рају? Па ово, брате, надигне ли глави одосмо ми. Оде и наша плата за ове три и више године. Ја шта. Треба ту ред, бре, треба чврста рука и бич. А зато ми имамо кралја, да све то попритегне. Јели тако?

ДОКТОРОТ – Да, комшија. Да. Јас имено на тоа се спрех. И после: за каква таму Македонија сонуват те? Во историческите документи нигде никакви македонци нема. Македонски блгари – да. Јужносрбијанци – да. Но македонска нација и проче – апсурд.

БОГДАН – Слушај, докторе. Ако ја не могу те чујем, барем ти ме чуј. Од где изнагјоше па ту Македонију, бога им? Те ми смо Македонци, те македонска држава?... Куде, бре? Ту, где је било цар Душаново царство?.. Па учили смо и, ми историју у трекји разред основну... Знаш ли, докторе, однесе ми то пола живот, изеде се са све џигерицу. Но, фала Богу, сак све то прогје, сак је јопе наше...[24]

[24] Блаже Конески, „Гладна кокошка просо сонуе“, „Мала остенова библиотека“, Скопје, 1945;

Во овој дел Блаже Конески преку едночинката „Гладна кокошка просо сонува“, ни дава до знаење на пропагандите кои дејствувале во Македонија, што може да се рече дека преоѓа кон **политичкиот театар**, но и не мора да значи, бидејќи **гротеската** ја содржи, фантастиката и метафориката.

Што може да се забележи преку гротеската. Токму преку ваквиот гротескен момент Блаже Конески им укажува и на гледачите, и на читателите дека и Богдан и Докторот во себе ја носат фантастиката, претворена во метафорика, дека Македонија повторно ќе падне во рацете на српските и бугарските власти. Можеби и затоа е изведен насловот „Гладна кокошка просо сонуе“.

Во продолжението на едночинката „Гладна кокошка просо сонуе“ ќе го прочитате токму и тоа.

„... ДАРА – Ви, докторе, сасвим се слажете у идеје са мога Богдана.

БОГДАН – Шта велиш, жено, може још од овога доктора да буде добар србин.

ДОКТОРОТ – Знаеш, комшија, знаете, госпожо: човек је секога во извесна еволуција. Моето воспитание сепак си је оставило свои следи, и аз сум земал во миналото извесни отношенија, но бидејќи имам во себе здраво монархическо и тоталитарно чувство, никога нема да тргнам по грешен пат.

БОГДАН – Е, баш ми је мило, докторе, што се ту нагје да се разговоримо. Окје да прелије овда радост, бре. Бога ти твога, јопе ми госе... јопе на коњу... И како све то одједаред догје, као на сан...

ДАРА – И мене се просто не верује.

ДОКТОРОТ – Чудно, наистина. Но, знаех аз...

БОГДАН – Ајде, жено што стојиш – донес мало ракију и мезенце, да се почастимо са доктора.

ДОКТОРОТ – А не, мерси. Не пијам. (Сака да си оди). Време је да си одам, ме чека госпожата горе...

БОГДАН – Не, докторе. Кје останеш. Па овој је празник, бре. Овај дан кју узнем ја за славу...

ДАРА – (Носи ракија. Им подава).

БОГДАН – Ајде, докторе. Дедер и ти, жено. Живело данашње ослобогјење, живео кралј Петар II.

СИТЕ – Живео.

БОГДАН – На здравље. Тако, луди моји. И ми да осетимо широко око врата. Дај још једну.

ДОКТОРОТ – Е, ајде... (праи гест да си оди).

БОГДАН – Не, докторе, кјемо пијемо... нема друго... Немој, молим те... (Ги креваат чашите). Ову чашу дижем у здравље на нашега генерала Дражу, и на сви краљевски генерали и министри... Да им да Бог живот и здравље, да владав дуго и да исчупав коров са нашу њиву... Живели...

СИТЕ – Живели (пијат).

БОГДАН – (оди кон прозорецот). Слободно Скопље. Види га бре, што је лепо. Жено, да не заборавиш да истакнеш јутре рано нашу заставу... Јутре кје буде, што кје буде – кад ми ступимо у дејство... Кју колјем. Докторе, кју колјем...

ДОКТОРОТ – Треба.... треба...

БОГДАН – Чисто сам се подмладија за 20 години. Песму, бре дај да запевамо, што смо се умудрили као сове? Дедер, ону нашу... (Запева): Спреми се, спремте, четници... (Дара подзема. Докторот се тутка. Богдан нему) Ајде, докторе, ајде и ти.

ДОКТОРОТ – (поцрвенуе). Зарипнат сум. (Запева).

БОГДАН – (го вади револверот). Бога ми кад не мого да убијем неко псето македонско, сак кју испалим овај последни метак барем за веселје... Од ту кју гагјам низ прозор... (Зема нишан).

ДАРА – (си ги затина ушите). Јууу, немој, побогу, кје исплашиш људе.

ДОКТОРОТ – Комшија... комшија...

БОГДАН – (пука. Сите се штрекнуват. Пијаниот подрипнуе в кревет).

ДАРА – Шта уради...

ПИЈАНИОТ – (гледа ракија пред нив. Спокојно се подсмева) О-хо... ракија...

БОГДАН – Да ти није – нешто стало?...

ПИЈАНИОТ – (покажуе со гест оти сака да пие).“... [25]

Е, сега, Блаже Конески покрај тоа што ја употребува **комедијата на ситуација**, тој во едночинката ги употребува и **комедијата на интригата**, **комедијата на карактерот** и **комедијата на наравот**.

Значи, во оваа мала едночинка Блаже Конески успева да ги употреби сите елементи на комедијата.

[25] Блаже Конески, „Гладна кокошка просо сонуе“, „Мала остенова библиотека“, Скопје, 1945;

Зошто, Блаже Конески ја употребува и комедијата на интрига?!

Тоа е многу едноставен одговор, затоа што овој тип на комедија предизвикува хумор и смеа поради некое несогласување и грешки (грешката на Богдан со Пијаниот). Смешниот, или хумористичниот дел во драмското дејствие се постигнува одненадеж со неочекувани свртувања на дејствието во друга насока, на спротивностите, па тогаш ликовите во комедиите не умеат да се снајдат (моментот кога Богдан му се обраќа на Докторот дека е бугараш, ама ќе стане добар Србин итн.).

Таквите невешти и неснаодливи ликови, најчесто се обичните луѓе од секојдневниот живот. (Затоа и Богдан и Докторот живеат во една иста куќа). Па според тоа комедијата на интрига нема цел да исмејува, туку да овозможи гледачот или читателот да се забавува, а смеата и хуморот се лесни и без злоба. Е, затоа овој вид уште еднаш ќе кажеме дека е наречен и како **комедија на ситуации**.

Што се однесува пак до комедијата на карактерот, таа ја покажува човековата страст која преоѓа од индивидуалните рамки. (Богдан и Дара кога очекуваат повторно да се врати кралот, и затоа ја враќа фотографијата на кралот која ја криела во долапи, Македонија да биде Вардарска бановина, оти поинаку ќе ги изгубеле и платите за три и пол години, што не ги добивал Богдан). Е сега, со нивните улоги Богдан и Дара претставуваат повторна опасност за општественото живеење, и можат да се окарактеризираат како негативни личности. А за да се изразат нивните негативни желби и склоности и тие да станат повидливи, писателот, во овој случај, Блаже Конески се служи со многу вешт писателски контраст. Затоа што покрај негативните личности како што се Богдан, Дара, и Докторот, тој во едночинката ги става и позитивните личности Пијаниот и Милка. Во овој случај со таквата постапка се истакнуваат недостатоците и слабостите на главните негативни ликови.

Комедијата на наравта пак, која повторно Блаже Конеси успешно ја воспоставува во едноочинката „Гладна кокошка просо сонуе“, ни го покажува недостигот и превртените сфаќања на една цела општествена средина во едно време. Тоа беше окупацијата на

Македонија под српско и под бугарско владеење. Обично, писателот, во случајот Блаже Конески, ни ги прикажува не само нескладот, помеѓу двете генерации, Богдан, Дара и Пијаниот и Милка, туку и различните временски периоди, а тоа е српскиот период на владеење, прикажан преку ликовите на Богдан и Дара и бугарскиот период на владеење, прикажан преку ликот на Докторот.

Сето ова претставува цел да се прикаже, но и да се укаже на штетноста од таквите окупаторски појави и таквите нивни лични нарави и фрустрации. Според тоа, Блаже Конески преку својата едночинка на смешен начин сакаше да ни ги покаже недостатоците и слабостите на поробителите на Македонија, а со цел дека општеството во случајот Македонија, ќе ги надмине тие слабости и морално ќе се издигне над своите вредности.

Блаже Конески успешно внесува нов лик на сцената, тоа е ликот на Милка, преку чиј лик всушност сака да ни го покаже новото време кое доаѓа во Македонија, веднаш по Втората светска војна. Блаже Конески како автор композициски го врзува и последниот лик, докажувајќи дека и ваква како што тој прави, може доблесно да се прикаже убавината која допрва треба да дојде во Македонија.

Впрочем и затоа дејствието на комичната едночинка „Гладна кокошка просо сонуе“ е порака испратена до сите непријатели дека Македонија е вечна и дека секогаш тој ќе биде не само дел од неа, туку и преку својата книжевна моќ ќе се бори за неа. Тој во една прилика самиот ќе истакне и ќе напише: „Големо ни е името ќе сакаат да ни го земат“. Што е можеби и појдовна точка да се напише оваа театарска претстава, како едночинка и како комедија, бидејќи тој и преку комедијата на непријателите им ја испрати пораката уште во далечната 1945 година дека Македонија е една и единствена.

И, за да го потврдиме сето ова што го пишуваме, веќе во последниот дел од едночинката убаво може да се прочита и да се разбере, но и да се соочат и другите ликови во пиесата дека одземањето на нешто не е така лесно. Тоа впрочем, Блаже Конески

го прикажува преку ликот на Милка која најверојатно ја претставува како Македонија.

„.... БОГДАН – (се врачја радосен, го зема шишето и го пои). А још једну... још једну... још... Браво, бре, ово је баш делија... Него шта, не може свака ргја да буде четник...

Во тоа време се слушаат гласои однадвор. Женски глас: Ајде сега, врати се, Перо... Машки глас: Чекај, уште малку... некако не ми се оди... Женски глас се смее: Ајде... ајде... добра нокј... утре пак кје се видиме... Машки глас (тажно): Добра нокј.

ДАРА - (заслушана сета надвор). Враќа се комшика из град... Њу да питамо...

МИЛКА – (сама тропнуе и влегуе. Со неа влегуе свежина). Шта је ова врева и пукотници кај вас... дури оданде се слуша... Дај, реков, да надзрам малце... Честита ви Нова година на сите... Арна компанија сте се собрале...

ДАРА – Јели, од град ли идеш?

МИЛКА – Да.

ДАРА – Па шта има тамо?

МИЛКА – Ништо.

ДАРА – (земјосана) Како ништо?... А оно пуцање?...

МИЛКА – Па ништо. Си се веселат лугјено. Нели вечерва је Нова година... А што си сторивте вие?.. Сигурно сте се исплашиле?..

ДАРА – (омалодушена). Ништа... ништа... (Брзо оди, ја симнуе сликата од кралот и ја крие зад себе си).

ДОКТОРОТ – (ја спраштуе надвор. На Милка) Извинете јас по работа...

МИЛКА – Што му стана па на овега?

БОГДАН – (тој досега земаше колку се може поважна поза накај Милка). Е, девојко, шта велиш сак? Шта кјемо сак? Ето, видиш, догјоше наши... Сак смо ми на власт... Сак кјемо ми покажемо шта знамо... Сврши се ваше... (Дара му праи одзади очајни знаци да молкне). Остави, жено. Кју јој кажем направо: ако је дошла за оца да моли; нека си иде. Њега кјемо ми бесимо.

ДАРА – (Трча накај него и го вакја да не зборуе. Сликата ѝ испаѓја и се гледа кралот). Доста, будало... доста...

БОГДАН – (ја отфрлуе). Остави ме, бре... Ти си увек била мека срца... (На Милка) Нема милост код нас. Кад твој отац зна да се бори за некакву нову Југославију, ми кјемо му дамо заслужено. Шта је мислија

он, а? Да кје вечно тако остане? Ето му сак његов Тито: Скопје је наше... Било је и кје буде наше...

МИЛКА – (изненадена се пули во Дара. Мала пауза).

ДАРА – Ју, битанга. Довеја ми ту неке пијандуре. (Покажуе на Пијаниот). Напили се као свиње, проклети...

МИЛКА – (полека си излегуе и од врата). А, такви сте вие, значи. Кје видиме чие је Скопје...

ДАРА – (во првиот момент остануе како скаменета. После одеднаш ја обвакја бес, трча кај Пијаниот, ја вади пантовката и го удира по глава). На ти, на... пцето пијано...

БОГДАН – (запрепастен се притрчуе и грубо ја отфрла за мишка). Ти си полудела... сунце ти женско... (Стиска тупаници).

ДАРА – (плаче и си ги крши прстите). Шта учинисмо... Богдане... шта учинисмо...

БОГДАН – (поомекнуе). Шта ти је, бре?

ДАРА – Преварисмо се... мајко моја... (Вика) Наши нису ту... Богдане... Нису наши...

ДАРА – Скопје није ослобогјено... Наши нису ту...

БОГДАН – (счудоневиден) Шта кажеш? Нису наши?..

ДАРА – (му потврдуе со глава).

БОГДАН – Ама ти си заиста полудела... (Се вакја за стол да не падне). Па Бога ти твога... Зар може тоа да буде?... (Погледуе накај Пијаниот). А-а-а, овај?...

ДАРА – (плука на пијаниот). Пфуј, лопужа нека...

БОГДАН – (оди и го свлечкуе за јака Пијаниот од кревет. Го дрма). Ко си ти? Кажи ко си, бре?

ПИЈАНИОТ – Само гјибнете ме... јас се кје кажам...

ДАРА – (го отима). Пусти га, гјаво га однеја. (Пијаниот се исчепкуе и бега надвор. Тешка пауза).

БОГДАН – Ама како то? Значи... наши нису заузели Скопје... Ама јели могукје? Сак ми је јасно зошто оно девојче изагје онако сербез...

ДАРА – Шта кје сак буде, мајко моја?... Шта кје буде с нас...

БОГДАН – (сржуе). Ти си крива, сунце ти твоје, ти ме превари.

ДАРА – А кад те ја тера да кјутиш?...

БОГДАН – Откриемо све карте и ето... (Си ја кубе косата). Ех, ти... луда главо ... како наседне... Поверова на једну блесаву жену... (Ја догледуе сликата од кралот на земи). Куде кјемо сак ову слику, бога му... Брже да се склони све то (ја, крева). Куде, куде?... (Се врти).

ДАРА – Дај у ватру, Богдане... у шпорет... (му покажуе).

БОГДАН – Добро велиш... још кје нат векју беду нанесе. (Ја кини сликата и ја фрла в оган. Двајцата стоат жалостиво и гледаат како гори. Пауза).

ДАРА – Јадан наш кралј...

БОГДАН – Оде моје начелниковање...

ДАРА – Оде наша трогодишна плата...

БОГДАН – (издишуе тешко.) Ах...“ [26]

ЗАВЕСА

Веќе во дидаскалијата Блаже Конески во својата едночинка „Гладна кокошка просо сонуе“ пишува дека при влегувањето на Милка во куќата, во собата, со неа влегува и свежина. Значи, влегува новата слободна Македонска држава. Еве уште еднаш ќе го прикажам тој дијалог со влегувањето на Милка.

„МИЛКА – (сама тропнуе и влегуе. Со неа влегуе свежина). Шта је ова врева и пукотници кај вас... дури оданде се слуша... Дај, реков, да надзрам малце... Честита ви Нова година на сите... Арна компанија сте се собрале“... [27]

И на крајот од оваа наша опсервација можеме да додадеме, како што впрочем вели и самиот Блаже Конески за својата едночинка „Гладна кокошка просо сонуе“, зошто понатаму не е поставена, па затоа што на премиерата се најде Радован Зоговиќ, кој оценил дека иако е добра едночинката, таа е опортуна, но во тој момент не би требало да се пишува на таа тема. И посоветувал да не се прикажува натаму.

[26] Блаже Конески, „Гладна кокошка просо сонуе“, „Мала остенова библиотека“, Скопје, 1945;

[27] Блаже Конески, „Гладна кокошка просо сонуе“, „Мала остенова библиотека“, Скопје, 1945;

Ана ВИТАНОВА-РИНГАЧЕВА

УДК 929Котев, И.
УДК 398(=163.3)(049.3)

Фолклорот како животен позив: (Кон петте децении собирачка дејност на современиот македонски фолклорист Иван Котев)

Развојот на македонската фолклористичката мисла подразбира достојно и доследно проучување на делото на собирачите на народно творештво оние кои ја плетеле арматурата врз која ќе се устрои цела една наука. Иван Котев, достојниот репрезент на фолклорот од струмичкиот крај (Глигоровски 2008:111) е собирач кој многу педантно го запишува и бележи фолклорниот метеријал. Иван Котев е роден во село Робово, Струмичко на 14.7.1939 година. По завршувањето на основното образование продолжува на Учителската школа „Гоце Делчев" во Штип. По завршувањето учителствува во повеќе села, претежно во Кочанско и Струмичко. Желбата да се надградува и да го дооформи своето образование, го води во Штип каде се запишува како редовен студент на Педагошката академија, на групата Македонски со српскохрватски јазик, а по завршувањето на студиите извесно време работи како наставник по предметот Македонски јазик. Во меѓувреме дипломира како вонреден студент на Филолошкиот факултет во Скопје на групата Историја на книжевностите на југословенските народи со македонски јазик. Како надворешен соработник на Институтот за фолклор „Марко Цепенков" од Скопје, интензивната собирачка и проучувачка дејност на фолклорот ја започнува во 1970 година. Тоа го работи и денеска. Има собрано повеќе илјади народни песни, приказни, анегдоти, кажувања, пословици, поговорки и др. Поголемиот дел од овие материјали се снимени на магнетофонски ленти, а добар дел се предадени на Институтот за фолклор во Скопје. Има објавено значајни книги од областа на образованието и фолклорот. Настапувал и настапува на бројни научни собири со свои соопштенија и реферати.

Најсуштинскиот дел од неговата биографија е оној кога се навраќа назад во времето, таму гласот на неговата мајка, која со многу љубов ги пеела македонските народни песни, не престанува да одзвонува и да буди посебни чувства:

Љубовта кон фолклорот ми ја вдахна мојата мајка Савета Котева[28] *која знаеше многу песни. Подигањето на многудетната фамилија бараше извонредни напори и денонокна работа. Секојдневните грижи и уморбата од работата ги ублажуваше со песна. Дури предеше на родајнот, пееше; дури ткаеше на разбојот, пееше; дури месеше леб и ја нагоруваше тешката подница – пак пееше. А ние, осум деца изродени година за година, слушавме и, понекогаш, пеевме со неа. Така растевме и не изгледаа мајка ми и татко ми Илија, сите осум деца. Станавме свои луѓе – пет браќа и три сестри.*

Уште како дете си запишував песни во една тетратка која, за жал, ми загина. Во неа имав запишано прекрасни песни. И љубовта кон народната песна, приказна, ората, игрите што ги игравме со другарчињата, растеше.

Мајката како стожер на домот и во овој случај ја покажува својата неверојатна сила да им го всади на децата она што никој друг не може, љубовта кон своето, единственото неотуѓиво. Големата мајка, нашата прародилка е онаа праисконска фигура која носејќи го домот со себе, ја носи и традицијата како кров, закрила од невремињата. Токму мајката пеела и кога готвела и кога ја хранела стоката и кога работела по полето. Чудесна е таа човекова потреба преку песна да се ослободи од бремето, да земе здив кога на починка седнува под крошната на дрвото засадено на меѓата. Таа всушност ќе го запали огнот што во душата на синот гори и до денес. Како млад учител започнува да ги крстосува селата во струмичкиот регион, барајќи информатори. Од перспектива на повеќе од половина век, Иван Котев вака ги засведочува своите искустава со информаторите:

[28]Савета Котева, моминско Митева, (1909 – 1982) е родена во село Робово, Струмичко.

Првите записи ги направив на 13.1.1970 година, ден пред Старата Нова година, Сурва. Прв информатор ми беше Тодор Митев Донев од село Босилово, Струмичко, човек на свои седумдесет години. Бидејќи бев наставник во селото, лесно воспоставувме контакт. Тој тогаш ми испеа три песни.

Среќавав различни информатори. Некои без напори и убедувања се согласуваа да пејат или раскажуваат, а некои тоа го правеа после подолги разговори и убедувања. Овде најмногу помагаа моите познаници од дотичното село. Најтешко беше информаторот да испее една песна, после одеше полесно. Откако ќе испееше, му ја пуштав да ја ислуша сниманата песна и тоа за пејачот беше поттик. Ќе кажеше дека знае уште една, па уште една... И така сум снимал и по дваесеттина песни во еден ден.

Вештината на собирање, бележење и дешифрирање на фолклористичкиот материјал е аспект што посебно сакаме да го потенцираме кога зборуваме за подвигот на Котев. Стручното бележење на информаторите подразбира име и презиме на кажувачот, место и година на раѓање, вероисповед, професија, запишувач, дата и место на запишување, број на лента. Воодушевува неговиот однос кон информаторот, однос кој значи почит кон знаењето и мудроста што ги поседува малиот, сиромав и неписмен човек, а со толку дарба и чувство за чување и пренесување на традицијата. Со тоа Котев покажува највисок степен на самосвест за значењето на народната традиција како единствен и најсилен аргумент за вековниот опстанок на колективот. Остануваме занемени пред лицето на народниот раскажувач, пред оној трошен, подгрбавен, измачен селанец кој во себе носи толку богат и раскошен дух. Пред оној селанец со неверојатна меморија, оној кој умеел да ја раскаже приказната, да ѝ даде душа, да ја видоизмени, филигрански да ја доработи нејзината нарација, за да му ја подари на слушателот и да го натера да му верува на кажаното. Нашиот народен мудрец можеби не бил свесен дека, длабејќи по телото на приказната, како највешт копаничар го создава најубавиот орнамент, денес бесценет украс во витрините на македонската народна традиција. Во потрага по сопствениот идентитет, недвосмислено се навраќаме на зборовите на духовно

преродениот и освестен Димитрија Миладинов кој во разговор со Коста, таткото на Марко Цепенков, ќе каже: *„Јас сум сторил ниет да типосам една книга со песни и други народни сторенија за да останит за спомен на нашето потекло...“.* Книгите што собирачите ги оставаат зад себе, не се само спомен, туку и најверодостојниот документ, потврда за нашето вековно постоење.

Преголем е влогот на Котев кога станува збор за македонската фолклористика, но немерлива е неговата вредност кога станува збор за Струмица и нематеријалното богатство што регионот го поседува. Петдеценискиот труд на нашиот фолклорист се валоризира во последните неколку години кога започнува интензивно да го објавува сето она што го собрал на терен, а се однесува и на народната поезија и на народната проза: народни песни (лирски и епски), народни приказни (волшебни народни приказни, приказни за животни, анегдоти, преданија, легенди), пословици, поговорки, гатанки, клетви и благослови. Мора да се забележи дека неговата архивата содржи и значителен број на фолклористички единици како: народни обичаи, кажувања во доменот на обредната практика на нашиот народ, верувања, материјали што се документирани и се чуваат во аудио и видео формат. Иван Котев е автор на девет исклучително значајни книги за фолклорот од Струмица и Струмичко, а претставуваат книги со немерлива вредност воопшто во македонската фолклористика. Станува збор за книги што содржат оригинален фолклористички материјал собран на територијата на градот Струмица и неговата околина: 1. „*Черешница род родила“ (Македонски народни песни, испеани од Савета Котева)*, Институт за фолклор „Марко Цепенков“, Скопје, 1984; 2. „*Енци Менци“ (Брзозборки, бројалки и залагалки за деца),* Детска Радост, Скопје, 2002; 3. „*Македонски народни приказни“,* избор и редакција Иван Котев, Детска Радост, Скопје, 2007; *4. „Мудроста на вековите“ (Македонски народни пословици и поговорки од Струмица и Стримичко),* Струмица, 2012; *5. „Опеана Струмица“ (Народни песни од Струмица и Струмичко),* Струмица, 2016; *6. „Играле моми по месечина“ (Еротска народна поезија и проза од Струмица и Струмичко),*Струмица,2018; *7. „Турунцула Каравлашки“*

(Македонски епски народни песни од Струмица и Струмичко), Струмица, 2018; 8. „*Девојчето со златно срце“ (Македонски народни волшебни приказни од Струмица и Струмичко)* НЦУК *Антон Панов,* Струмица, 2019; 9. *„Араптази“ (Волшебни народни приказни од Струмица и Струмичко)* НЦУК *Антон Панов,* Струмица, 2020 година и најновата, десета книга од областа на фолклористиката: *„Грозен бој се почна горе на Балкано“ (Македонски народни песни од Струмица и Струмичко за Балканските и Првата светска војна),* Струмица, 2021.

Во овој контекст значајно е да го напоменеме и неговиот голем придонес во научните сфери на фолклористиката, етнографијата и етнологијата преку објавени над 200 трудови изложувани на бројни научни собири, симпозиуми и конференции. Коавтор е на три филмувани приказни снимени според народни приказни што ги запишал на терен и ги дешифрирал: 1. *Дај, па се кај;* 2.*Маро, ќерко и* 3.*Џандаро Мемет.*

Љубовта кон фолклорот за првпат ќе ја почувствува во домот, во кој неговата мајка Савета Котева ќе му ги испее најубавите народни песни. Подоцна, во 1984 година снимените народни песни ќе ги дешифрира и ќе ги објави во книгата „*Черешница род родила“.* Кога станува збор за приказните, со нивно собирање и запишување ќе започне малку подоцна. Првата приказна што ја слушнал и научил, а ќе ја запише дури во 1975 е приказната „Араптази“, раскажана од неговиот татко Илија Котев Ѓоргиев. Временската рамка на запишување на приказните го опфаќа периодот од 1972 до 2020 година, а со бележење на песните започнува многу порано.

Иван Котев пет децении го собира и грижливо чува фолклорното богатство на струмичкиот регион. Неговиот потфат подразбира своевиден археолошки приод кон усното нематеријално културно наследство лоцирано, обележано и „ископано“ на теренот на Струмица и Струмичко. „Ископувањето“ на таквото богатство, значи неуморно премерување на теренот што се истражува, барање информатори кои со многу чувство и почит му пристапуваат на предизвикот и најпосле, пресоздавање на уснонавезената низа од зборови, во пишан документ, со вредност

на артефакт. Како плод на децениското трагање по бесценетостите, што нашиот народ толку љубоморно ги чувал и пренесувал на своите потомци, Иван Котев ги селектира, дешифрира и чува вредните артефакти што ги ископал од плодната струмичка почва. Од десетте објавени книги со вреден фолклористички материјал (песни, приказни, кратки книжевни жанри) посебно воодушевува најобемната книга која всушност претставува потесен избор (од огромниот број собрани, снимени и дешифрирани материјали) на волшебни народни приказни под наслов „*Арапмази*“. Книгата содржи и речник на помалку познати зборови, изрази и фрази кои се среќаваат во приказните, а се толкувани во нивното буквално или преносно значење.

Фолклорниот материјал застапен во книгата „*Арапмази*“ е собиран на многу места од струмичкиот регион и затоа неговата автентичност и оригиналност се највредниот знак за распознавање. Буквално, Котев ја има изодено струмичката околина од Беласица, до Огражден и Еленица, па и пошироко. Иван Котев е единствениот запишувач и истражувач на фолклорот во струмичкиот регон кој има собрано над сто волшебни народни приказни. Со огромно искуство во собирачката дејност, Котев со многу посветеност и саможртва трага по информатори, со многу вештина и трпение успева да го извлече сето она што тие го носат во себе. Надарениот фолклорист ги снима, запишува и дешифрира приказните раскажани на еден автохтон дијалект, како што е струмичкиот, кој има свои специфики и препознатливи карактеристики. Етнографскиот пристап подразбира паметен избор на соодветни информатори, градење доверба на релација информатор-запишувач, транскрибирање на усно пренесените фолклористички единици како и бележење генеалошки податоци. Ако етнографијата е како читање на туѓ манускрипт, изветвен, полн со празни места и недоследности (Гирц 2007:19), тогаш мисијата на фолколористот значи обид за дешифрирање на таквиот манускрипт, како и обид за пополнување на празнините и формирање на мозаикот, слика за профилот на нашиот предок.

Во приказните од книгата „*Арапмази*“ живее и пулсира духот на народниот творец, создавачот, кој со сето свое знаење и

мудрост, создал многу варијанти на приказни во кои се препознаваат универзални мотиви. Во сето она што досега го објавила македонската фолклористика, не постои книга којашто содржи оригинални народни приказни од струмичкиот регион. Во овој избор се сместени околу осумдесет волшебни народни приказни, изделени од огромниот број приказни коишто Котев ги собрал и запишал. Секоја приказна носи во себе специфична нарација, карактеристика која многу зборува за информаторот, за семејните, општествените, економските и културните прилики во времето во кое живеел. Во овие приказни, снимени (поголемиот дел од нив) во минатиот век, се зачувани особености на струмичкиот дијалект што веќе умираат или се непознати за новите говорители. Во дел од приказните, особено оние запишани во седумесеттите години на минатиот век, јазикот се чува скоро во конзервирана форма. Од лингвистички аспект, овие приказни се солидна основа за проучување на дијалектолошките особености на струмичкиот говор, промените, влијанијата како и меѓујазичните контакти што се случувале низ годините, а го видоизмениле локалниот говор. Јазичните белези на сказничната нарација откриваат архаични наслојки на еден локален говор кои во современ контекст не се среќаваат, бидејќи истите се пасивизирале. Единствено народната приказна останала да сведочи за нив. Токму заради овој факт, вредноста на приложениот материјал е немерлива и е од огромна важност за зачувување на културниот идентитет на една средина. Имајќи го предвид фактот, што струмичкиот регион е најмалку истражуван, а уште помалку има објавено оригинален фолклоритичко–етнографски материјали, изборот што го приложува Иван Котев претставува огромен влог за подобрување на наведената состојба.

Волшебните приказни во книгата *„Арептази“* чуваат во себе „фосилни остатоци“ (според терминологијата на Нина Анастасова – Шкрињариќ) од сите фази на еволуција низ кои поминало човештвото. Во нив се чува сè уште живата митска мисла (митските време и простор) и нејзината функција во релацијата митологија-религија. Во меѓуредовите на сказната се испишани кодовите на првобитното религиозно човеково искуство

(анимизам, тотемизам, шаманизам, табу и мана), а се исцртуваат и ликовите на божествата од уранскиот, соларниот и хтонскиот принцип. Да ги разбереме сказните треба да ја познаваме книжевноста, филозофијата за поглед на свет но и фолклорот, народната книжевност, етнологија (предмети, објекти од обичаите), антропологијата, психологијата, социологијата и слично. Доколку ја сфатиме логиката на сказната, тогаш ќе успееме во дешифрирањето на културните обрасци врз кои се темели нашата култура и воопшто човековата цивилизациска историја. Културата е систем на кодови исто како и јазикот. Доколку научиме да ги читаме пораките од митско-магиското сфаќање на светот, тогаш ќе сфатиме како и зошто одредени предмети, ликови и сижети се скамениле во сказната.

Самопожртвувано, со многу љубов и труд, Иван Котев докажа дека скоро и да нема место каде човек може да пушти рака, а да не ископа вреден фолклорен артефакт. Со тоа само ја потврди тезата дека нашите предци од овој крај имале богат духовен живот, имале свој свет, ограден со густиот плет на традицијата и во него живееле и му пркоселе на заборавот. Не можеле да бидат свесни дека знаењето што го носат во себе, во некоја блиска или подалечна иднина ќе прерасне во општочовечко културно благо. (Витанова-Рингачева 2020:30). Традицијата е живиот извор од кој се хранат јазикот, историјата, уметноста и воопшто културата. Таа е насекаде околу нас и само со неа борбата за зачувување на идентитетот има смисла. Делото на Иван Котев е најсилен аргумент во таа борба, бидејќи најгласно говори за тоа колку се длабоки корените на македонската народна традиција и дека сè уште го хранат со живот стаменото тело на македонската духовна опстојба.

Даниела АНДОНОВСКА-ТРАЈКОВСКА

УДК 821.163.2-1

Историско-уметнички запис за постоењето (за „Хераклеа Линкестис“ од Вања Ангелова, Друштво на писатели „Битолски книжевен круг“ – Битола, 2018)

Поетското остварување *Хераклеа Линкестис* на Вања Ангелова од Бугарија кое претставува една нестандардна интертекстуална поема со утврдена форма создадена на иновативен начин, но со нагласени лирски и епски моменти ја има добиено гран при наградата за поезија за 2018 година од Битолскиот книжевен круг, награда која редовно се доделува еднаш годишно за поетски остварувања кои даваат исклучителен придонес во поезијата и од тие причини е објавена во издаваштво на Битолскиот книжевен круг. *Хераклеа Линкестис* е лирско-епски запис за античкиот период кој се врзува за овие простори, а кој особено плени со својата препознатлива реторичка експресија во која доминантни се историските личности, но и митолошките ликови, суштества и претстави, ликови од Хомеровите *Илијада* и *Одисеја,* топоними кои се врзуваат за стари локалитети со позната историја како што се: Филип II Македонски, Клеопатра, Евридика, Персеј, Орфеј, Дионис, Зевс, Кербер, Хеба, Мегала, Орфала, Херакле, Аргеадите, Хера, Херкулес, Тукидид, Тетида, Хектор, Ахил, Елена, Хирон, Танатос, Хадес, Харон, Медуза, Посејдон, Геја, Микена, Тезеј, Пела, Дарданци, Аминта, Октавијан, Август, Јулие Цезар, Антониј, Тива, Пелагонија, Хераклеа Линкестис, Атлантида, Александар, Букефал, кентаур, минотаур и многу други (*И оваа ноќ ја сонував Атлантида,/ Тимеј и Критиј, Платон и Сократ,/ големите борци на Линкестида...Со штит и оклоп за дар од небото идам/ и со вистинска желба за воен пат./ Свештеничката фела на Адот е победена./ Се родив во пазувите на Атлас./ Веројатно затоа сум озарена/ од сонцето со крилјата на Пегаз... (Линкестида,* стр. 11).

Книгата се состои од три дела со наслови: *Линкестида, Одзвуци од Хераклеа и Звуци од Кифара и Кинор.* Првиот дел, *Линкестида,* се доживува како градациски вовед во приказните за античките јунаци во којшто се навестува начинот на кој настанала оваа епопеја за античките корени на Македонците. Таа е вдахната од скаменетото време кое живее во торзото на боговите, од прашливиот здив на закопаните ходници по кои некогаш чекореле Македонските кралеви, од смарагдните погледи на императорите. Лирскиот субјект го набљудува каменот и се поврзува со него до таа мера, што тој добива антропоморфни карактеристики и може да зборува и за себе и за другите низ вековите. И оттука, оживува историјата која најпрвин се одвива пред очите на лирското Јас, а потоа и пред очите на читателот кој активно учествува во создавањето на тоа значење (*Урнатини, пеплишта, старини.../ Јазикот и зборот се врежани во книга./ Судбината броди во овие ширини,/ каде пее полската чучулига... Од чисто злато, мермер и метал/ колона и колона се издига./ Мозаиците на царските дворци/ блескаат како бели олеандри... Од фина прашина е вајана земјата/... И каменот не сака да е молчелив/ и во стихови за себе говори. (Монолог на каменот,* стр. 7)). Вториот дел со наслов *Одзвуци од Хераклеа* содржи песни со митолошки суштества и ликови кои се поврзуваат со Хераклеа: танцот на вакханките, Еримантскиот вепар, Аргеади, Дионисии, Розалии, Мелпомена, Тартар, Кербер, Немејскиот лав, Критскиот бик и многу други... Третиот дел е најмногу посветен на периодот во кој владее Филип, а завршува со песната со наслов *Вергинската ѕвезда (Раката ми ларнакса галежи златни./ Коњите се подготвени да ездат./ Могилите на Аргеади славни/ ги огреа Вергинската ѕвезда* (*Вергинската ѕвезда*, стр. 80).

Овој интертекстуален, историско-уметнички, лирско-епски и лексички богат текст изобилува со стари лексеми кои денес не се употребуваат (*сариса, кадани, бахарат, анами, махаири, пелти, скелме, смутои, смелак, миро, елеј, дионисии...),* што укажува на сериозниот стручен и научен лингвистички пристап на поетесата при создавањето. За тоа заслуга има и Петре Димовски кој направил извонреден препев во кој се зачувани семантиката, но и

ритмиката и музиката на стиховите. Тоа е од особена важност, затоа што стиховите во *Хераклеа Линкестис* се стегнати, римувани и со правилен ритам. За нивната музика придонесуваат и фоно-морфолошките стилски изразни средства како што се асонанцата и алитерацијата, но и асиндетот и полисиндетот. Оттука, препејувачот имал извонредно тешка работа, така што може да се рече дека тој делумно е и коавтор, затоа што морал да даде свои оригинални решенија за стиховите за тие да ја зачуваат својата семантичка вредност од една страна, но од друга страна и да звучат како во оригиналот или со други зборови – да личат на Вања Ангелова.

Истражувачкиот и темелниот пристап како подготовка за почнување на наративната постапка е повеќе од очигледен, затоа што книгата изобилува со историски прикази на животот на човекот во времето на познатите македонски кралеви кои само ја продолжуваат приказната за важноста на освојувачките походи во себереализацијата, но и откривањето на потеклото на големото семејно стебло кое се протега многу векови наназад, затоа што неговиот корен има доволно сила за да ги храни сите свои чеда. Токму поради тоа, но и поради мајсторски изведената визуелно-аудитивна престава за херојските подвизи на митолошките јунаци, за хероите на старото античко време на чии херојства и денес се восхитуваме и кои станале симболи за егзистирањето на одреден стадиум на човековата душа, а особено заради синестетичката дескрипција на миговите кои се одликуваат со изразит лиризам, чувствуваме како пред нас да се одвиваат сцените исполнети со нежниот глас на флејтата, предизвикувачкиот танц на вакханките, бакнежите запечатени од мирисот и бојата на виното, развеаните долги коси кои бесрамно паѓаат врз голото тело на менадите (*Под звуците на флејти и тапани/ галопирање на бакхантите во крвта./ И се поклонуваат сите излудени.// Менада е безумна во ек расцветен/ на својот тирс се врти лудо./ Косите и се и срма и сатен./ Магијата е повеќе од чудо.// Ноќта уште на целер мириса,/ на фикус и на расцутени фиданки./ Земјата во порив свет и вечен се круниса,/ танцува со жестоките вакханки (Танцот на вакханката,* стр. 26)). Ангелова изградила книжевен свет на

фикцијата во која ликовите кои се носители на главните дејства се пластично претставени со нивните највпечатливи карактеристики по кои станале симболи. Овде се зборува во множина затоа што раскажувачката постапка опфаќа повеќе приказни кои се испреплетени едни со други, но кои во исто време претставуваат независна и компактна контекстуална целост во која коегзистираат плејада од ликови од кои некои живеат во исто време, но има и такви на кои поетесата се повикува или ги споменува, но се дел од друга хронолошка рамка. Токму поради ваквите експериментални поставки на актантите песните се доживуваат и како намерно хронотопско искривување и интерхронолошко градење на световите за кои може да се рече дека коегзистираат природно во нова фикциска средина која својот извор го има во хронолошката поставеност на настаните. Со ова како да се сака да се постигне ахронологија на хронолошкото, односно како да се сака да се каже дека секоја временска точка е севремена затоа што сѐ што се случило некогаш, пред тоа веќе било случено и сѐ што се случило, пак ќе се случи, затоа што животот на човекот се состои токму од тоа: броење на миговите и нивно врамување за да не заборавиме кои сме за да знаеме кон што одиме и што ќе бидеме кога ќе се разбудиме во некое друго време, затоа што ништо не почнува со нас, но ако не сме ние, нема да продолжи.

Преку овие ликови, Вања Ангелова ја раскажува човечката приказна за љубовта кон мажот или жената, за лукавоста, измамата, страста, војната, омразата, љубовта кон народот и грутката земја, раѓањето, умирањето, одмаздата, пеењето, поезијата, хедонистичкиот поглед на свет,... а сето ова, како што веќе рековме била, е, но и ќе биде основна одлика на човековиот род независно од времето во кое живее. Имајќи го предвид сето ова, ние како читатели, почнуваме да ги чувствуваме како свои блиски и Филип и Александар и Ахил и Херакле и Клеопатра,... затоа што нивните радости, болки, страдања, љубови стануваат и наши, а тие се запишани во нашата ДНК, а сега тој запис е овде – меѓу страниците на *Хераклеа Линкестис.*

Ангелова има и три песни кои ги посветува на нашите познати писатели и универзитетски професори од интернационален ранг:

Јордан Плевнеш, Васил Тоциновски и Христо Петрески и на тој начин искажува почит и благодарност за нивното дело, но и ја истакнува поврзаноста со нив на едно повисоко и поетско рамниште. Од нив, Плевнеш и Тоциновски, но и Димитар Пандев имаат напишано позитивни рецензии за *Хераклеа Линкестис* кои се интегрален дел од оваа книга, а сето тоа зборува за естетската и националната вредност на ова книжевно дело, кое е само еден дел од големата епопеја на македонската античка историја која Ангелова ја раскажува на лирски начин и со многу музика во стиховите.

Песната има моќ да создава светови, но и да се бори против непријателите и секогаш е на страната на доброто таму каде се спротивставуваат сили со различен поларитет. Во тој стил и ќе завршам: *Свири, Орфеј, на лирата чудна,/ и Кербер, ако можеш, забави!/ Ноќта избелува со сеништа бавно./ Душата се стреми кон висови! (Кербер,* стр. 53).

КНИЖЕВЕН МОЗАИК

Франциско БРИНЕС, ШПАНИЈА (Francisco BRINES, SPAIN)

УДК 821.134.2-1

Песна на бессоните

Сѐ уште е ноќ, а петелот кукурига.
И така - ноќ за ноќ.
Секоја ноќ го чекам неговото кукуригање.
Убиствен е тој крик.
Кисела е светлината, а петелот ја крши ноќта.
Ги напипувам нештата во темницата и го слушам петелот.
„Ти изгуби уште една ноќ“, ми вели петелот.
„Сѐ додека ги снема и петелот и ноќта.“

***
ЕСЕНТА НА РОЗИТЕ

Ти веќе живееш во едно изминато годишно време:
Го нарекуваш есен на розите.
Вдиши го и распламти го. И слушај
како небото го гасне до тишината на зборот.

Добитник на наградата Premio Cervantes (ноември), Шпанската Нобелова награда за литература

Превод од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска
Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska-Trajkovska
ITHACA 660

Песната е дел од серијата песни „Песна на седмицата“ иницирана од Жермен Дрогенброт и списанието Point Editions во соработка со списанија и соработници кои преведуваат на над 30 јазици. Поезијата е во избор на Жермен Дрогенброт.

Иван ХРИСТОВ, БУГАРИЈА (Ivan HRISTOV, BULGARIA)

УДК 821.163.2-1

Б’ДИН* XVI

На проф. Симеон Јанев

Денес,
18 март,
беше сончев
пролетен
ден.
Денес
никој
не уби
никого,
никој не навреди
никого.
Влегов
во црквата
за да се помолам
и ги слушнав
гласовите
на сите
мртви.
Дожд
падна
од очите
на Бог.

Превод од англиски на македонски: Даниела Андоновска-Трајковска/ Translation from English into Macedonian: Daniela Andonovska-Trajkovska ITHACA 661. *Песната е дел од серијата песни „Песна на седмицата“ иницирана од Жермен Дрогенброт и списанието Point Editions во соработка со списанија и соработници кои преведуваат на над 30 јазици. Поезијата е во избор на Жермен Дрогенброт.*

* Б’дин е средновековно име на Видин, град во Бугарија

Мигел АЛЕКСАНДРО ВАЛЕРИО, ДОМИНИКАНСКА РЕПУБЛИКА (Miguel ALEJANDRO VALERIO, REPUBLICA DOMINICANA)

УДК 821.134.2(729.3)-1

Во сеќавање

На Кевин, 1983-2012

Et copiosa apud eum redemption
Psalm 130

Утрово Смртта
дојде по тебе.
Кој ли ја испрати?
Ти ли, семилостивиот Бог?

Не постои клише ниту стих
кои можат да утешат
кога Смртта
ќе зачука на погрешна врата
во три часот наутро.

Превод од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска
Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska-Trajkovska

ITHACA 662

Песната е дел од серијата песни „Песна на седмицата“ иницирана од Жермен Дрогенброт и списанието Point Editions во соработка со списанија и соработници кои преведуваат на над 30 јазици. Поезијата е во избор на Жермен Дрогенброт.

Роуз АУСЛЕНДЕР, АВСТРИЈА - УНГАРИЈА (Rose AUSLÄNDER, AUSTRIA – HUNGARY)

УДК 821.112.2(436)-1 821.511.141-1

Тишина

Кога живееш во
свет од звуци
кој е тој ден кој замолчува
тркалата застануваат
авионите не брчат повеќе
таа одеднаш застанува пред тебе
ангел од кристал
но не е нема
бидејќи тишината
има глас.

(Черновиц/ Буковина 1091 – Дизелдорф 1998)

Превод од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска
Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska-Trajkovska

ITHACA 663

Песната е дел од серијата песни „Песна на седмицата“ иницирана од Жермен Дрогенброт и списанието Point Editions во соработка со списанија и соработници кои преведуваат на над 30 јазици. Поезијата е во избор на Жермен Дрогенброт.

Жермен ДРОГЕНБРОТ, БЕЛГИЈА – ШПАНИЈА (Germain DROOGENBRODT, BELGIUM – SPAIN)

УДК 82(493)-1 821.134.2-1

Преминување

Зимата си го носи своето студенило,
ги удира со град и северен ветер
голите гранки
на замрзнатиот декември.

Блед и избелен,
ја обесува месечината на куполата на ноќта,
огледало на времето, уморно око,
меѓу занемареното сребро
на ѕвездите:

Промена за преминувањето
од година во година.

Превод од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска
Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska-Trajkovska

ITHACA 664

Песната е дел од серијата песни „Песна на седмицата“ иницирана од Жермен Дрогенброт и списанието Point Editions во соработка со списанија и соработници кои преведуваат на над 30 јазици. Поезијата е во избор на Жермен Дрогенброт.

Фредерик МЕЈРЕКЕР, АВСТРИЈА (Friederike MAYRÖCKER, AUSTRIA)

УДК 821.112.2(436)-1

Што ти треба?

Што ти треба? Една куќа едно дрво
за да измериш колку ти е голем или мал животот како
човечко суштество
колку голем колку мал кога гледаш нагоре во
крошната
и се губиш во зелената бујна убавина
колку голем колку мал колку краток мислиш
дека ти е животот ако го споредиш со животот на
дрвјата?

Ти треба дрво ти треба куќа
но не цела за тебе сам туку едно ќоше еден покрив
за да седнеш за да размислуваш за да спиеш за да
сонуваш
за да пишуваш за да молчиш за да си го видиш
пријателот
ѕвездите тревата цветот Рајот.

Превод од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска
Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska-Trajkovska

ITHACA 665

Песната е дел од серијата песни „Песна на седмицата“ иницирана од Жермен Дрогенброт и списанието Point Editions во соработка со списанија и соработници кои преведуваат на над 30 јазици. Поезијата е во избор на Жермен Дрогенброт.

Ливиу ГАФТЕА, РОМАНИЈА (Liviu GAFTEA, ROMANIA)

УДК 821.135.1-1

На покривот на светот...

На покривот на светот,
поетот слуша.
Некои мислат дека е ангел
кој го гледа дождот на душите,
пријател на боговите
на кои им позајмува зборови
за да ја намали моќта на времето.
Други, пак, помалку религиозни
го нарекуваат будала на покривот
кој се обидува да ја бакне месечината.

Од „Предградија на Небесата“/ “The Suburbs of Heaven”

Превод од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска
Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska-Trajkovska

ITHACA 665

Песната е дел од серијата песни „Песна на седмицата“ иницирана од Жермен Дрогенброт и списанието Point Editions во соработка со списанија и соработници кои преведуваат на над 30 јазици. Поезијата е во избор на Жермен Дрогенброт.

Рајнер КУНЦ, ГЕРМАНИЈА (Reiner KUNZE, GERMANY)

УДК 821.112.2-1

Корекција

*Ракописот од твојата книга е... во печатницата, а исправките ќе бидат коригирани наскоро – речиси реков „подигнати“ — * (Ewald Osers, 1973)*

1

Уморен сум од подигнување знамиња, пријателе.
Само на ова знаме сакам
да положам заклетва.

2

На знаме со љубовна песна.

***

МАРШ

Прво, тие добиваат упориште,
а потоа глави.
(Ако прагот прави проблем,
тие го менуваат редоследот.)

From "Auf eigene Hoffnung", Fischer Verlag 1981)
Превод од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска
Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska-Trajkovska

ITHACA 667

Песната е дел од серијата песни „Песна на седмицата“ иницирана од Жермен Дрогенброт и списанието Point Editions во соработка со списанија и соработници кои преведуваат на над 30 јазици. Поезијата е во избор на Жермен Дрогенброт.

** На германски зборот „Fahne“ значи и корекција при печатење и знаме*

Дуан ГУАНГ, КИНА (Duan GUANG, CHINA)

УДК 821.581-1

Јаловото поле

Јаловото поле
е поплавено од огнот.
Расадот е како ретки влакненца,
испуканите усни на земјата
молчат.
Само дрвјата во далечината
тресат неколку зелени белешки.

Превод од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска
Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska-Trajkovska

ITHACA 668

Песната е дел од серијата песни „Песна на седмицата“ иницирана од Жермен Дрогенброт и списанието Point Editions во соработка со списанија и соработници кои преведуваат на над 30 јазици. Поезијата е во избор на Жермен Дрогенброт.

Џорџе ПАУН, РОМАНИЈА (Gheorge PĂUN, ROMANIA)

УДК 821.135.1-1

Часовничар на виножита

Заповедано ми е, уште од дамнина.
од ѕвездените знаци кои не се враќаат назад,
да работам до изнемоштување, со изгорени трепки,
за да ги поправам крилјата на пеперутката.

Побожно си го носам својот товар
како монах кој со наведнат грб
ги обликува запрашените крилја –
Часовничар на виножита.

From ”*De trecere și petrecere*” Editura Tiparg, Pitești 2013

Превод од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска
Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska-Trajkovska

ITHACA 669

Песната е дел од серијата песни „Песна на седмицата“ иницирана од Жермен Дрогенброт и списанието Point Editions во соработка со списанија и соработници кои преведуваат на над 30 јазици. Поезијата е во избор на Жермен Дрогенброт.

Марија ОКСИЛАДОРА АЛВАРЕЗ, ВЕНЕЦУЕЛА (María AUXILIADORA ÁLVAREZ, VENEZUELA)

УДК 821.134.2(87)-1

Звукот на постоењето

на Дијана

Изговори го твоето име нежно над моето
и повторувај го
секоја ноќ
пред секоја песна
на сонот
нека моето име избледи
под твоето
а твојот глас
нека биде единствениот
звук на постоењето.

de "*Poesía soy yo*"
Selección de Raquel Lanseros y Ana Merino
Colección Visor de Poesía, Visor Libros

Превод на англиски: Жермен Дрогенброт – Стенли Баркан
Translation Germain Droogenbroodt – Stanley Barkan

Превод од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска
Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska-Trajkovska

ITHACA 670

Песната е дел од серијата песни „Песна на седмицата" иницирана од Жермен Дрогенброт и списанието Point Editions во соработка со списанија и соработници кои преведуваат на над 30 јазици. Поезијата е во избор на Жермен Дрогенброт.

Лука БЕНАСИ, ИТАЛИЈА (Luca BENASSI, ITALIA)

УДК 821.131.1-1

Опсада

Каква ли е оваа опсада,
ова мрачно опколување на вооружени мажи
под ѕидовите на Троја?
Таа раскажува за бродовите во пламен
и за црното небо
како реката во крв
по битка.
Но војната започнува сега
со црните глави
на мажите—твоите мажи
кои со мечеви посочуваат на твојата куќа,
и со тебе, жено,
која го броиш звукот,
звукот на каменот
што ги остри сечилата.

Превод на англиски – Лука Бенаси – Стенли Баркан
de "I fasti del grigio", Edizioni Lepisma
Translation Luca Benassi – Stanley Barkan

Превод од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска
Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska-Trajkovska

ITHACA 671

Песната е дел од серијата песни „Песна на седмицата" иницирана од Жермен Дрогенброт и списанието Point Editions во соработка со списанија и соработници кои преведуваат на над 30 јазици. Поезијата е во избор на Жермен Дрогенброт.

ЖЕРМЕН ДРОГЕНБРОТ, БЕЛГИЈА - ШПАНИЈА, (Germain DROOGENBROODT, BELGIUM - SPAIN)

УДК 821.134.2-1 82(493)-1

Светлината

Се разденува…
сонцето изгрева
од никаде,
пламнува,
тоа што се чини дека
доаѓа само од далеку
сепак е блиску
и со нас —
светлината.

***

ВРЕМЕ

Дали времето е нешто друго
освен рефлексија
нешто што постои
— или не постои —
облак од чад
што доаѓа од празнината
и пак се враќа во неа?

Translation into English: Germain Droogenbroodt – Stanley Barkan

Превод од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска
Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska-Trajkovska

ITHACA 672

Песната е дел од серијата песни „Песна на седмицата“ иницирана од Жермен Дрогенброт и списанието Point Editions во соработка со списанија и соработници кои преведуваат на над 30 јазици. Поезијата е во избор на Жермен Дрогенброт.

Паула РОМАНЕСКУ, РОМАНИЈА (Paula ROMANESCU, ROMANIA)

УДК 821.135.1-1

А што ако љубовта е во право? . . .

Љубов, љубов, љубов! И само љубов!
Секој ја бара уште со првиот здив.
Но љубовта доаѓа кога не ја очекуваме повеќе
а потоа заминува без никакво предупредување.
Дали е во ред некој да си игра криенка
со нашата душа? Да ни ги отвори небата
кога земјата е премала за нашите очи
а потоа да ни ги земе срцата како да се рај?
Или
Ќе биде ли погрешно
да нѐ учи дека смртта
е последното годишно време...
А што ако љубовта е во право?

From: "Et si l'amour avait raison?", editions Tipo Moldova, Iasi, 2016.
Translation Germain Droogenbroodt – Stanley Barkan
Превод од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска
Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska-Trajkovska

ITHACA 673

Песната е дел од серијата песни „Песна на седмицата“ иницирана од Жермен Дрогенброт и списанието Point Editions во соработка со списанија и соработници кои преведуваат на над 30 јазици. Поезијата е во избор на Жермен Дрогенброт.

Георги КОНСТАНТИНОВ, БУГАРИЈА (Georgi KONSTANTINOV, BULGARIA)

УДК 821.163.2-1

Крилато заложништво

Слободата одлетува
На крилјата на есента -
Над хоризонтот,
Далеку од тука, на југ...
Планинскиот венец
Продолжува да тежи во моите очи.
Снежниот облак
Се лизга надолу како димна завеса...
Не се плашам од студената осаменост.
Не ѝ завидувам на бесконечноста
на летот на птицата.
Дури и птицата не е слободна -
Јатото е нејзино заложништво.

Translated by Lujdmila Kolechkova
Превод од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска
Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska-Trajkovska

ITHACA 674

Песната е дел од серијата песни „Песна на седмицата“ иницирана од Жермен Дрогенброт и списанието Point Editions во соработка со списанија и соработници кои преведуваат на над 30 јазици. Поезијата е во избор на Жермен Дрогенброт.

Жермен ДРОГЕНБРОТ, БЕЛГИЈА - ШПАНИЈА) (Germain DROOGENBRODT, BELGIUM - SPAIN)

УДК 821.134.2-1 82(493)-1

Пишување поезија

Да се направи чујно
тоа што е нечујно
да се воскреснат изгубените зборови
од занданата на времето
и да се навлезе
најдлабоко во сè што постои.

од: “The Unrest of the Word”

Превод од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска
Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska-Trajkovska

ITHACA 675

Песната е дел од серијата песни „Песна на седмицата“ иницирана од Жермен Дрогенброт и списанието Point Editions во соработка со списанија и соработници кои преведуваат на над 30 јазици. Поезијата е во избор на Жермен Дрогенброт.

Арменухи СИСИЈАН, ЕРМЕНИЈА (Armenuhi SISYAN, ARMENIA)

УДК 821.19-1

Топлина

Сеќавањето се ежи меѓу моите прсти
моите очи не сакајќи зјапаат
во птиците кои мигрираат на потопли места
во очај,
победа на ветрот, а не на срцето
е тоа што моите образи нема да се заруменат
од топлината на сеќавањето.
Моите зборови ги следат птиците:
тие почиваат таму каде што е поезијата.

Translation Armenuhi Sisyan – Stanley Barkan

Превод од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска
Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska-Trajkovska

ITHACA 676

Песната е дел од серијата песни „Песна на седмицата“ иницирана од Жермен Дрогенброт и списанието Point Editions во соработка со списанија и соработници кои преведуваат на над 30 јазици. Поезијата е во избор на Жермен Дрогенброт.

Ида ВИТАЛЕ, УРУГВАЈ (Ida VITALE, URUGUAY)

УДК 821.134.2(899)-1

Остаток

Сѐ што доживуваме е редуцирано
до сив остаток во нашето сеќавање
без разлика колку долго живееме.

Од старите патувања ни остануваат
таинствените монети
со лажни вредности.

Од нашите сеќавања се издигнуваат само
еден нејасен прав и парфем.
Поезија ли е?

од: „*Редукција на бесконечноста”,* Editorial Tusquets, *2002.*

Превод од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска
Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska-Trajkovska

ITHACA 677

Песната е дел од серијата песни „Песна на седмицата“ иницирана од Жермен Дрогенброт и списанието Point Editions во соработка со списанија и соработници кои преведуваат на над 30 јазици. Поезијата е во избор на Жермен Дрогенброт.

Адам ЗАГАЈЕВСКИ, ПОЛСКА (Adam ZAGAJEWSKI, POLAND)

УДК 821.162.1-1

Сè уште не е време да живеам во песна

Сè уште не е време да живеам во песна,
морам да останам во овој свет, во овој град.
Во поезијата само покојните
можат да се чувствуваат како дома;
тие доаѓаат овде како сиромашни виолинисти,
прстите им се сини од мраз
и спијат долго на кревети од стихови.

Превод на англиски: Мирослав Груџењ – Малгожата Журецка
English translation Mirosław Grudzień — Małgorzata Żurecka

Превод од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска
Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska-Trajkovska

ITHACA 678

Песната е дел од серијата песни „Песна на седмицата“ иницирана од Жермен Дрогенброт и списанието Point Editions во соработка со списанија и соработници кои преведуваат на над 30 јазици. Поезијата е во избор на Жермен Дрогенброт.

БАШО. ИСА. БУСОН. КИОРОКУ. МОРИТАКЕ

УДК 82-193

Хаику

Мирис на сливов цвет
одеднаш сонцето се јавува
црта планинска патека
Башо

***
Сува секира свири
среде изданокот
удар на клукајдрвец
Иса

***
Само на Фуџи
нема да ги најдат
зелените тревки
Бусон

***

Во оризовите полиња
веќе пловат исушени
црешовите цветови
Киороку

***

Едно цветно ливче
се враќа на својата гранка -
виолетова пеперутка
Моритаке

Превод од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска
Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska-Trajkovska

ITHACA 679

Песната е дел од серијата песни „Песна на седмицата“ иницирана од Жермен Дрогенброт и списанието Point Editions во соработка со списанија и соработници кои преведуваат на над 30 јазици. Поезијата е во избор на Жермен Дрогенброт.

Франциско ДЕ АЗИС ФЕРНАНДЕЗ, НИКАРАГВА (Francisco DE ASÍS FERNÁNDEZ, NICARAGUA)

УДК 821.134.2(728.5)-1

Мојата среќна средба

Имав среќна средба со лебедите
кои го обележаа целиот мој живот,
чудесен миг помеѓу езерото и шумата.
Тие ја измислија неподвижноста.
Лебедите знаат да гледаат во душата
зашто не знаат да се лутат,
духовни битија се.
Ѝ зборував на водата близу лебедите.
Зборувајќи им почувствував дека сум ја допрел вечноста,
дека сум живеел со векови во екстаза на боженственост
таму каде љубовта и јас сме еден за друг.

Превод на англиски: Жермен Дрогенброт
Translation into English: Germain Droogenbroodt
Превод од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска
Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska-Trajkovska

ITHACA 680

Песната е дел од серијата песни „Песна на седмицата“ иницирана од Жермен Дрогенброт и списанието Point Editions во соработка со списанија и соработници кои преведуваат на над 30 јазици. Поезијата е во избор на Жермен Дрогенброт.

Михо НОНАКА, ЈАПОНИЈА – САД (Miho NONAKA, JAPAN – USA)

УДК 821.521-1 821.111(73)-1

Есенска белешка

Како дрвјата што не знаев дека беа таму
да станаа блескави за да му привлечат внимание

на моето невнимание за време на мојата утринска прошетка.
На другиот крај од улицата,

растурената куќа на мојот колега
се чини дека е завршена по реновирањето со својата анемична
Викторијанска нота.

Блажени се кротките, моите усни сакаат да оформуваат
нечујни зборови за време на нашите бизнис состаноци,

бидејќи тие ќе ја наследат земјата. Но што е со жестоките?
Пред да паднат,

лисјата се кренати раце во пламен овде
како и секаде – кога бев девојче, мајка ми ми дозволуваше

да ги допирам ножиците само за време на нашите часови по оригами.
За да направиме златна рипка од капа на самурај

ќе ја сплескавме по страните, ќе исечевме два триаголника еден до друг и ќе ги превиткавме наназад како пар перки.

Тие ќе го совладуваа воздухот,
испружувајќи го телото нанапред, сè подлабоко во непознатите води, фрлајќи

светкави лузни. Блажени се вештите прсти
кои го сечат копнежот

во поостри форми некаде под небото. Блажени се тие
кои остануваат во светлината и покрај нивната сиромаштија,

горејќи сè до последното нивно движење,
лисјата се вртат над земјата како чисти пламени.

ВИЛИНСКО КОЊЧЕ

Мајка ми го нарекуваше миризливо вилинско коњче;
а ние никогаш не го научивме неговото вистинско име.
Беше толку тенко, толку дискретно што
кога ќе се појавеше тоа го доживувавме како посета, а не како
вознемирување, повеќе како поезија отколку како проза. Не ќе
останеше долго – нивното вечно почивалиште го создавав со не
толку убави оригами со боја на зајдисонце. Тие денови, мајка беше
дома, а нејзиното присуство надвладуваше сè. Таа ќе ни ветеше
дека вилинското коњче ќе се врати, можеби ќе си ги донесе
пријателите, можеби ќе остане подолго со нас следниот пат.
Коленичев пред водените цветови кога забележав еден пар како
плива над мојата глава: секое телце – жива цртичка во воздухот.
Којзнае што е чудо?
Мирис, без намера да привлече некого,
сè уште се враќа во жештината на пладнето,
како сина жица што ја држат треперливи крилца,
тенок процеп кон друго небо.

Превод од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска
Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska-Trajkovska

Алваро МАТА ГИЖЕ, КОСТА РИКА (Alvaro MATA GUILLÉ, COSTA RICA)

УДК 821.134.2(728.6)-1

без наслов

Кога бев мал
размислував за маглата за тоа како е да се претопиш во неа, си дозволував да ѝ се препуштам на летаргијата
која правот го имаше прифатено за свој,
тоа беше време без време:

се прашував што е тоа туѓинец, носталгија,
што значи моето повторно појавување во далечината, на ридот што би ги сотрел пештерите на вештерката, во рацете на дрвјата кои покажуваа на височините, стопени со маглината,
во празнината
;

имаше неколку улици
преполни со сонце и мрморење на духови,
гласови на сенки кои излегуваа од куќите,
претходно многупати спојувани со самракот, бев збунет во тишината,
која ја доживував додека си го барав (меѓу куп нешта, во прашината, дождот, ветерот)
лицето,
мојот глас
мојата сенка
;

роден сум на место без име,
во земјата на отсутните, Хорхе Артуро би рекол,
pueblón, Еунис Одио би рекол,
на место кое не е место, јас би рекол.

Ноќе замислував далечни места,
патеки,
улици,
звуци кои остануваа покрај патот за време на ноќта,
бегаа среде шумите,
се појавуваа во далечините,
се губеа
;

истата носталгија се јави кога размислував за сјајот
што трепкаше на планините,
во куќите близу маглината што ги прикриваше браздите
меѓу дрвјата,
за прогонот,
за далечината
;

претопувајќи се со росата
барав нешто од нешто
бев и таму и тука,
сè беше сè:

туѓината, сонот,
миговите претворени во несигурност,
молчењето кое замина во минатото во потрага по одговори,
но одговорите не се одговори,
опал е тоа кој без сјај се губи во амбисот,
паѓајќи како дождот на ридовите,
чекајќи го доаѓањето на покојните
наслушувајќи што зборуваат тие во нас
додека чекаме маглата да дојде.

Пред да изгрее сонцето
додека сè уште имаше по некоја sвезда на небото, со ветерот во мирување и дождот како извор,

продолжив да скитам низ *barrios* во мојата населба:
пустината ќе се појавеше пак,
некои од заспаните ридови,
неразбирливото пеење што едвај можев да го чујам
обредите чекорат кон празнината
;

тоа што не можев да го видам беше овде,
дојде и замина како нешто друго:

сенката, маглата,
отсутното,
враќањето на минатото во далечината
сè во сè,
сенката, маглата,
отсутното
.

Молкот се стопуваше со индиферентноста
без да се случат, нештата се случуваа:

една птица,
еден облак,
сонцето повторно меѓу улиците што стареја,
едно куче што ги влече своите синџири,
еден вик, една птица,
еден облак
,

ќе ја избркаа првата светлина,
ќе бараа духови,
нешто чудно и невообичаено,
потеклото на потеклото на правот,
но таму немаше ништо
Превод: Даниела Андоновска-Трајковска/ Translation from English into Macedonian: Daniela Andonovska-Trajkovska

Раед АНИС АЛ-ЈИШИ, САУДИСКА АРАБИЈА (Raed ANIS AL-JISHI, SAUDI ARABIA)

УДК 821.411.21(532)-1

Апсолутна власт

Зошто ти е апсолутна власт
која ќе те надгледува колку пати си ја измил својата уретра или анус со вода,
и која ќе се обидува да ја утврди влажноста на твоите усни,
за неа ти си само индивидуален елемент
на колективното однесување
Таа беспотребно ги троши големите извори од твоите очи
и го закопува морето од пулсирачки авицении.

За тоа што е Вишок ти зборувам.
Да имаш отповеќе е како да ја имаш смртта.
Вишокот е сонот на кој не му треба јакна од сон.

Тоа е како скокачка четвртина нота во мелодијата кога пееш,
како боите кои истекуваат од сликата
станувајки флека од воодушевеност.

Работниците се принудени да кратат
писма за непознат примач
од осигурувањето на нивната пот.
Па што ако донираат половина солза доброволно?
Збирот од солзи половинки може да ги реновира малечките куќи
раширени како мрзливи листови од банана.
Само во тоа што е отповеќе веруваме.
Нека некои од вас го наречат украдена револуција на „Животинска фарма“[29] како ритмички наратив.

[29] Сатиричен роман на Џорџ Орвел (забел. на превед)

Нека некои од вас го наречат трага
од ноќен ранец и трошки од разговор.
А всушност треба да го наречете ----------
---------- ----------
-----[30] од тоа што го крие акцентот на тишината
во тепкањето[31] на знаењето.
Не можеш да ја спознаеш неговата сушност
освен ако не создадеш движење во вакуум простор.

ЦЕЛ

Имам постојана цел
И копнеж за една река
која ги познава многу добро плетенките на својата делта
Таа ништо не знае за Адам
И не знае ништо од библијата за својата влажност
освен стихот за седмиот лебед

Го најде својот Бог во него
И сфати дека тоа е елементот што го посакува

Стихот е водеста умешност
Слаткоста е во елегантното суштество
направено од сол
кое побожно танцува меѓу брановите

Бог не ми рече
да ја ставам мојата рака околу нејзината половина
Но тој sиркаше

[30] Ова место е цензурирано од апсолутната власт

[31] Тепкање е говорен недостаток кога при изговорот наместо едни се изговараат други гласови поради неможност да се изговорат точните гласови или при „бебешко“ говорење кога возрасниот му се обраќа на детето имитирајќи го неговиот говор (забел. на превед).

од дупките на Месечината
Мислам дека и нему му се допадна како и мене
Бидејќи беше прогонуван
од менингитисот на бакнежите

Бакнежот е бразда на усните.
Пролетта го вдишува од неа
своето Арапско постоење

А крварењето е млада дама која
зборува течно француски
подобро отколку кој било франкофон
или европеец задавен со цревата на свештеникот

На чистата јака
неговиот арабизам сè уште не се исушил

Превод на македонски: Даниела Андоновска-Трајковска
Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska-Trajkovska

Алиција Марија КУБЕРСКА, ПОЛСКА (Alicja Maria KUBERSKA, POLAND)

УДК 821.162.1-1

Разделба

Ти помогнав
да ги спакуваш твоите работи во куфер,
Нештата безгрижно расфрлени,
Заплеткани во твоите доаѓања и заминувања.
Очекуваните денови поминаа.
Завчера
се престори во денес,
Со датумот на пресудата
впечатен на билетот.

Постепено, трагите од твојот престој
почнаа да исчезнуваат,
Избледи мирисот од твојот парфем.
Падна последниот лист од календарот.

На ум ни е есенскиот сонцестој
и прифаќањето на неизбежната разделба.
Празнина како зимата го прогонува студот.

ЗАГУБЕН КЛУЧ

Велиш дека ме сакаш,
Но во овие зборови
Нема рози, маргаритки,
Нити мирис на утринско кафе.

Некаде си го загубил клучот
До ѕвездените градини.

Веќе не чекориме заедно
По ноќното небо.
Не ткаеме соништа
На калемот од мисли
Нити го следиме конецот надолу кон земјата.

Нема да ме најдеш.
Низ животот одам босонога
Едвам допирајќи ја биднината.

НЕ ГИ ПАЛИ СВЕЌИТЕ

Не ги пали свеќите
За мене, мил мој,
Не ме довикувај.

Јас сум ноќна пеперутка
Ќе долетам до тебе,
Намамена од топлината и пламенот.

Моите крилја ќе изгорат
И ќе останам засекогаш
Со тебе и твоите зборови.

Превод од англиски на македонски јазик:
Весна Мундишевска-Велјановска
Translation from English into Macedonian:
Vesna Mundishevska-Veljanovska

Олга ЛАЛИЌ-КРОВИЦКА, ПОЛСКА (Olga LALIĆ-KROWICKA, POLAND)

УДК 821.162.1-1

Пишување

Имаш цвет од портокал
Мириса до болка.
Светот го облекол во ништоста на убавината.
Тој е прониклив.
Сакаат мајонез со црн пипер.
Јас – не.
Не сакам да му давам име на цветот
поинакво име.
Нишај ме мирису.
Ќе го посетиме апсолутот на хоризонтот.

СВЕТСКА ПРОШЕТКА

Светот излегува на прошетка
по вселената на сонце на дожд
излегува светот
мирисот на пролетта е пресврт.
Излегуваат ноќни пеперутчиња
на дланката кап пот.
О мои морски ветрови
изгрева сонот не изгрева рајот.
Сонот не е само убав,
нити бордо фустан,
сонот се ловците
кои се кријат
некаде над нас.

НЕБО

Влези во стаклото
тенка ти е линијата
влези во стаклото
биди мое ремек-дело
додека ги набљудувам главите...

Превод од српски на македонски јазик:
Весна Мундишевска-Велјановска
Translated from Serbian into Macedonian:
Vesna Mundishevska-Veljanovska

ПУНЧО ВАНГЧУК, БУТАН (BHUTAN)

УДК 82(541.31)-1

Можам ли да ја освојам твојата насмевка?

Може ли само еднаш да бидам
твоја насмевка, освоена
И со неа да си го облечам лицето
за да го лишам од тага обоена?
Да присуствувам на најголемиот
светски фестивал
И да се прогласам себеси
за целосен ривал.

Твојата насмевка не е
од Донателo создадена;
Ни смртта не може да ја повлече
во својата сенка предадена;
Ниту пак маестрално
Микеланцело ја насликал;
Затоа и со тек на времето
никој не би ја расипал.

На очите и усните
и на образите се јавува,
Како семе во срцето
длабоко посеано царува;
Ја просветлува дури
и земјава Стигија
И гради врз неа
со радости империја.
Велат „насмевката, насмевката
не чини ништо!“
Но, за мене, за жал!
Таа чини сешто;

Срца со болки и солзи изронети,
И души во прашина се
без неа в очај прогонети.

Сакам да го откријам коренот
на насмевката ти родна
Што на твоето лице
секогаш е плодна;
Дозволи ми да ја позајмам
без да се качувам на врв
Потребна ми е за целово тело,
мозок и крв.

Препев на македонски јазик: Звонко Танески
Translation into Macedonian: Zvonko Taneski

Ненад ТРАЈКОВИЌ, СРБИЈА (Nenad TRAJKOVICH, SERBIA)

УДК 821.163.41-1

I

Ме будиш заврзан со билки.
На раскрсницата изгубен патоказ.
Северницата падна во правта,
над замисленото око.
По гласот најобичен
треба да се појде.

II
Во едниот правец
змија кривулка,
во другиот ветер.
Да се појде по опасноста,
да им се подари животно сплотување на оние,
на кои ни сонот не сакаше да им сони
во зората на црешовиот плод.
Измачуваат приказните стари,
цветот што предолго не е.

III
Во шумата на исчезнатите стебла,
во секоја крошна бесилка.
Го повлеков канапот стар,
лисјето ѕвонеше.
Горе, над нас, настанува сè.
И карминот размачкан од небото,
само ги развлекува нозете,
под кои патот го скривам.

Жртвата е неизбежна,
лик имам, зборови не.

IV
Замислено само...
ни ти немаш.
Па, пак ме гониш
да го осознаам светот.
Да се сонува со реката,
која го донесува мирот,
малку е,
освен да се познава будното око,
да се види ангелот,
како над тебе бдее.

V
Светулките ја населуваат кожата,
и летам, и чекорам
низ маглата на врелите светови.
Домот е местото каде што се скриваш
на постојаниот пат кон беспаќето.
Во трепкањето времето се чува,
во трепкањето нешто ти молчам,
додека гледам, не зборувам.

VI
Опасно е да се сврти вниманието
кон расцветаната убавина.
Со гласот нечуен ги довикувам глувите.
Во маршот на изгубените војници,
ми доаѓаат дождови со совршени капки,
низ средината напукната
градат сфера,

околу црните молњи во судир.

VII
Мракот им се плаши во невидливоста.
Насмевката го затресува тлото
на плочата од кликерот
на која рибите пловат,
сè уште непребоени,
заради стравот во јакнењето:
чув дека времето е
и купив часовник без стрелки,
ја пронајдов другата страна:
исплашена за туѓи очи.

VIII
Во порекнување одот го прегрнав
и го растурив во бисерите.
Мапата е сега полна со дупки
од кои световите се будат
и нашите сватови
се често вонземјани.
Поради мене те познаваат најдобро
и твои пријатели се,
сал' не дарови од нив,
тие пекаат за нови светови.

Препев од српски на македонски јазик: Звонко Танески
Translation from Serbian into Macedonian: Zvonko Taneski

Мајлинда ШАЌИРИ, АЛБАНИЈА (Majlinda SHAQIRI, ALBANIA)

УДК 821.18-1

Во очите на моето сонце

Убиј ме!
Не свртувај ја главата, гледај напред,
никогаш не плачи за мене,
ако го сакаш мирисот на мојата крв,
ако ја сакаш бојата на мојата душа,
ќе ти го подарам мојот божур како спомен,
убиј ме,
но, веќе не со зборови,
по дождот што падна врз мене,
перницата сè уште е влажна,
гнездото макотрпно со години беше градено,
и ти ме уби ...!

Во очите на моето сонце,
нека се памти храбриот херој,
го уби гнездото и го руши покривот,
мојата крв нека биде твој спасител,
за твојот оган,
носи го на твоите рамена,
како најубав накит под кошулата,

Убиј ме...!

КАПКА ВОДА

Над лицето на месечината,
трепката сакам да ја ставам,
да пие вода од нејзиниот извор

да ги засити усните од неизмиен вкус,
потта ти ја подарувам,
за капка дожд од тебе,
капка вода од тупаница, жар,
да фрлам на твојот чекор.

Капка вода...
Капка вода од силата на гревот,
плетам рамка без зборови,
траекторијата на твојата патека,
допира кристалот на челото,
капка вода од силата на судбината,
да фрлам на облаците што следат,
да ја измиам плетенката од потта на челото,
да ја гаснам жедта која држи невреме...!

ЗАПОЗНАЈ СЕ СЕБЕСИ

Оди...!
Не го запирај чекорот дури и по дожд,
продолжи го патувањето по доба,
оди чекор по чекор броејќи,
почувствувај го успехот победувајќи!

Не трчај да ги достигнеш врвовите,
одењето не вреди,
трчај да се достигнеш себеси,
твојата причина и зборот *зошто*?

Разбери ги чекорите и шумолењето наоколу.
Оди по твоите патишта, ако успееш да ги најдеш,
клучевите на успехот,
запознај се себеси!

БЕШЕ БИСЕР

Таа побегна без вина,
како да не плачам?!
Ја скинав солзата од нејзината трепка,
на дланка ми остана море океан
и како да не плачам?!
Го откинав зракот од нејзиното сонце,
на гуша ми остана вжарна воздишка,
некој ме удри од назад и избега,
пред нозе падна еден бисер,
ќе се врати, ќе се врати, ми рече,
нешто ненадејно ми шепоти на уво,
пред нозе падна еден бисер,
ќе се врати во мај ми рече,
таа побегна без вина,
нејзиниот збор беше бисер...!

ИЗБЕГА

Ја соблеков ноќта од нејзината свилена облека,
црна, како чад од парталест пушач,
ја закачив гола над едно парче камен, црна,
како конфузија од гром над облаците,
се претвори во пепел
таму во близина на гола сенка,
се соблече ноќта,
на средба со нејзината страст ...
Таа...
Избега...!

Препев од албански на македонски : Адем Абдулаху
Translation from Albanian into Macedonian: Adem Abdulahu

Лидија ЧИЈАРЕЛИ, ИТАЛИЈА (Lidia CHIARELLI, ITALY)

УДК 821.131.1-1

Тајмс Сквер

Пушти ги
пушти ги уште еднаш
светлата на Тајмс Сквер.

Пушти ги за мене
на мојата последна ноќ во Њу Јорк.

Жешкиот воздух на улиците е нежна наметка
која ме обвиткува.

Како ветерници кои се движат постојано
не запирај го твојот танц.

Нека моите очи се изгубат
повторно
во твојот
вител
толку сладок
толку отровен.

ПОИНТ ЛОБОС

„Ништо не останува од морето, освен неговиот звук“/
„Балада за мамката со долги нозе“ Дилан Томас

Густиот сообраќај на *Highway One*
е зад нас.

Во тишината на летото
маглата наутро
ги опкружува темните карпи
а плимата полека го гушка песокот.

Слабиот сребрен сјај
на тиркизниот Пацифик
испраќа пораки на светлината
како патеката покрај брегот
што води до тајните лакови
каде солта е во воздухот.

Ненадеен лет на корморани
црта нови геометриски фигури на небото
и ние стоиме и го слушаме
немилосрдниот пулс на морето.

ГОЛЕМИОТ КАЊОН – НЕБЕСНА ПРОШЕТКА

И ти си го видел сонцето огнена птица која чекори по облаците на златното небо... “Youth calls to age” *Dylan Thomas*

Нереална прошетка,
чекориме напред
висејќи над амбисот
Реката Колорадо
се витка како мрзлива змија
под нас.

Во далечината
колобите на Хуалапи
во црвената земја
ја раскажуваат приказната
на гордиот народ

Гавраните во лет
одеднаш се појавуваат
под горливото сонце

додека пустинскиот ветер
што се крева од кањонот
нѐ обвиткува во својата топла прегратка

Препев од англиски на македонски: Даниела Андоновска-Трајковска
Translation into Macedonian: Daniela Andonovska-Trajkovska

Мабуле ЗАХАРИЈА РАПОЛА, ЈУЖНА АФРИКА (MABULE ZACHARIAH RAPOLA, SOUTH AFRICA)

УДК 82(680)-1

МОЈОТ ЗАТВОР

Од оваа страна на амбисот
постојано ги посетувам живите
мојот рапав глас лета
во насока на ветровите
за да собере уши кои ќе го стоплат неговото студенило.

Изморен сум од борба
со празнината.

Вчера една мачка кивна
во мојата чудност
денес мојата малечка внука ме поучуваше
за основите на животот
силуети на смеа и насмевки
танцуваат надвор од мојот досег.

Од оваа страна
повторно влегувам во мојот азил
каде темнината и мојот бес наоѓаат
поддршка,
Сѐ повеќе мојот пат за бегство од овој амбис
страда од задушување
од грмушката што расте покрај мочуриште.

ЗБОГУВАЊЕ

Сѐ додека последното диво милување
не ги претресе сомнителните пантолони и здолништа
возењата со воз на големи далечини и ремонтираните летови
избегнувајте ги страстите кои некогаш ги нудеа
градските улички и градските ноќни клубови
свесно пркосете им на привлечните мамки
бидејќи венците на ХИВ епидемијата
лебдат злокобно
зад претходно подготвените огледала
тргувајќи со секс без обврски

не е
сезона на танц за парење
кога патентот на пантолоните и полите на здолништата
лансираат смртоносни боеви глави и торпеда

тоа е
збогување со спонтаната страст

Препев од англиски на македонски: Даниела Андоновска-Трајковска
Translation into Macedonian: Daniela Andonovska-Trajkovska

Клаудија ПИЧИНО, ИТАЛИЈА (Claudia PICCINO, ITALY)

УДК 821.131.1-1

Гнев

Ако не ги најдам премините
или телата за преминување
тунел во душата се создава
и како паразит
ја голта.
Ако крикот
не ѝ помогне да одлета
во бетон се претвора оглувена.
Ако мирот
почивка не ѝ даде
станува тиранка,
навреди и отров шири
и секого
со поглед го скаменува.

МАЈКО МОЈА

Лудакот
по улици се соблекува
на погребите
секогаш се смее
и со конфети
од пцовки
сѐ опсипува.
На лудакот
му се ускратува
лудоста на Бадник
и под клуч го држат
за да не ја кажува
Вечниот одмор
на Богомладенецот.
Лудакот пее по рскрсниците
и го регулира сообраќајот
на птиците селици
и се одзива
само ако му викнеш:
„Вечен крст“„
„Седум убавици“
„Револвераш“
„О гитаристу“
...
Лудакот со телевизорот
разговара,
ги потопува очилата во кашата
и ако заскита
на секоја жена што ќе ја сретне
„Мајко“ ѝ вика.

Превод од српски на македонски: Борче Панов
Translation from Serbian into Macedonian: Borche Panov

Катарина САРИЌ, ЦРНА ГОРА (Katarina SARICJ, MONTENEGRO)

УДК 821.163.4(497.16)-1

Запурнина

Овие доцни запурничави августовски пладнија
и влажната постелнина на која паѓаат косите зраци на сонцето
низ полуспуштените ролетни
правејќи бразди налик на златна зебра
потсетуваат на поспани одоморалишта покрај патот
гостилници кои нудат сместување без пријави и такси
на спратот со шишиња со вода
наредени на балконот покрај земјените саксии.

Ме потсетуваат и на мувливите студенски соби
на страниците на џебните романи
во кои се редат имињата на Нана, Колет и Моне
и нивните љубовници кои најпрвин се бричат за да го истапат жилетот
а потоа им го додаваат во кадата со мирислива пена

на мазните нозе, свилените влечки, мушами и ноќници од тул
на тенките преградни ѕидови и тешките железни кревети
зад кои се слуша секој шум и повлекување на вода

Ме потсетуваат на разговорите со ладно пенливо вино,
 младо сирење и грозје
кое мрзливо го дофатувавме од лозницата над нас
и го јадевме неизмиено

дискутирајќи со полна уста
за влијанието на Симон на француските структуралисти
што таа неоспорно мораше да ја остави

барем до степен до кој Сартр влијаеше на филозофијата на
егзистенцијализмот
како да е тоа најважното прашање на светот
ако ја изземеме смртта на интелектот
мирисот на водените лилијани и крекањето на жабите
пак сме во суштината на почетокот.

МИХОЛСКО ЛЕТО[1]

Кога ќе дојде она време
во кое сѐ се собира и одзема,
а секогаш некако со михолското лето
доаѓа
кога презрева грозјето
и прска вода на устата
а старите се враќаат во камените куќишта
кој би знаел тогаш некој за што и да е
па го мешам житото со каколот
и не знам тогаш како воопшто сум жива
како успеав и како ја промаши
скоро секоја корпа
слепа кокошка

Како можев да ве сакам
и тебе и него
и овој и оној
повторувајќи ги
секогаш оние исти
малки слатки зборови
врзувајќи се за ситниците кои се налик една на друга
и сите ветени и сите медени
да се умре
до следната
зарем љубовта може да е, ако не верност до гроб
или само сме за широка потрошувачка
сите

ние
без разлика

како само можев да ги редам сликите
да се играм со стаклени мониста
со нервите
да расчепкувам во живецот
на нозете
да се раскинувам, па повторно да се сложувам
од прстите до темето
од тебе до него
до следната

блазе си им на оние
кои од домот и огништето
подалеку не гледаат
никогаш ништо
освен тој неа и таа него
и тоа парче обработлив двор
од сончевата страна
им е сѐ
им е сешто
кога ќе дојде она време кога ќе треба да одговорам пред животот
ќе го заврзам чамецот
на брегот,
а секогаш некако со златната есен
доаѓа да ме маѓепса
Јас ја мешам пченицата со плевата
Па во скок-одам понатаму.

1.Михолско лето - е името за метеоролошки феномен кога временските услови карактеристични за летната сезона продолжуваат и по почетокот на есента.

Превод од српски на македонски: Милица Димитријовска Радевска
Translation from Serbian into Macedonian: Milica Dimitrijovska Radevska

Лабуд ЛОНЧАР, ЦРНА ГОРА (Labud LONCHAR, MONTENEGRO)

УДК 821.163.4(497.16)-1

Ако ја премолчам песната

Ако ја премолчам песната
Додека гледам во твоите очи
Ластовиците ќе испозаспијат и
Скриени под твоите пазуви,
Засекогаш ќе останат заробени на југ.

Ако ја премолчам песната
Додека спиеш на моите раце
Онака поспана и далечна
Ќе престане дреноцутот и
Твоите мали раце
Ќе престанат да се подаваат и љубат.

Ако ја премолчам песната
Додека ги љубам твоите усни
Љубовта ќе престане да капе
Од стреите на надежта и исчекувањата
И нема да процветаат црешите
На овој брег на молчењето...

Ако ја премолчам песната
Ластовиците ќе престанат да доаѓаат
Од југ

БОЛИ УТРОТО

Кога во градите
Боли утрото и
Маглата ги покрива трагите
Од гранките ќе запее птица и
Далечината ќе ги донесе сликите
Заглавени во сеќавањата
На ликот на една жена.

Ветрот како рака на моме
На прозорецот тивко ќе чукне
И ќе го здоболи во градите утрото,
Ќе замириса на дуња од плакарот –
Собрана од небото
Со рацете на мојата мајка.

Боли во градите утрото...

УТРО

Утрото
Мириса на
Бело грло на жена,
На брашно и ореов лист.
Утро
Во магла што сонливо
Мрмори од реката
Ги плакне прозорите
И в небо забодените оџаци
Го довикува црвениот петел
Кој наежавен
На тлото на постелата
Чека да запее.
Утро
Со студени раце
Ги трие градите на моми
И им ги лади врелите бутови
Утро
Срамежливо ја носи песната
Откината од моите
Гризнати усни...

Препев од српски на македонски јазик: Петко Шипинкаровски
Translation from Serbian into Macedonian: Petko Shipinkarovski

Искра ПЕНЕВА, СРБИЈА (Iskra PENEVA, SERBIA)

УДК 821.163.41-1

Видар

Пушти ме да изгорам
Пепел искричав да се создадам
Со ветер лесно расеан
Во неопходниот воздух од Алпите

Влегувам во твоето око

Тоа го помни ликот
За којшто велиш дека е твоето Сонце
И со секое будење му велиш
Добро утро

А навечер
Пред средбата со сонот
Ги видаш раните на Сонцето
Со бакнежи

ПОЕТЕСАТА УМРЕ

Разговараш со нејзината неуронска копија
Одговорите ви ги праќа вештачката интелигенција
- Совршена машина без емоции

ПАРАЛЕЛЕН ЖИВОТ

I

Вечерва се вратив од работа
И во дневната соба ја затекнав
Најубавата глетка

Нашиот син и тебе додека играте шах

II

Вечерва се вратив од работа
И во дневната соба тишината ме пречека

Пуштам музика
Џез
Наливам црвено вино во чаша
И го започнувам танцот
Заспивам во прегратката на остриот вкус

ПУКНАТИНИ ВО SИДОВИТЕ НА ВРЕМЕТО

Напнувајќи ги мускулите
Го отворам тесниот процеп
Го раширувам силно со голи раце
И влегувам во пукнатините
Од едната до другата
Се провлекувам
Во недоглед

Летот ми е бавен
Низ лавиринтот на времето
Лебдам помеѓу нијансите на црната боја

Единствената граница
Која ја поставуваме пред нас
Се sидови на измислената спирала
Во која пропаѓаме
И се лизгаме по оревова лушпа
Низ бесконечноста
Во времето
До точката на неминовното
Запирање

Жарко МИЛЕНИЌ, БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА (Žarko MILENICJ, BOSNIA AND HERZEGOVINA)

УДК 821.163.4(497.6)-32

Моторцикл

Се потсети. Првиот рече нешто. Другиот му возврати. Првиот беше во право. Или другиот? Повеќе не беше сигурен. Тоа се случи за време на саемот. Беше пијан. И другиот. И третиот. Сите беа пијани. Секогаш ќе се опиеја кога имаше саем.

Не се сеќаваше ни кого го прободи. Кој од оние двајца? Ни со кои зборови идниот покојник го поттикна да изреагира така.

Беше трезен, наспан, и додека чекаше имаше време да размислува.

Немаше часовник на раката. А беше сигурен дека таа доцни. Секогаш доцнеше. Сите жени кои ги чекаше доцнеа. Женска работа.

Конечно пристигна. Насмеана како ништо да не било. Нему не му беше до смеење. Немаше причина за тоа.

Не му се извини што задоцни. Како ни тие пред неа. Што си мислат тие? Дека доцнењето е женска привилегија?

Му рече:

─ Знаеш ли што е ново?

Не одговори ништо на тоа. Зошто тој, би морал да знае што е ново кај неа. Зошто да биде сезнаен.

─ Бремена сум.

Ја знаеше таа приказна. Типична женска приказна. Сите тие подоцна истото го велат. Сите лажат исто. Штом ќе почувствуваат дека можат да си го изгубат мажот. Да го врзат со нешто. Божемно со дете. За да го врзат за олтарот.

Не беше тој наивен. Кога ќе слушнеше дека жената зборува за бременост, ја оставеше. Потоа би ја гледал само случајно. И тие не би биле бремени додека конечно не сретнат некоја будала. Оној кој навистина би помислил дека детето е негово.

А тој неа не ѝ го рече тоа што им кажуваше на другите. Не ја прекори за лагата. Не ѝ рече дека ја остава. Не ѝ рече ништо. Зборуваше во себе. Разговараше сам со себе.

Што ако е навистина бремена? Што ако зачнатото е навистина негово? Тоа кое расте во неа, и кое ќе расте надвор од неа, а без него. Татко. Татко кој ќе биде таму каде му е местото. Таму каде што е заради афектот, и треба да биде. Детето ќе израсне. Растено без татко. Ни прво, ни последно.

Ако е бремена, навистина бремена, ќе се ожени со неа. Таа жена која не е ни подобра ни полоша од претходните. Еднаш би требало да се смири. Но не во четири тесни ѕидови.

Дали ќе се израдува кога ќе ѝ го каже тоа?

Да. Сигурно ќе се израдува. Сите тие сонуваат за брак.

Би било добро ако може тој ритуал да се направи брзо. Многу брзо. Пред да разбере таа. Пред да заглави.

Но, што ако тоа не е вистина?

Не е важно. Подобро таму да каже дека има некој. Не само мајка. Дека има жена. Каква и да е. Тоа би му значело. Многу. Таа и мајка му ќе го посетуваат. Потоа ќе доаѓа со детето. Ако го има. Му го допре коланот. Знаеше што значи тоа. Курва. Секогаш беше курва. Нему до тоа не му беше дојдено. Со драга волја би го извадил коланот и би ја истепал. Да го запамети за сите времиња.

Но, тоа нема да го направи. Само ќе ѝ каже. Ќе ѝ го каже она што претходно не ѝ го рекол на ниту една жена:

─ Во ред. Ќе те земам за жена. Навистина ќе се оженам со тебе.

Се насмеа, сигурно. Изгледаше како да е среќна.

За разлика од него. Знаеше што го чека.

Зарем го сакаше? Зарем навистина го сакаше? Или само сакаше да се омажи. Има повеќе од дваесет. Време и е. Најде будала маж. Се молеше на Господ да го добие. И, го доби. Го улови.

Ама тој сега навистина сакаше да се ожени со неа. Посака и тој да се помоли. За да не се премисли таа. Тоа лесно може да се случи. И сигурно ќе се случи. Дури и ако е навистина бремена. Зарем на нејзиното дете му треба таков татко? Наскоро ќе дознае. Но нема да разбере од него. Ќе дознае цело село, па и таа. Зар сега треба да ѝ се каже? Да ѝ каже што направил недолично?

Нема да ѝ каже. Нема да се исповедува.

Зошто да не ѝ каже? Нека дознае. Прва нека дознае. Таа ќе му биде сопруга. Таа прва треба да дознае.

Да дознае што направил.

Но, ќе биде смешно. Да ѝ каже сè, а да не знае на кого му го направил тоа.

Ја фати за раката која се уште стоеше на неговиот колан. Ја зеде и ја бакна. Не се сеќаваше дека некогаш ѝ ја бакнал раката. Тоа го правеше одамна. Кога беше дете. Им ги бакнуваше рацете на старици.

─ Морам да одам. ─ изусти.

─ Зар веќе? - се зачуди.

─ Морам да одам, навистина...

─ Каде?

─ Не е важно. Но, ќе се видиме наскоро. Се надевам...

─ Каде ќе се видиме? Кога?

─ Не знам кога. Дојди кога ќе можеш. Побарај ме...

Тогаш тргна.

─ Збогум, ─ рече.

Прв пат не ја бакна на разделба.

Не се заврти наназад.

Седна на моторциклот. Јуреше. Знаеше каде треба да пејде.

Застана пред зградата. Пред сивата зграда во центарот. Да се пријави. Тие знаат што направил. Преостанува само уште тој да дознае кому му го направил тоа.

Тогаш се сети. Моторциклот. Не беше регистриран. Покрај тоа не беше ниту негов. Беше од брат му. А тој не ни имаше возачка дозола. Колку прекршоци одеднаш.

Го однесе моторциклот пред училиштето. Таму го паркира. Отиде до телефонската говорница. Телефонираше кај брат му.

Никој не се јави.

Потоа замина таму каде што требаше да оди. Да се пријави и да остане.

Превод: Елизабета Јончиќ
Translation: Elizabeta Jonchikj

СОДРЖИНА

ПОЕЗИЈА

Радован П. ЦВЕТКОВСКИ 7
До мојот пријател сликар 7
Лидија ДИМКОВСКА 9
Куќата што се распаѓа 9
Весна МУНДИШЕВСКА-ВЕЛЈАНОВСКА 12
Во зенитот на мудроумот 12
Михајло СВИДЕРСКИ 14
Мајка 14
Снежана СТОЈЧЕВСКА 16
Празно место 16
Гордана СТОЈАНОСКА 19
Извор 19
Никола ИЛИЈОВСКИ 22
Поезија за деца од необјавената книга „Билет за еден смешен свет“ ... 22
Билјана ТАЛЕВСКА ДИМКО 25
Простено да ми е 25
Петар НАНЕВСКИ 27
Врисокот на Мунк 27
Кире НЕДЕЛКОВСКИ 30
Некој необичен немир… 30
Марија МЛАДЕНОВСКА-ДИМИТРОВСКА 33
Призрак 33
Љубица РИСТЕВСКА 36
Немир 36
Милица ДИМИТРИЈОВСКА РАДЕВСКА 39
Декември 2018 39

ПРОЗА

Петре ДИМОВСКИ 43
Ловци 43
Никола КОЧОВСКИ 47
Лепрозен (дел) 47
Габриела СТОЈАНОСКА-СТАНОЕСКА 52
Карантински мртви дни 52
Јована МАТЕВСКА АТАНАСОВА 56
Виничанската шира 56

ДРАМА

Игор ПОП ТРАЈКОВ 61
Кога синот сонува.....61

СОГЛЕДБИ

IN MEMORIAM: ПАНДЕ МАНОЈЛОВ 69
Кратка биографија 69
Звонко ТАНЕСКИ 84
Цикличноста на формите во поетскиот израз на Ристо Василевски.....84
Златко ЖОГЛЕВ 90
ТВОРЕЧКО ПРИЈАТЕЛСТВО SUB SPECIAE AETERNITATIS (СПОРЕД УРНЕКОТ НА ВЕЧНОСТА): Веле Смилевски и Раде Силјан 90
Елизабета ЈОНЧИЌ 98
„Фауст го трча плебејскиот круг“ – естетско искуство на сложена композициска мотивација 98
Радомир ВИДЕНОВИЌ 103
Впечатоци за ноќниот градинар Георги Старделов 103
Зоран ПЕЈКОВСКИ.....108
Анализа на едночинката „Гладна кокошка просо сонуе“ од Блаже Конески.....108
Ана ВИТАНОВА-РИНГАЧЕВА.....134
Фолклорот како животен позив: (Кон петте децении собирачка дејност на современиот македонски фолклорист Иван Котев).....134
Даниела АНДОНОВСКА-ТРАЈКОВСКА.....142
Историско-уметнички запис за постоењето (за „Хераклеа Линкестис“ од Вања Ангелова, Друштво на писатели „Битолски книжевен круг“ – Битола, 2018).....142

КНИЖЕВЕН МОЗАИК

Франциско БРИНЕС, ШПАНИЈА (Francisco BRINES, SPAIN).....149
Песна на бессоните.....149
Иван ХРИСТОВ, БУГАРИЈА (Ivan HRISTOV, BULGARIA) 150
Б’ДИН* XVI.....150
Мигел АЛЕКСАНДРО ВАЛЕРИО, ДОМИНИКАНСКА РЕПУБЛИКА (Miguel ALEJANDRO VALERIO, REPUBLICA DOMINICANA).....151
Во сеќавање.....151
Роуз АУСЛЕНДЕР, АВСТРИЈА - УНГАРИЈА (Rose AUSLÄNDER, AUSTRIA – HUNGARY) 152
Тишина 152

Жермен ДРОГЕНБРОТ, БЕЛГИЈА – ШПАНИЈА (Germain DROOGENBRODT, BELGIUM – SPAIN) 153
Преминување 153
Фредерик МЕЈРЕКЕР, АВСТРИЈА (Friederike MAYRÖCKER, AUSTRIA) 154
Што ти треба? 154
Ливиу ГАФТЕА, РОМАНИЈА (Liviu GAFTEA, ROMANIA) 155
На покривот на светот 155
Рајнер КУНЦ, ГЕРМАНИЈА (Reiner KUNZE, GERMANY) 156
Корекција 156
Дуан ГУАНГ, КИНА (Duan GUANG, CHINA) 157
Јаловото поле 157
Џорџе ПАУН, РОМАНИЈА (Gheorge PĂUN, ROMANIA) 158
Часовничар на виножита 158
Марија ОКСИЛАДОРА АЛВАРЕЗ, ВЕНЕЦУЕЛА (María AUXILIADORA ÁLVAREZ, VENEZUELA) 159
Звукот на постоењето 159
Лука БЕНАСИ, ИТАЛИЈА (Luca BENASSI, ITALIA) 160
Опсада 160
ЖЕРМЕН ДРОГЕНБРОТ, БЕЛГИЈА - ШПАНИЈА, (Germain DROOGENBROODT, BELGIUM - SPAIN) 161
Светлината 161
Паула РОМАНЕСКУ, РОМАНИЈА (Paula ROMANESCU, ROMANIA) 162
А што ако љубовта е во право? 162
Георги КОНСТАНТИНОВ, БУГАРИЈА (Georgi KONSTANTINOV, BULGARIA) 163
Крилато заложништво 163
Жермен ДРОГЕНБРОТ, БЕЛГИЈА - ШПАНИЈА) (Germain DROOGENBRODT, BELGIUM - SPAIN) 164
Пишување поезија 164
Арменухи СИСИЈАН, ЕРМЕНИЈА (Armenuhi SISYAN, ARMENIA) .. 165
Топлина 165
Ида ВИТАЛЕ, УРУГВАЈ (Ida VITALE, URUGUAY) 166
Остаток 166
Адам ЗАГАЈЕВСКИ, ПОЛСКА (Adam ZAGAJEWSKI, POLAND) . 167
Сѐ уште не е време да живеам во песна 167
БАШО. ИСА. БУСОН. КИОРОКУ. МОРИТАКЕ 168
Хаику 168
Франциско ДЕ АЗИС ФЕРНАНДЕЗ, НИКАРАГВА (Francisco DE ASÍS FERNÁNDEZ, NICARAGUA) 170
Мојата среќна средба 170

Михо НОНАКА, ЈАПОНИЈА – САД (Miho NONAKA, JAPAN – USA). 171
Есенска белешка 171
Алваро МАТА ГИЖЕ, КОСТА РИКА (Alvaro MATA GUILLÉ, COSTA RICA) 173
без наслов 173
Раед АНИС АЛ-ЈИШИ, САУДИСКА АРАБИЈА (Raed ANIS AL-JISHI, SAUDI ARABIA) 176
Апсолутна власт 176
Алицијa Марија КУБЕРСКА, ПОЛСКА (Alicja Maria KUBERSKA, POLAND) 179
Разделба 179
Олга ЛАЛИЌ-КРОВИЦКА, ПОЛСКА (Olga LALIĆ-KROWICKA, POLAND) 181
Пишување 181
ПУНЧО ВАНГЧУК, БУТАН (BHUTAN) 183
Можам ли да ја освојам твојата насмевка? 183
Ненад ТРАЈКОВИЌ, СРБИЈА (Nenad TRAJKOVICH, SERBIA) 185
I 185
Мајлинда ШАЌИРИ, АЛБАНИЈА (Majlinda SHAQIRI, ALBANIA) 188
Во очите на моето сонце 188
Лидија ЧИЈАРЕЛИ, ИТАЛИЈА (Lidia CHIARELLI, ITALY) 191
Тајмс Сквер 191
Мабуле ЗАХАРИЈА РАПОЛА, ЈУЖНА АФРИКА (MABULE ZACHARIAH RAPOLA, SOUTH AFRICA) 194
МОЈОТ ЗАТВОР 194
Клаудија ПИЧИНО, ИТАЛИЈА (Claudia PICCINO, ITALY) 196
Гнев 196
Катарина САРИЌ, ЦРНА ГОРА (Katarina SARICJ, MONTENEGRO) .. 198
Запурнина 198
Лабуд ЛОНЧАР, ЦРНА ГОРА (Labud LONCHAR, MONTENEGRO) . 201
Ако ја премолчам песната 201
Искра ПЕНЕВА, СРБИЈА (Iskra PENEVA, SERBIA) 204
Видар 204
Жарко МИЛЕНИЌ, БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА (Žarko MILENICJ, BOSNIA AND HERZEGOVINA) 207
Моторцикл 207

РАСТ – Списание за книжевност, уметност и култура
бр. 23/ 2021

Издавач: Битолски книжевен круг – Битола
Ул. „Ленинова“ бб, 7000 Битоа
Жиро-сметка: 500000000616559
Даночен број: 4002008505311
Депонентна банка: Стопанска банка а.д. Битола
За издавачот
Елизабета Јончиќ, претседател

Лектор:
проф. д-р Трајко Огненовски

Компјутерска обработка и дизајн на корица:
Даниела Андоновска-Трајковска

Слика за корица:
Симонида Филипова Китановска

Печати:
„Ин Дизајн студио“ – Скопје

Тираж:
300 примероци
Битола, октомври 2021 г.

Прилозите се испраќаат на електронската адреса на списанието rastbkk@gmail.com со фонт Times New Roman со кирилична поддршка, големина 12 и единечен проред.

Првиот број на „РАСТ“ излезе од печат во 2001

ISSN 1409–9330 **УДК 82+7+008**